СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 165 Год. LXIV | Вторник, 30 декември 2008 | Цена на овој број е 450 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3458.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.....	2
3459.	**Закон** за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната.....	5
3460.	**Одлука** за давање согласност на статутот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола	6
3461.	**Одлука** за именување заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници.....	6
3462.	**Одлука** за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски.....	6
3463.	**Одлука** за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги.....	6
3464.	**Одлука** за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци.....	6
3465.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.....	7
3466.	**Одлука** за именување на член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.....	7
3467.	**Одлука** за помилување на осудени лица по повод Новата 2009 година.....	7
3468.	**Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје....	8
3469.	**Одлука** за изменување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ – Скопје....	8
3470.	**Одлука** за донесување на Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2009 година.....	9
3471.	**Упатство** за изменување на Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата.....	19
3472.	**Правилник** за начинот на изготвување на ранг листата, утврдувањето на процентот на најголеми, односно најмали отстапувања од добиените показатели, процентот на зголемување, односно намалување на платата на наставникот, како и начинот на намалување, односно зголемување на платата на наставникот во основно училиште во рамките на утврдени проценти.....	20

		Стр.
3473.	**Правилник** за начинот на изготвување на ранг листата, утврдувањето на процентот на најголеми, односно најмали отстапувања од добиените показатели, процентот на зголемување, односно намалување на платата на наставникот, како и начинот на намалување, односно зголемување на платата на наставникот во јавно средно училиште во рамките на утврдени проценти.....	**20**
3474.	**Правилник** за начинот на организирање и спроведување на проверувањето на постигањето на успехот на учениците, како и начинот на утврдувањето на завршните оценки на ученикот во јавните средни училишта.....	**21**
3475.	**Правилник** за начинот на организирање и спроведување на проверувањето на постигањето на успехот на учениците, како и начинот на утврдувањето на завршните оценки на ученикот во основните училишта.....	**26**
3476.	**Правилник** за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за детергенти за рачно миење на садови.....	**28**
3477.	**Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.....	**47**
3478.	**Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.....	**47**
3479.	**Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.....	**47**
3480.	**Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.....	**47**
3481.	**Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.....	**48**
3482.	**Решение** за конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности.....	**48**
3483.	**Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.....	**48**
	Меѓународни договори	
35.	**Закон** за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.....	**1**
36.	**Закон** за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според Компонента V (IPARD) од Инструментот.....	**30**
37.	**Закон** за ратификација на Протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласување на царинските постапки	**211**
	Огласен дел.....	**1-32**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3458.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2008 година.

Бр. 07-5823/1
29 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005 и 13/2007), во членот 2 точка 7 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- физички лица, сегашни корисници на градежно земјиште во државна сопственост кои правото на користење на земјиштето го стекнале врз основа на договор за дар, договор за доживотна издршка и договор за располагање со имот за време на живот, склучен меѓу поранешниот сопственик и неговите законски наследници според прописите за наследување;".

Член 2

Во членот 5 став (1) зборовите: "и општите акти што ги заменуваат урбанистичките планови" се бришат.

Член 3

Во членот 6 став (1) зборовите "и актите што ги заменуваат тие планови" се бришат.

Член 4

По членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

"Член 6-а

Градежното изградено земјиште на кое се изградени станови, деловни простории, визби, гаражи и други посебни делови од станбени и деловни згради што имаат два или повеќе станови, односно деловни простории и други посебни делови кои се во сопственост на различни физички или правни лица (етажна сопственост), не е предмет на приватизација."

Член 5

Во членовите 8, 30, 32 став (2), 49 став (2), 52, 54 ставови (2) и (3), 62, 69, 76, 77 ставови (2) и (3) и 80 став (1) зборот "Јавното" се заменува со зборот "Државното".

Член 6

Во членот 12 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Градежното земјиште може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на странски физички и правни лица корисници на градежно земјиште согласно со одредбите на овој закон и Законот за сопственост и други стварни права."

Член 7

Членот 14 се менува и гласи:

"(1) Градежното земјиште може да се приватизира во целост или во дел.

(2) Градежното земјиште може да се приватизира во површина на стекнатото право на користење, а во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место .

(3) Градежното земјиште на кое право на користење имаат правни лица може да се приватизира во рамките на градежната парцела дефинирана со детален урбанистички план.

(4) Градежното земјиште на кое право на користење имаат лицата од членот 2 точка 7 на овој закон, а за кое градежната парцела не е дефинирана со детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место, правото на приватизација може да го остварат во рамките на стекнатото право на користење ако за тоа нема пречки од правна или фактичка природа, односно во делот за кој такви пречки не постојат.

(5) Градежното земјиште може да се приватизира во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место, ако со актот врз основа на кој е стекнато правото на користење површината не е определена.

(6) Градежното земјиште може да се приватизира во површина на земјиштето под објектот стекнат со правна основа ако со детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место градежната парцела не е дефинирана.

(7) Градежното земјиште на кое постои право на користење, а не може да се приватизира заради тоа што влегува во друга градежна парцела, може да се даде во долготраен закуп до реализација на детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место."

Член 8

Во членот 17 став (1) по точката 6 сврзникот на крајот на реченицата се брише и се додава нова точка 7, која гласи:

"7) физички лица, сегашни корисници на градежно изградено земјиште во државна сопственост кои правото на користење на градежното земјиште го стекнале врз основа на стекнато право на сопственост на објект со правна основа од поранешен сопственик на земјиштето;".

Точката 7 станува точка 8.

Член 9

Во членот 18 став (2) точка 2 по зборовите: "државна сопственост" се додаваат зборовите: "освен во случаи утврдени во членот 17 став (1) точка 7 од овој закон".

Член 10

Во членот 27 зборовите: "четири години" се заменуваат со зборовите: "шест години".

Член 11

Во членот 28 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, кога барањето за приватизација се поднесува од лицата од членот 2 точка 7, а се однесува на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост од членот 14 ставови (3) и (4) на овој закон, кон барањето не се приложува извод од урбанистички план."

Ставот (4) станува став (5).

Член 12

По членот 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

"Член 28-а

(1) По барање на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, кога во постапка за приватизација на градежно земјиште, не може да се утврди својството на поранешна сопственост на земјиштето, барателот прилага уверение за редоследот на извршените промени во катастарската евиденција за земјиштето предмет на приватизација издадено од органот надлежен за водење на соодведната јавна книга за недвижности.

(2) По барање на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, во постапката за приватизација барателот приложува геодетски елаборат за нумерички податоци за формирање на градежна парцела."

Член 13

Во членот 29 став (2) по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

"- обврска за барателот кога надоместокот се плаќа на рати да доставува доказ за платен надоместок (во оргинал или заверена копија), најдоцна до 31 декември за тековната година."

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

"(3) Кога надоместокот за приватизација на градежното земјиште се плаќа во готово, клаузулата за правосилност се става по доставување на доказ за платен надоместок.

(4) Обврската за плаќање на надоместокот за приватизација на градежното земјиште на рати, се прибележува во соодветната јавна книга за недвижности."

Член 14

Во членот 46 став (2) бројот "2" се заменува со зборот "седум".

Член 15

Во членот 73 ставот (1) се менува и гласи:

"Градежното изградено земјиште на кое право на користење имаат правни лица на кое со детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место се задржува постојниот објект, не е предмет на приватизација во делот во кој е предвидена нова градба дефинирана како посебна градежна парцела."

Член 16

Во членот 82 ставот (2) се брише.

Член 17

Започнатите постапки за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост согласно со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2005 и 13/2007), ќе продолжат според одредбите на овој закон.

Започнатите постапки по барања за отуѓување на градежното изградено земјиште во сопственост на Република Македонија, согласно со Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2003, 59/2003, 84/2003, 20/2004, 43/2004 и 69/2004), до влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите на овој закон.

Започнатите постапки по барања за отуѓување на градежно изградено земјиште согласно Уредбата за начинот и постапката за отуѓување на градежно изградено земјиште сопственост на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2003, 59/2003, 84/2003, 20/2004, 43/2004 и 69/2004), ќе продолжат според Уредбата, ако:

- барателите го платиле данокот на промет на недвижности и права и е исплатена цената за земјиштето,
- барателите примиле архивски заведен договор од Министерството за финанси, заради плаќање на данок на промет на недвижности и цена за земјиштето и ако го платат во рокот определен во договорот, односно до 31 март 2009 година, доколку не е определен рок во договорот и
- во случаите од алинеите 1 и 2 на овој член е во тек оставинска постапка или треба да се води оставинска постапка за барателот .

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PRIVATIZIM DHE QIRAMARRJE TË TRUALLIT NDËRTIMOR NË PRONËSI SHTETËRORE

Neni 1

Në Ligjin për privatizim dhe qiramarrje të truallit ndërtimor në pronësi shtetërore ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 4/2005 dhe 13/2007), në nenin 2 në pikën 7, pas alinesë 3, shtohet aline e re 4 si vijon:

"-persona fizikë, shfrytëzues të tanishëm të truallit ndërtimor në pronësi shtetërore, të cilët të drejtën e shfrytëzimit të truallit e kanë fituar në bazë të marrëveshjes për dhurim, marrëveshjes për mbajtje të përjetshme dhe marrëveshjes për dispozicion me pronë gjatë jetës, të lidhur ndërmjet ish-pronarit dhe trashëgimtarëve të tij ligjorë sipas dispozitave për trashëgimi;."

Neni 2

Në nenin 5 paragrafi (1) fjalët: "dhe aktet e përgjithshme që i zëvendësojnë planet urbanistike" fshihen.

Neni 3

Në nenin 6 paragrafi (1) fjalët: "dhe aktet që i zëvendësojnë planet urbanistike" fshihen.

Neni 4

Pas nenit 6 shtohet nen i ri 6-a si vijon:

"Neni 6-a

Truall ndërtimor i ndërtuar në të cilën janë ndërtuar banesa, lokale afariste, bodrume, garazhe dhe pjesë tjera të veçanta të ndërtesave për banim dhe ndërtesave afariste që kanë dy ose më tepër banesa, përkatësisht lokale afariste dhe pjesë tjera të veçanta që janë në pronësi të personave të ndryshëm fizikë ose juridikë (pronësi katesh), nuk është lëndë privatizimi".

Neni 5

Në nenet 8, 30, 32 paragrafi (2), 49 paragrafi (2), 52, 54 paragrafi (2) dhe (3), 62, 69, 76, 77 paragrafi (2) dhe (3) dhe 80 paragrafi (1), fjala "Publike" zëvendësohet me fjalën "Shtetërore".

Neni 6

Në nenin 12 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2) si vijon:

"(2) Trualli ndërtimor mund të privatizohet nga pronësia shtetërore në pronësi të personave të huaj fizikë dhe juridikë shfrytëzues të tokës ndërtimore në pajtim me dispozitat e këtij ligji dhe të Ligjit për pronësi dhe të drejta të tjera themelore".

Neni 7

Neni 14 ndryshohet si vijon:

"(1) Trualli ndërtimor mund të privatizohet në tërësi ose në pjesë.

(2) Trualli ndërtimor mund të privatizohet në sipërfaqe të së drejtës së fituar për shfrytëzim, e në kuadër të parcelës ndërtimore sipërfaqja e së cilës është definuar me planin e detajuar urbanistik, planin urbanistik për fshat dhe planin urbanistik jashtë vendbanimit.

(3) Trualli ndërtimor për të cilën personat juridikë kanë të drejtën e shfrytëzimit mund të privatizohet në kuadër të parcelës ndërtimore të definuar me plan të detajuar urbanistik.

(4) Trualli ndërtimor për të cilën të drejtë shfrytëzimi kanë personat juridikë nga neni 2, pika 7 e këtij ligji, e për të cilën parcela ndërtimore nuk është definuar me plan të detajuar urbanistik, plan urbanistik për fshat, plan urbanistik jashtë vendbanimit, e drejta e privatizimit mund të realizohet në kuadër të së drejtës së fituar për shfrytëzim nëse për këtë nuk ekzistojnë pengesa të natyrës juridike ose faktike, përkatësisht në pjesën për të cilën pengesa të tilla ekzistojnë.

(5) Trualli ndërtimor mund të privatizohet në kuadër të parcelës ndërtimore sipërfaqja e së cilës është definuar me plan të detajuar urbanistik, plan urbanistik për fshat, plan urbanistik jashtë vendbanimit, nëse me aktin në bazë të të cilit është fituar e drejta e shfrytëzimit nuk është përcaktuar sipërfaqja.

(6) Trualli ndërtimor mund të privatizohet në sipërfaqen e tokës nën objektin e fituar në bazë juridike nëse parcela ndërtimore nuk është definuar me plan të detajuar urbanistik, plan urbanistik për fshat, dhe plan urbanistik jashtë vendbanimit.

(7) Trualli ndërtimor për të cilën ka të drejtë shfrytëzimi, por nuk mund të privatizohet për shkak se hyn në parcelë tjetër ndërtimore, mund të jepet në qira afatgjatë deri në realizimin e planit të detajuar urbanistik, planit urbanistik për fshat dhe planit urbanistik jashtë vendbanimit."

Neni 8

Në nenin 17 paragrafi (1) pas pikës 6 lidhësja në fund të fjalisë fshihet dhe shtohet pikë e re 7 si vijon:

"7) Persona fizikë, shfrytëzues të tanishëm të truallit ndërtimor të ndërtuar në pronësi shtetërore të cilët të drejtën për shfrytëzimin e truallit ndërtimor e kanë fituar në bazë të së drejtës së fituar me bazë juridike të pronësisë së objektit nga pronar i mëparshëm i tokës;".

Pika 7 bëhet pikë 8.

Neni 9

Në nenin 18 paragrafi (2) në pikën 2 pas fjalëve: "pronësi shtetërore" shtohen fjalët: "përveç në rastet e përcaktuara në nenin 17 paragrafi (1) pika 7 të këtij ligji".

Neni 10

Në neni 27, fjalët: "katër vjet" zëvendësohen me fjalët: "gjashtë vjet".

Neni 11

Në nenin 28, në paragrafin (3) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

"(4) Me përjashtim nga paragrafi (3) të këtij neni, kur kërkesa për privatizim parashtrohet nga personat nga neni 2, pika 7, e ka të bëjë me privatizimin e truallit ndërtimor në pronësi të shtetit prej nenit 14, paragrafi (3) dhe (4) të këtij ligji, me kërkesën nuk parashtrohet certifikatë nga plani urbanistik.''

Paragrafi (4) bëhet paragraf (5).

Neni 12

Pas nenit 28 shtohet nen i ri 28-a, si vijon:

‘Neni 28- a

(1) Me kërkesën e organit të administratës shtetërore kompetent për çështje pronësore-juridike, kur në procedurën për privatizimin e truallit ndërtimor nuk mund të përcaktohet cilësia e pronës së mëparshme të truallit, kërkuesi dorëzon Certifikatë për renditjen e ndryshimeve të bëra në evidencën kadastrale për truallin lëndë privatizimi të lëshuar nga organi kompetent për mbajtjen e librit publik përkatës për patundshmëri.

(2) Me kërkesën e organit të administratës shtetërore kompetent për çështje pronësore-juridike, në procedurën për privatizim kërkuesi dorëzon elaborat gjeodezik për të dhëna numerike për formimin e parcelës ndërtimore.’’

Neni 13

Në nenin 29, paragrafi (2) pas alinesë 5, shtohet aline e re 6, si vijon:

"-obligimi për kërkuesin kur kompensimi paguhet me këste të paraqesë dëshmi për kompensim e paguar (në origjinal ose kopje të vërtetuar) më së voni deri më 31 dhjetor për vitin rrjedhës.’’

Pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4) si vijojnë:

"(3) Kur kompensimin për privatizimin e truallit ndërtimor paguhet me para në dorë, klauzola për plotfuqishmëri vihet pas parashtrimit të provës për kompensim të paguar.

(4) Obligimi për pagimin e kompensimit për privatizim të truallit ndërtimor në këste, shënohet në librin publik përkatës për patundshmëri.’’

Neni 14

Në nenin 46, paragrafi (2), fjala ‘’2’’ zëvendësohet me fjalën ‘’shtatë’’

Neni 15

Në nenin 73 paragrafi (1) ndryshon si vijon:

‘’Trualli ndërtimor i ndërtuar në të cilin të drejtën për shfrytëzim e kanë personat juridikë në të cilin me plan të detajuar urbanistik, plan urbanistik për fshatra dhe plan urbanistik jashtë vendbanimeve mbahet objekti ekzistues, nuk është lëndë e privatizimit në pjesën në të cilën është paraparë ndërtim i ri i definuar si parcelë e veçantë ndërtimore.’’

Neni 16

Në nenin 82 paragrafi (2) fshihet.

Neni 17

Procedurat e filluara për privatizimin e truallit ndërtimor në pronësi shtetërore në pajtim me Ligjin për privatizim dhe qiramarrje të truallit ndërtimor në pronësi shtetërore (‘’Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë’’ numër 4/2005 dhe 13/2007), do të vazhdojnë sipas dispozitave të këtij ligji.

Procedurat e filluara ndaj kërkesave për tjetërsimin e truallit ndërtimor të ndërtuar në pronësi të Republikës së Maqedonisë, në pajtim me Dekretin për mënyrën dhe procedurën për tjetërsimin e truallit ndërtimor të ndërtuar në pronësi të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë’’ numër 13/2003; 59/2003; 84/2003; 20/2004; 43/2004 dhe 69/2004), deri në hyrjen në fuqi të këtij ligji do të vazhdojnë sipas dispozitave të këtij ligji.

Procedurat e filluara ndaj kërkesave për tjetërsimin e truallit ndërtimor të ndërtuar, në pajtim me Dekretin për mënyrën dhe procedurën për tjetërsimin e truallit të ndërtimor të ndërtuar në pronësi të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë’’ numër 13/2003; 59/2003; 84/2003; 20/2004; 43/2004 è 69/2004), do të vazhdojnë sipas Dekretit, nëse:

- kërkuesit e kanë paguar tatimin e qarkullimit të patundshmërive dhe të drejtave dhe çmimit të paguar për truallin,
- kërkuesit kanë pranuar marrëveshje të vërtetuar në arkiv nga Ministria e Financave, për shkak të pagesës së tatimit në qarkullim të patundshmërive dhe çmimit për truallin dhe nëse paguajnë në afatin e përcaktuar në marrëveshje, përkatësisht deri më 31 mars 2009 nëse nuk është përcaktuar afati në marrëveshje dhe
- nëse në rastet e alinesë 1 dhe 2 të këtij neni është në procedurë e trashëgimisë ose nëse duhet të mbahet procedurë trashëgimore për kërkuesin.

Neni 18

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

3459.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2008 година.

Бр. 07-5825/1
29 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

Член 1

Во Законот за цивилните инвалиди од војната ("Службен весник на СРМ" број 33/76, 25/79, 11/81, 4/85, 12/89, 17/91 и "Службен весник на Република Македонија" број 38/91 и 81/99), во членот 9 зборот "месечна" се заменува со зборот "нето".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

L I G J
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR INVALIDËT CIVILË TË LUFTËS

Neni 1

Në Ligjin për invalidët civilë të luftës (“Gazeta zyrtare e RSM” numër 33/76, 25/79, 11/81 dhe 4/85, 12/89, 17/91 dhe “Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 38/91 dhe 81/99) në nenin 9 fjala “mujore” zëvendësohet me fjalën “neto”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e shpalljes në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”, kurse do të zbatohet nga 1 janari 2009.

3460.

Врз основа на член 9 став 4 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008 и 103/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА

1. Собранието на Република Македонија дава согласност на Статутот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5838/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

3461.

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007 и 161/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

1. За заменик на директорот на Агеницијата за државни службеници, се именува Агрон Сефери, дипломиран правник.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5839/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

3462.

Врз основа на член 6 од Одлуката за одбележување на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 24/98 и 4/2003), а во врска со членот 2 од Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ број 147/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПЕТ ГОДИНИ ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БОРИС ТРАЈКОВСКИ

I. За претседател на Одборот за одбележување на пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски се избира:

Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

II. За членови на Одборот за одбележување на пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски се избираат:

1. Александар Спасеновски, пратеник;
2. Андреј Петров, пратеник;
3. Феми Јонузи, пратеник;
4. Бесим Догани, пратеник;
5. Роза Топузова-Каревска, пратеник;
6. Роберт Милчев, претставник од Фондацијата Борис Трајковски;
7. Горан Рафајловски, претставник од Фондацијата Борис Трајковски;
8. Иван Новаковски, претставник од Фондацијата Борис Трајковски;
9. Александар Колев, претставник од Фондацијата Борис Трајковски и
10. Дарко Костадиновски, претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5840/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

3463.

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИ УСЛУГИ

I. За претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги се именуваат

а) за претседател

- Силвана Мојсовска, дипломиран економист од Скопје, вонреден професор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Економски институт - Скопје,

б) за членови:

- Сејдин Абази, дипломиран машински инженер од Кичево, вработен како државен службеник во општина Зајас, Кичево и
- Славче Трпески, дипломиран правник од Скопје, вработен во Министерство за финансии.

II. Претседателот и членовите од точката I на оваа одлука се избираат со мандат од четири години.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5841/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

3464.

Врз основа на член 37 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 103/2008 и 124/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

I. За заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци се избира

- Јовица Страшевски, дипломиран правник од Гостивар, вработен во Дирекцијата за заштита на личните податоци.

II. Мандатот на заменик директорот од точката I на оваа одлука е пет години.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5842/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

3465.

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 118 став 5 и 119 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 91/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 96/2008, 97/2008, 106/2008, 139/2008 и 147/2008), во точката I потточка 9. Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана под в) за членови по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

"4) Бесим Догани".

Под г) за заменици членови по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

"4) Садије Илјази".

Во потточката 13 Комисија за транспорт, врски и екологија под г) за заменици членови по точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

"10) Садије Илјази".

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5843/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

3466.

Врз основа на член 31 ставови (2) и (8) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006 и 86/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 30 декември 2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

1. За член на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер се именува Билјана Петковска, извршен директор на Фондацијата „Македонски институт за медиуми“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-5844/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3467.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ПО ПОВОД НОВАТА 2009 ГОДИНА

I

Потполно се ослободуваат од натамошно извршување на казната затвор осудените лица:

1. Борче Атанас Миленков, од Македонска Каменица
2. Бранко Владе Ѓурић, од с.Тромеѓа – Куманово
3. Боро Китан Краљевски, од с.Доброшане
4. Горан Драган Најдовски, од Велес
5. Зоран Илчо Тодоров, од Свети Николе
6. Дејан Драги Павловски, од Крива Паланка
7. Џенгис Сабри Идризов, од Струмица
8. Бобан Драги Димовски, од с.Таор – Зелениково
9. Игор Младен Колески, од Охрид
10. Милош Симјан Димовски, од Охрид
11. Милчо Васе Трајанов, од с.Баница
12. Митре Живко Жекоски, од Гостивар
13. Натко Кољо Пандевски, од с.Баница
14. Омер Севлер Јашаров, од Куманово
15. Славе Васе Трајанов, од с.Баница
16. Симион Витко Димитриев, од с.Баница
17. Фатон Невзат Османи, од с.Равен
18. Ќамуран Асан Вејселов, од Велес
19. Џеладин Садик Ајдари, од с.Доброште
20. Емран Енвер Пашов, од Кавадарци
21. Енвер Зулфи Пашов, од Кавадарци
22. Ферди Зулфи Пашов, од Кавадарци
23. Маја Пецо Брушкоска, од Скопје
24. Сезаин Зекир Демиров, од с.Пепелиште – Неготино
25. Анчо Кочо Бошков, од Скопје
26. Етем Селам Таџедин, од с.Страчинци – Скопје
27. Никола Стојче Штатевски, од с.Џапари – Битола
28. Љубенчо Слободан Таневски, од Кочани
29. Дејан Живан Митревски, од Битола
30. Фестим Тасим Рочи, од с.Долна Белица-Струга
31. Александар Јован Јовановски, од Битола
32. Ахмед Туркијан Мемед, од Скопје
33. Каменчо Никола Николов, од Струмица
34. Марјан Драге Трајковски, од Скопје
35. Ферди Шабан Божа, од Прењец – Република Албанија
36. Џелил Назим Исени, од с.Студеничани – Скопје
37. Гунер Садем Амедовски, од Битола
38. Сашо Лазар Јанков, од Скопје
39. Звонко Киро Јорданоски, од Прилеп.

II

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на казната затвор осудените лица:

1. Арбен Беќир Аслан, од Скопје, во траење од 6 месеци

2. Бедри Абдулљатиф Фетаи од с.Мала Речица – Тетово, во траење од 6 месеци
3. Бељуљи Гарип Аљивеби од с.Боговиње – Тетово, во траење од 10 месеци
4. Герасим Савко Николовски од Крива Паланка, во траење од 10 месеци
5. Гоце Блажо Златковски, од Свети Николе, во траење од 10 месеци
6. Драган Герасим Вучковски од Струмица, во траење од 9 месеци
7. Драган Станко Васиќ од с.Умин дол – Куманово, во траење од 6 месеци
8. Ејуп Фета Јашари од с.Добарце – Тетово, во траење од 10 месеци
9. Емил Шчефанко Петејчук од Прилеп, во траење од 6 месеци
10. Емран Сукарно Ајроски од Прилеп, во траење од 6 месеци
11. Илјаз Назим Алими од с.Г.Длапкин Дол – Кичево, во траење од 6 месеци
12. Нецат Латиф Шабани од с.Србица – Кичево, во траење од 1 година
13. Садедин Ирфан Таировски од с.Лера – Битола, во траење од 6 месеци
14. Славица Велимир Ивановиќ од с.Чашка – Велес, во траење од 8 месеци
15. Илија Душко Пеичиновски, од с.Град – Делчево, во траење од 6 месеци
16. Аднан Сами Османи од Скопје, во траење од 6 месеци
17. Бобан Зоран Стојановски од Куманово, во траење од 6 месеци
18. Горан Ванчо Андонов од Делчево, во траење од 8 месеци
19. Драган Борис Стојаноски од Прилеп, во траење од 6 месеци
20. Никола Живко Гешовски од с.Кукуречани – Битола, во траење од 5 месеци
21. Нусрет Фариз Фаризи од Тетово, во траење од 6 месеци
22. Иван Ило Брзаков од с.Босилово, во траење од 1 година
23. Боби Аксентије Кочовски од Тетово, во траење од 6 месеци
24. Панче Ѓорѓи Пенчов од Штип, во траење од 6 месеци
25. Емилијан Николчо Колев од Пробиштип, во траење од 6 месеци
26. Бени Рустем Манев од Битола, во траење од 4 месеци
27. Благој Крсте Велевски од Битола, во траење од 3 месеци
28. Дејан Живорад Милошевиќ од Скопје, во траење од 3 месеци
29. Илчо Крсто Заов од с.Чифлик – Облешево – Чешиново, во траење од 6 месеци
30. Ладомир Димитрија Димитриоски од с.Подмол – Прилеп, во траење од 5 месеци
31. Стојче Николов Ристов од с.Облешево – Чешиново, во траење од 6 месеци
32. Ванче Павле Мијалчев од Скопје, во траење од 1 година
33. Драганчо Љубе Петров од Свети Николе, во траење од 4 месеци
34. Жаклина Христо Павловска од Скопје, во траење од 6 месеци
35. Илјази Илјаз Ремзи од с.Челопек – Тетово, во траење од 10 месеци
36. Рагим Калем Рифати од Охрид, во траење од 6 месеци
37. Рамазан Јусуф Бајрами од с.Арангел – Кичево, во траење од 1 година и 6 месеци.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1161
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3468.

Врз основа на член 11, став 1, точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ – СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ - Скопје, бр. 02.04-298/8 од 08.04.2008 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 8.04.2008 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6289/1
23 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3469.

Врз основа на член 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), член 88, став 1 и 2, член 89, став 1, 2 и 3 и член 135, став 5 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06 и 84/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ – СКОПЈЕ

Член 1

Во Одлуката за основање на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје бр. 19-2393/1 од 13 октомври 2005 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/05 и 101/05), во членот 4, ставот 8 се менува и гласи:

„Објектот кој се наоѓа на ул. „11 Октомври“ бр. 23-а, Скопје“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6289/2
23 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3470.

Врз основа на член 16, став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.12.2008 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

1. Се донесува Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2009 година.
2. Составен дел на оваа одлука е Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2009 година.
3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6949/1
23 декември 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

Согласно член 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2006, 36/2007 и 106/2008), потребите од енергија и од одделни видови енергија во Републиката и можностите за нивно задоволување со производство и од увоз се утврдуваат со Енергетски биланс на Републиката.

Енергетскиот биланс на Република Македонија го изготвува Министерството за економија, а го донесува Владата на Република Македонија, по претходно мислење од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Со Енергетскиот биланс за 2009 година се утврдуваат потребите од сите видови енергија и можности за нивно задоволување за одвивање на стопанскиот и јавниот живот во Републиката.

Оценките за потребите на поедини видови на енергија се засновани на остварувањата во 2008 година, на искажаните потреби од поедини видови енергенти од страна на поголемите потрошувачи, производителите и снабдувачите на енергија во Републиката за 2009 година.

Енергетскиот биланс на Републиката е годишен плански документ со кој се дефинираат потребите од енергија и можностите за нивно обезбедување.

ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС

Врз основа на подлогите за изготвување на Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2009 година, бруто потрошувачката на енергија во 2009 година се оценува дека ќе изнесува 128.540 TJ и ќе биде повисока за 2,20 % од остварената во 2008 година. Ова зголемување на вкупните потреби од енергија е резултат на најавените зголемени потреби од сите видови енергија, а посебно од нафтени деривати и природен гас.

Вкупните потреби од електрична енергија во Република Македонија во 2009 година се планира да изнесуваат 8.589 ГВтч. Вака планираните потреби од електрична енергија во 2009 година ќе бидат на ниво на реализираната потрошувачка на електрична енергија во 2008 година. Со цел за изготвување на пореален енергетски биланс, потребно е директните потрошувачи своите можности да ги најавуваат во рамките на стварно потребните количини на електрична енергија.

Планираните вкупни потреби од електрична енергија за тарифните потрошувачи за 2009 година се за околу 4,4% повисоки во однос на остварената реализација во 2008 година.

Бруто потрошувачката на јаглен во 2009 година е планирана да изнесува околу 7.985 милиони тони, што е скоро на ниво на остварувањето во 2008 година.

Планираната потрошувачката на кокс во 2009 година се предвидува да изнесува 76,92 илјади тони што во однос на остварувањето од 100,85 илјади тони во 2008 година е помало за 23,73 %. Причина за ова е планираниот генерален ремонт на една од печките во Д.О.О.Е.Л. Силмак Јегуновце која едновремено претставува и поголем потрошувач на кокс, како и планираните помали ремонти на останатите печки компанијата.

Планираните потреби од нафтени деривати во 2009 година се за околу 5% поголеми во однос на остварената потрошувачка во 2008 година. Ова зголемување произлегува од намалената потрошувачка во 2008 година, посебно кај моторните бензини и дизел горивата чија што цена посебно во првата половина на 2008 година беше висока. Доколку во 2009 година работи ТЕЦ Неготино потребно ќе биде да се обезбедат дополнителни количини на мазут.

Се оценува дека во 2009 година потрошувачката на природниот гас ќе биде зголемена за 32,33 % во однос на остварената потрошувачка во 2008 година. Ваквото зголемување се должи на најавените зголемени потреби на природен гас искажани од страна на АД ЕЛЕМ-Енергетика, поради рестартирање на когенеративната постројка која во 2009 година покрај топлинска ќе произведува и електрична енергија.

Планираната потрошувачка на огревно дрво за 2009 година ќе биде за 7,69 % поголема од остварената потрошувачка за 2008 година, заради се почеста употреба на огревното дрво во домаќинствата поради зголемена цена на топлинската енергија.

Во делот за обезбедување на потребите од енергија, производството на енергија е планирано врз основа на расположивите технички капацитети за производство, технолошките можности за преработка на енергија, како и можностите за увоз.

Производството на хидроелектраните и термоелектраните е планирано врз основа на планирањата и остварувањата во последните неколку години, очекуваната хидрологија и можностите за ангажирање на термоелектраните, како и планираните ремонтни активности кај истите. Едновремено за задоволување на потребите од електрична енергија се планира и увоз на електрична енергија или евентуално ангажирање на ТЕЦ Неготино доколку е тоа економски и технички оправдано. Вкупното производство на хидроелектраните во Република Македонија се предвидува да изнесува 944 ГВтч, од кои 802 ГВтч од производните капацитети на АД ЕЛЕМ и 142 ГВтч од малите хидроелектрани. Билансираното производство на електрична енергија на термоелектраните на јаглен во 2009 година изнесува 4.806 ГВтч, а соодветно на ова производство се планирани и потребните количини на јаглен и мазут. Увозот на електрична енергија за 2009 година се планира да изнесува 2.839 ГВтч. Производството и увозот на електричната енергија треба да бидат усогласени со цел да не се наруши стабилноста на електроенергетскиот систем во земјата.

Производството на јаглен во рудниците за јаглен во Републиката „Суводол“, „Осломеј“, „Дримкол - Лигнит“ и „Брик Берово“ е усогласено со расположивите руднички капацитети, остварувањата во претходната година, расположивоста на експлоатабилните резерви на јаглен, производството на електрична енергија во термоелектраните и потребите на потрошувачката на индустриските потрошувачи и широката потрошувачка.

Обезбедувањето на потребите од нафтени деривати ќе се врши со производство во Рафинеријата за нафта ОКТА и од увоз.

Производството на геотермална енергија е дефинирано согласно расположивите капацитети и потребите на потрошувачите во 2009 година, во регионите каде што се користи.

Согласно вака оценетите расположиви извори во Републиката и можностите за увоз, во задоволувањето на потребите од бруто потрошувачката на енергија во 2009 година, учеството на сопственото производство на енергија се оценува дека ќе изнесува 54,7 %, а увозот 45,3 %.

Во билансот исто така е дадена и оценка за потребни девизни средства за реализација на делот од билансот кој се однесува на увозната енергија. Според извршената анализа, за увоз на планираните количнни поодделни видови енергија потребни се вкупно околу 552.739.885евра.

Конкретни показатели за планираната потрошувачка, производство, увоз и извоз на вкупната енергија и поодделно за сите видови енергија се прикажани во табелите кои се составен дел на овој Биланс.

Табела 1

БРУТО ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА

1	2008 година		2009 година		Индекс
	Количина 2	10^3 TJ 3	Количина 4	10^3TJ 5	5/3 6
1. Електрична енергија (10^6 кВтч)					
а) производство	5.950	21,46	5.750	20,73	96,60
- хидро	898	3,24	944	3,40	104,94
- термо	5.053	18,22	4.806	17,33	95,11
б) увоз	2.700	9,74	2.839	10,23	105,07
в) извоз	-	-	-	-	
г) потрошувачка (а+б-в)	8.651	31,20	8.589	30,96	99,23
2. Јаглен (10^3 тони)					
а) производство	7.813	60,11	7.636	58,77	97,77
б) увоз	302	2,32	295	2,27	97,84
в) извоз	-	-	-	-	-
г) потрошувачка (а+б-в)	8.115	62,46	7.985	61,46	98,40
3. Кокс (10^3 тони)					
а) производство	-	-	-	-	-
б) увоз	100,85	2,78	76,92	2,12	76,26
в) извоз	-	-	-	-	-
потрошувачка (а+б-в)	100,85	2,78	76,92	2,12	76,26
4. Нафтени деривати (10^3 тони)					
а) производство	1.112,02	48,97	1.153,75	50,82	103,75
б) увоз	76,28	-	122,42	-	-
в) извоз	379,13	-	370,20	-	-
г) потрошувачка (а+б-в)	809,168	35,64	849,63	37,43	105,02
5. Природен гас ($10^6м^3$)					
а) производство	-	-	-	-	-
б) увоз	129,93	4,33	171,74	5,73	132,33
в) извоз	-	-	-	-	-
г) потрошувачка	129,93	4,33	171,74	5,73	132,33
6. Огревно дрво ($10^3м^3$)					
а) производство	650	7,08	700	7,62	107,69
б) увоз	-	-	-	-	-
в) извоз	-	-	-	-	-
г) потрошувачка (а+б-в)	650	7,08	700	7,62	107,69
7. Геотермална енергија (10^3TJ)		0,50		0,55	110
БРУТО ПОТРОШУВАЧКА		**125,77**		**128,54**	**102,20**
а) сопствено производство (%)	**(56,4 %)**	**70,93**	**(54,7%)**	**70,34**	
б) увоз (%)	**(43,6 %)**	**54,84**	**(45,3%)**	**58,20**	

Просечни топлински вредности на пооделни енергенти врз основа на кои се врши конверзија на мерните единици:

- електрична енергија 3600 KJ/кВтч,
- јаглен 7650 KJ/кг
- кокс 27600 KJ/кг
- нафтени деривати 43961 KJ/кг
- природен гас 33495 KJ/кг
- огревно дрво $10890*10^3$ KJ/$м^3$

Табела 2

ПЛАН НА ПОТРЕБИ ОД ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО 2009 ГОДИНА

- во мил.кВтч

	I	*II*	*III*	*IV*	*V*	*VI*	*VII*	*VIII*	*IX*	*X*	*XI*	*XII*	*Вкупно 2009*
I. ДИРЕКТНИ ПОТРОШУВАЧИ	**73**	**84**	**105**	**136**	**149**	**148**	**169**	**169**	**183**	**190**	**180**	**184**	**1770**
Подружница Енергетика	29	29	29	42	53	54	69	68	82	89	85	88	**717**
АД Макстил	16	16	16	17	16	17	16	10	22	26	23	26	**221**
МИТАЛ	4	5	5	5	6	6	8	4	6	8	7	6	**70**
Скопски легури	1	1	1	13	25	25	38	48	48	48	48	48	**344**
Останати потрошувачи	8	7	7	7	6	6	7	6	6	7	7	8	**82**
СИЛМАК – Јегуновце	16	28	36	35	36	35	36	36	35	36	35	36	**400**
ТИТАН Цементарница "Усје"	4	5	5	5	7	9	10	10	11	10	5	4	**85**
Инвестас	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
Македонски железници	2	2	2	2	2	2	2	2	2	2	2	2	**24**
Алумина	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
Бучим-Радовиш	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	1	**12**
Фениндустри	6	6	17	37	37	37	37	37	37	37	37	37	**362**
Рафинерија "ОКТА"	6	5	5	5	5	2	5	6	6	6	6	6	**63**
Рудник Суводол	7	7	8	8	7	7	7	7	7	7	7	8	**87**
Рудник Осломеј	2	1	2	1	1	1	2	2	2	2	2	2	**20**
II. ДИСТРИБУТИВНИ ПОТРОШУВАЧИ	**598**	**522**	**478**	**421**	**356**	**348**	**356**	**350**	**336**	**391**	**515**	**615**	**5286**
Индустриски потрошувачи	74	79	70	65	65	67	73	72	67	71	79	83	**865**
Домаќинства	415	342	318	285	224	212	214	203	200	246	338	415	**3412**
Останати потрошувачи	109	101	90	71	67	69	69	75	69	74	98	117	**1009**
III. ЗАГУБИ ВО МРЕЖАТА	**181**	**155**	**152**	**117**	**96**	**89**	**95**	**96**	**106**	**115**	**148**	**183**	**1533**
- во дистрибутивната	160	136	134	100	80	74	79	80	90	96	126	158	**1313**
- во преносната	21	19	18	17	16	15	16	16	16	19	22	25	**220**
ИЗВОЗ	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
ВКУПНО ПОТРЕБИ	**852**	**761**	**735**	**674**	**601**	**585**	**620**	**615**	**625**	**696**	**843**	**982**	**8589**

Табела 3

ПЛАН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО 2009 ГОДИНА

- во мил.кВтч

	I	II	III	IV	V	VI	VII	VIII	IX	X	XI	XII	**ВКУПНО**
Врток	29	15	12	8	8	24	22	12	0	4	30	35	199
Равен	4	2	1	1	1	3	3	1	0	1	3	4	**24**
Врбен	1	1	2	5	5	3	1	0	0	1	2	2	**23**
Тиквеш	13	10	8	6	9	9	2	7	7	4	7	10	**92**
Глобочица	14	14	11	7	14	12	10	10	10	7	11	11	**131**
Шпилје	17	20	26	18	25	25	17	15	15	8	20	24	**230**
Козјак	11	12	8	5	10	12	8	0	5	3	14	15	**103**
ВКУПНО ХЕ	**89**	**74**	**68**	**50**	**72**	**88**	**63**	**45**	**37**	**28**	**87**	**101**	**802**
ТЕ Осломеј	65	57	57	48	0	0	60	60	60	62	65	69	**603**
ТЕ Битола 1	144	135	139	133	0	5	136	132	136	138	139	144	**1380**
ТЕ Битола 2	144	135	139	133	139	90	0	47	135	136	138	144	**1380**
ТЕ Битола 3	144	135	139	133	139	132	137	92	0	110	138	144	**1443**
ТЕ Неготино	0	0	o	0	0	0	0	0	0	0	0	0	**0**
ВКУПНО ТЕ	**497**	**462**	**474**	**447**	**278**	**227**	**332**	**331**	**331**	**446**	**480**	**501**	**4806**
ВКУПНО ХЕ + ТЕ	**586**	**563**	**542**	**497**	**350**	**315**	**395**	**376**	**368**	**474**	**567**	**602**	**5608**
РОТ (макхидро)	7	11	18	15	13	10	7	5	6	5	4	8	**109**
ЕВН	2	1	2	2	3	0	2	2	2	1	1	2	**20**
Независни	1	1	1	1	1	1	2	1	1	1	1	1	**13**
Вкупно мали ХЕЦ	**10**	**13**	**21**	**18**	**17**	**11**	**11**	**8**	**9**	**7**	**6**	**11**	**142**
ВКУПНО ПРОИЗВОДСТВО	**596**	**549**	**563**	**515**	**367**	**326**	**406**	**384**	**377**	**481**	**573**	**613**	**5750**
Увоз од страна на директни потрошувачи	53	66	85	117	133	131	150	151	165	172	161	163	**1547**
Увоз за потребите на ДСО	77	63	67	42	32	28	31	33	43	43	55	74	**588**
Увоз за тарифни потрошувачи	126	83	20	0	69	100	33	47	40	0	54	132	**704**
ВКУПЕН УВОЗ	256	212	172	159	234	259	214	231	249	215	270	369	**2839**
ВКУПНО РАСПОЛОЖИВО	**852**	**761**	**735**	**674**	**601**	**585**	**620**	**615**	**625**	**696**	**843**	**982**	**8589**

Табела 4

РАСПРЕДЕЛБА НА СНАГИТЕ ПРИ УВОЗ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

	јан	**фев**	**март**	**април**	**мај**	**јуни**	**јули**	**август**	**септ**	**окт**	**ноем**	**дек**	**Вкупно**
Увоз ЕВН (GWh)	77	63	67	42	32	28	31	33	43	43	55	74	588
Денови	31	28	31	30	31	30	31	31	30	31	30	31	
Модулација	0,6	0,6	0,6	0,5	0,5	0,5	0,5	0,5	0,5	0,5	0,5	0,6	
Фактор	21,2	21,2	21,2	20,5	20,5	20,5	20,5	20,5	20,5	20,5	20,5	21,2	
Распредлба на моќноста при увозот на енергија од страна на ЕВН (за покривање на загубите над 11%)													
Дење	**117**	**106**	**102**	**68**	**50**	**46**	**49**	**52**	**70**	**68**	**89**	**113**	
Ноќе	**70**	**64**	**57**	**34**	**25**	**23**	**26**	**26**	**36**	**35**	**48**	**65**	

Табела 5

ПОТРЕБИ ОД НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ВО 2009 ГОДИНА

(во тони)

Дериват/корисник	Остварување 2008 год.	Биланс за 2009 год.	Индекс (3/2)	Структура (%)
1	2	3	4	5
1. Моторни бензини	**120.631**	**130.465**	**108,15**	15,35
МБ 96	/			
БМБ 91	/			
БМБ 95	88.838	43.650		
БМБ 98	31.793	21.549		
Еуросупер 95		43.717		
Еуросупер 98		21.549		
2. Дизел гориво	**305.846**	**350.786**	**114,70**	41,29
ЕЛ- 0,1	41.050	120.936		
ЕЛ	54.551	/		
Д-Е III	77.002			
Д-Е IV	131.243			
Д-Е V	2.000	23.850		
		206.000		
3. ТНГ – (пропан- бутан)	**51.290**	**55.405**	**108,02**	6,52
4. Мазут М-1 М-2	**314.823**	**280.000**[1]	**88,93**	32,96
5. Млазно гориво	**11.578**	**7.970**	**68,84**	0,94
7. Бигорива	**5.000**	**25.000**	**500,00**	2,94
ВКУПНО:	**809.168**	**849.626**	**105,00**	**100**

[1] Доколку во 2009 година работи ТЕЦ Неготино потребно е да бидат обезбедени дополнителни количини на мазут

Табела 6

ПЛАН НА ПРОИЗВОДСТВО НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ ВО РАФИНЕРИЈА ОКТА ВО 2009 ГОДИНА

(во тони)

Дериват	Оценка за произв.на деривати во Рафинерија ОКТА во 2008	План на произв.на деривати во Рафинерија ОКТА во 2009
1. Моторни бензини	**199.899**	**200.000**
- БМБ-95	168.155	137.500
- БМБ-91	/	/
- МБ-96	/	/
- БМБ-98	31.744	62.500
2. Дизел гориво	**447.041**	**443.750**
ЕЛ -01	39.050	131.250
ЕЛ	51.301	/
Д Е-ИИИ	75.264	/
ДЕ -ИВ	281.426	/
ДЕ - В	/	312.500
3. ТНГ – (пропан- бутан)	**23.719**	**23.750**
4. Мазут	**424.823**	**462.500**
М	-	-
М 1	-	-
М 2	424.823	462.500
5. Млазно гориво	**16.534**	**23.750**
6. Друго		-
ВКУПНО:	**1.112.016**	**1.153.750**
Вкупно преработена сурова нафта	**1.225.427**	**1.250.000**

Табела 7

ПОТРЕБИ ОД ЈАГЛЕН ВО 2009 ГОД.

(во тони)

Потрошувачи	камен јаглен		темен јаглен		лигнит		вкупно		индекс
	остварено 2008	потреби 2009	остварено 2008	потреби 2009	остварено 2008	потреби 2009	остварено 2008	потреби 2009	
	1	2	3	4	5	6	7	8	(8/7)
1. Силмак-Јегуновце	42.428	24.000	-	-	43.813	50.000	86.241	74.000	85,80
2. Фениндустри-Кавадарци	160.853	187.386	-	-	24.835	30.505	185.688	217.891	117,34
3. Тетекс-Тетово	-	-	-	-	24.508	27.700	24.508	27.700	113,02
4. АД"Макстил"-Ск	2.420	3.469	-	-	-	-	2.420	3.469	143,34
5. Димко Митрев – кожара, Велес	-	-	-	-	3.298	6.000	3.298	6.000	181,93
6.Шеќерана Битола					33.048	70.000	33.048	70.000	211,81
ВКУПНО ИНДУСТ.	**205.701**	**214.855**	-	-	**129.502**	**184.205**	**335.203**	**399.060**	119,05
ПОТРОШУВАЧИ									
ТЕРМОЕЛЕКТРАНИ					**7.772.204**	**7.557.000**	**7.772.204**	**7.557.000**	97,23
- ТЕ БИТОЛА I,II,III					6.549.562	6.468.000	6.549.562	6.468.000	
- ТЕ ОСЛОМЕЈ					1.222.642	1.089.000	1.222.642	1.089.000	
ШИРОКА ПОТРОШ.					**8.000**	**9.000**	**8.000**	**9.000**	112,50
ВКУПНО:	**205.701**	**214.855**	-	-	**7.909.706**	**7.750.205**	**8.115.407**	**7.985.060**	93,39

Табела 8

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ ОД ЈАГЛЕН ВО 2009 ГОДИНА

(во тони)

Потрошувач	**Камен јаглен**		**Темен јаглен**		**лиг нит**	
	Сопствено произв.	Увоз	Сопствено произв.	Увоз	Сопствено произв.	увоз
1. Индустрија	-	**214.855**	-	0	103.700	80.505
2. Широка потрошувачка	-	-	-	-	9.000	-
3. ТЕЦ	-	-	-	-	**7.557.000**	-
ВКУПНО		**214.855**		**0**	**7.636.000**	
Цена на : камен јаглен 85 евра/тон лигнит 53 евра/тон дрвен јаглен 299 евра/тон						

Табела 9

ПОТРЕБИ ОД КОКС ВО 2009 ГОДИНА

(во тони)

Потрошувач	**Остварено во 2008 (1)**	**Потреби во 2009 (2)**	**индекс (2/1)**
1. Фенииндустри – Кавадарци	4.102	5.272	128,52
2. Шеќерана – Битола	305	600	196,72
3. АД Цементарница "ТИТАН"- Скопје[11]	95.330	69.360	72,75
4. АД "Макстил"-Ск	1.116	1.692	151,61
5. Силмак-Јегуновце	/	/	/
ВКУПНО:	**100.853**	**76.924**	**76,27**

Цена на петрол коксот 139 евра/тон
Цена на кокс 362,70 $ уса/тон
Цена на кокс 360 евра/тон

[1] петрол кокс

Табела 10

ИСПОРАЧАНА КОЛИЧИНА ПРИРОДЕН ГАС ВО 2008 ГОДИНА И ПЛАН НА ПОТРЕБИ ВО 2009 ГОДИНА

10^6 Nm^3

Потрошувач	*2008*	*2009*
1. 11 ОКТОМВРИ ФЗЦ	3,46	5,00
2. ЕЛЕМ АД СКОПЈЕ	14,65	28,56
3. ЕВРОПА АД СКОПЈЕ	1,03	1,02
4. КОМУНА ХОЛДИНГ	2,11	4,48
5. ОХИС ПРОИЗВОДСТВО	1,72	5,60
6. МИТАЛ СТИЛ	11,87	15,40
7. РЖ ИНСТИТУТ	0,82	1,10
8. ПИВАРА АД	3,64	4,23
9. ТОПЛИФИКАЦИЈА	52,63	60,00
10. СКОПЈЕ СЕВЕР АД	3,51	4,00
11. ТУТУНСКИ КОМБИНАТ Куманово	0,06	0,06
12. ТИТАН УСЈЕ АД	2,26	2,50
13. ЖИТОЛУКС АД	2,41	2,60
14. ЈСП СКОПЈЕ ЦНГ	0,35	0,00
15. МАКСТИЛ АД	26,72	33,90
16. РМ МНО 4420	2,07	2,07
17. МАКАУТО СТАР	0,06	0,06
18. КОКА ПУЛП	0,32	0,32
19. ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА	0,05	0,05
20.МЕЛПЕК СКОПЈЕ	0,19	0,79
ВКУПНО:	**129,93**	**171,74**

Табела 11

ПОТРЕБИ ОД ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА ВО 2009 ГОДИНА

Потрошувачи	**Остварување во 2008**		**Потреби за 2009 година**	
	м3	**TJ**	**м3**	**TJ**
1. Геотерма - Кочани	1.031.600	242,72	1.252.000	294,57
2. АД Оранжерии с.Хамзали -Босилово	719.840	169,37	719.840	169,37
3. Ромеро Македонија – Виница	254.000	59,76	335.000	78,82
В К У П Н О :	**2.005.440**	**471,85**	**2.306.840**	**542,76**

Табела 12

ОЦЕНКА ЗА ПОТРЕБНИТЕ ДЕВИЗНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС ВО 2009 ГОДИНА

Енергент	Планиран увоз	Единечна цена (ЕУР/-)	Вкупно потребни средства (ЕУР)
1. *Електрична* енергија	2.839 мил.KWh	**0,070 €/kWh**	198.730.000
2. Јаглен - камен (антрацит) - сушен лигнит	214.855 т 80.505 т	**130 €/т** **95€/т**	27.931.150 7.647.975
3. Кокс - петрол кокс	7.564 т 69.360 т	**265 €/т** **140 €/т**	2.004.460 9.710.400
4. Течни горива	873.545 т	**300 €/т**	262.063.500
5. Природен гас	171.740.000 Nm^3	**0,260€/** Nm^3	44.652.400
ВКУПНО:			**552.739.885**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

3471.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија", број 113/2007, 22/2008 и 159/08), министерот за финансии донесе

У П А Т С Т В О
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ ВО ЗЕМЈАТА

1. Во Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата („Службен весник на Република Македонија" број 161/07, 56/08, 114/08 и 149/08), во делот II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПЛАТНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ, во точката 8, потточка 8.2 Елементи на инструментот Налог за исплата на готовина (образец ПП40), во Содржина на елементите и нивно пополнување, точката 10 се менува и гласи:

„10. Елементот матичен број на примачот (ЕМБГ), е нумерички податок кој се внесува во 13 полиња. Го впишува учесникот на начин како што е евидентиран во документот и служи како потврда за идентификација при подигање на готовината."

Во потточката 8.8 Елементи на инструментот Збирен налог за плаќање на плата на товар на сметката на еден налогодавач, а во полза на повеќе примачи (образец ПП53), во делот Содржина на елементите и нивно пополнување, точката 17 се менува и гласи:

„17. Елементот „повикување на број – одобрување", е податок во кој доколку се исплатува нето плата по потреба се внесува дополнителна информација за примачот на нето платата, а доколку се плаќаат придонеси или персонален данок, задолжително се внесува соодветната „уплатна сметка", „приходна шифра" и „програма".

Точката 19 се менува и гласи:

„19. Елементот "начин" (на плаќање), е нумерички податок кој го пополнува учесникот-уплатувач, односно налогодавачот и тој укажува дали налогодавачот бара да се изврши уплатата итно (преку МИПС-системот на НБРМ), преку системите за одложено порамнување, или на друг начин. Ако овој податок не е впишан од страна на налогодавачот, тогаш нема третман на итно плаќање."

2. Во Прилогот „ШИФРИ НА ПЛАЌАЊЕ КАЈ ЕДИНСТВЕНИТЕ ПЛАТНИ ИНСТРУМЕНТИ", шифрата „245" се менува и гласи:

„245 – Плаќање по основ на извршени сметководствени услуги помеѓу правните субјекти."

Шифрата „294" се менува и гласи:

„294 – Плаќање на /од физички лица по основ на извршени сметководствени услуги."

3. Во Упатството за изменување и дополнување на Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата („Службен весник на Република Македонија" број 56/08), во точката 13 зборовите: „1 јануари 2009 година" се заменуваат со зборовите: „1 август 2009 година".

4. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" .

Број 12 – 48947/2
25 декември 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

3472.

Врз основа на член 97 став 9 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА РАНГ ЛИСТАТА, УТВРДУВАЊЕТО НА ПРОЦЕНТОТ НА НАЈГОЛЕМИ, ОДНОСНО НАЈМАЛИ ОТСТАПУВАЊА ОД ДОБИЕНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ, ПРОЦЕНТОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, ОДНОСНО НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА НАСТАВНИКОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА НАСТАВНИКОТ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО РАМКИТЕ НА УТВРДЕНИ ПРОЦЕНТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на изготвување на ранг листата за отстапување од добиените показатели, утврдувањето на процентот на најголеми, односно најмали отстапувања од добиените показатели, процентот на зголемување, односно намалување на платата на наставникот, како и начинот на намалување, односно зголемување на платата на наставникот во основното училиште во рамките на утврдени проценти.

Член 2

Ранг листата на отстапување од добиените показатели се изготвува врз основа на добиените резултати на екстерното проверување на постигањата на учениците во основното образование.

Ранг листата се изготвува врз основа на средната вредност изразена во проценти на отстапувањето од резултатите на екстерното проверување на постигањата на учениците со завршните оценки на ученикот за кои отстапувањето е поголемо од една оценка.

По исклучок, ранг листата од став 1 на овој член, се проширува со наставниците кои имаат отстапување од добиените показатели како последниот наставник од листата.

Член 3

Процентот на најголеми отстапувања од добиените показатели е 100%, кога има отстапување од четири оценки од оценката добиена од проверувањето и завршната оценката од наставникот.

Процентот на најмали отстапувања од добиените показатели е 0%, кога нема отстапување од оценката добиена од проверувањето и завршната оценката од наставникот.

Член 4

Врз основа на ранг листата од член 2 на овој правилник, на првите 20% од наставниците од ранг листата кај кои има најмали отстапувања платата им се зголемува за 15% за наредната година, а на последните 20% од наставниците од ранг листата кај кои има најголеми отстапувања платата им се намалува за 10% за наредната година.

Член 5

Зголемувањето, односно намалувањето на платата на наставникот е на платата на наставникот исплатена во месец декември.

Член 6

Ранг листата од член 2 на овој правилник се објавува во месец ноември секоја година.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-7849/5 Министер,
26 декември 2008 година **Перо Стојановски**, с.р.
Скопје

3473.

Врз основа на член 70-а став 9 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА РАНГ ЛИСТАТА, УТВРДУВАЊЕТО НА ПРОЦЕНТОТ НА НАЈГОЛЕМИ, ОДНОСНО НАЈМАЛИ ОТСТАПУВАЊА ОД ДОБИЕНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ, ПРОЦЕНТОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, ОДНОСНО НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА НАСТАВНИКОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА НАСТАВНИКОТ ВО ЈАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО РАМКИТЕ НА УТВРДЕНИ ПРОЦЕНТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на изготвување на ранг листата за отстапување од добиените показатели, утврдувањето на процентот на најголеми, односно најмали отстапувања од добиените показатели, процентот на зголемување, односно намалување на платата на наставникот, како и начинот на намалување, односно зголемување на платата на наставникот во јавно средно училиште во рамките на утврдени проценти.

Член 2

Ранг листата на отстапување од добиените показатели се изготвува врз основа на добиените резултати од екстерното проверување на постигањата на учениците во средното образование.

Ранг листата се изготвува врз основа на средната вредност изразена во проценти на отстапувањето од резултатите на екстерното проверување на постигањата на учениците со завршните оценки на ученикот за кои отстапувањето е поголемо од една оценка.

По исклучок, ранг листата од став 1 на овој член, се проширува со наставниците кои имаат отстапување од добиените показатели како последниот наставник од листата.

Член 3

Процентот на најголеми отстапувања од добиените показатели е 100%, кога има отстапување од четири оценки од оценката добиена од проверувањето и завршната оценката од наставникот.

Процентот на најмали отстапувања од добиените показатели е 0%, кога нема отстапување од оценката добиена од проверувањето и завршната оценката од наставникот.

Член 4

Врз основа на ранг листата од член 2 на овој правилник, на првите 20% од наставниците од ранг листата кај кои има најмали отстапувања платата им се зголемува за 15% за наредната година, а на последните 20% од наставниците од ранг листата кај кои има најголеми отстапувања платата им се намалува за 10% за наредната година.

Член 5

Зголемувањето, односно намалувањето на платата на наставникот е на платата на наставникот исплатена во месец декември.

Член 6

Ранг листата од член 2 на овој правилник се објавува во месец ноември секоја година.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-7849/6
26 декември 2008 година
Скопје

Министер,
Перо Стојановски, с.р.

3474.

Врз основа на член 45 став 6 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОВЕРУВАЊЕТО НА ПОСТИГАЊЕТО НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕТО НА ЗАВРШНИТЕ ОЦЕНКИ НА УЧЕНИКОТ ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на организирање и спроведување на проверувањето на постигањето на успехот на учениците, како и начинот на утврдувањето на завршните оценки на ученикот во јавните средни училишта.

Член 2

Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците (во натамошниот текст: екстерно проверување) во јавните средни училишта е проверка на постигањата на учениците согласно наставните програми за средно образование, спроведено од страна на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) и Државниот просветен инспекторат со тестови подготвени од Државниот испитен центар.

Член 3

Учениците со посебни образовни потреби се проверуваат со прилагодена екстерна проверка на постигањата на успехот, што им овозможува полесно да ги искажат своите знаења и способности.

Член 4

Учениците во средните училишта за секоја учебна година екстерно се проверуваат до два наставни предмети.

Член 5

Наставни предмети за екстерно оценување се определуваат од страна на министерот за образование и наука, врз основа на бројот на паралелките, распределба на наставните часови во училиштата, јазикот на кој се изведува наставата и наставниот план и програми.

Определувањето на наставните предмети од став 1 на овој член за секоја паралелка се врши по електронски пат.

II. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕКСТЕРНОТО ПРОВЕРУВАЊЕ

Член 6

Во спроведувањето на екстерното проверување учествуваат и училишни комисии, локални координатори од редот на државните просветни инспектори, овластени лица за надзор над текот на екстерното проверување и тестатори.

Член 7

Екстерното проверување се врши во термини утврдени од страна на министерот.

Терминте за екстерно проверување министерот ги објавува најдоцна 10 дена пред завршувањето на наставната година.

Член 8

Екстерното проверување за ист наставен предмет од ист вид на средно образование, односно иста струка за сите ученици во републиката се реализира во ист датум и во исто време, согласно Календарот за организација и работа на учебната година во јавните средни училишта.

Член 9

Терминте за екстерно проверување, наставните предмети, како и паралелките се објавуваат на училишната огласна табла најдоцна три дена пред почетокот на проверувањето.

Член 10

Во еден ден учениците од иста паралелка може екстерно да се проверат само за еден наставен предмет.

Екстерното проверување може да се реализира и во сабота.

Член 11

Училишната комисија за подготовка за спроведување на проверувањето (во натамошен текст: училишната комисија) во електронска форма ги доставува потребните податоци за екстерното проверување најдоцна до 31-ви декември во тековната учебна година до Министерството.

Податоците од став 1 на овој член се внесуваат во базата на податоци најдоцна до 31-ви јануари.

Член 12

Оправдани причини за отсуство на ученикот од екстерното проверување можат да бидат:

- болест или лекување на ученикот (доказ-потврда од соодветна здравствена установа),
- вонредни околности: природни несреќи, несреќен случај на ученикот или член во потесното семејство, сообраќајна несреќа со потешки последици, влошување на здравствената состојба меѓу испитите и др.;
- други оправдани причини (меѓународни натпревари, јавни настапи во странство и слично).
- други причини со соодветни докази за кои Државниот просветен инспекторат ќе утврди дека се оправдани.

За учениците, кои од оправдани причини, не може да се изврши екстерно проверување во месец јуни, истото се спроведува во дополнителен рок за проверување определен од страна на министерот за образование и наука.

Член 13

Од страна на Државниот испитен центар, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука за секоја учебна година за секој наставен предмет се изготвуваат банка на задачи по тежински нивоа.

Тестот за екстерно проверување се состои од задачи и упатство за пополнување на тестот.

Учениците пополнувањето на тестот го вршат електронски.

Член 14

Учениците најдоцна еден месец пред започнувањето на проверувањето се запознаваат со постапките за екстерното проверување.

Претседателот на училишната комисија се грижи за правилно и навремено информирање на учениците.

Член 15

Времетраењето на екстерното проверување трае 45 минути од моментот на одобрување на пристапот кон електронската апликација.

Член 16

Во случаи на спреченост на започнување на екстерното проверување во определеното време, училишната комисија може да го одложи започнувањето на проверувањето најмногу до 45 минути и за тоа се известува Министерството и Државниот просветен инспекторат.

Ако во текот на проверката се случат непредвидливи околности кои ја оневозможуваат проверката, се закажува нова проверка во рок од три дена.

Ако задоцнувањето е подолго од 45 минути, од страна на Министерството, во соработка со училишната комисија, се одложува проверувањето во термин кој дополнително ќе се утврди.

Член 17

Распоредот на учениците по училници се подготвува од училишната комисија. Распоредот се објавува на училишната огласна табла или друго видливо место достапно за учениците еден ден пред проверувањето.

Член 18

Учениците треба да бидат во училницата во која се реализира екстерното проверување најмалку 15 минути пред започнувањето на проверката.

Од училниците треба да бидат отстранети сите наставни средства и учебни помагала.

За секој ученик се обезбедува персонален сметач, клупа и стол.

Училишната комисија, една седмица пред отпочнувањето на екстерното проверување прави распоред на тестаторите по училници. За една паралелка се определува по еден тестатор.

Училниците во кои се реализира екстерното проверување треба да бидат доволно пространи, светли и прегледни.

Учениците со себе треба да носат прибор за пишување и други средства кои се предвидени со наставната програма за соодветниот предмет.

Учениците во училницата за време на екстерното проверување не треба да внесуваат лични предмети.

Техничката поддршка за реализација на екстерното проверување се врши од страна на Министерството за информатичко општество во соработка со Министерството.

Член 19

Учениците треба да ги слушаат насоките на тестаторот, да работат самостојно и да не се договараат меѓусебно.

Освен учениците и тестаторите, на проверувањето може да присуствуваат и други лица за надгледување на екстерното проверување кои имаат писмена дозвола од Министерството.

Лицата од став 2 на овој член може да го следат целиот тек на проверката или дел од проверката.

За време на проверката ученик може од оправдани причини да ја напушти просторијата, но не повеќе од пет минути.

Ученикот може во секое време да ја заврши проверката и да ја напушти просторијата.

Проверувањето завршува во точно предвиденото време.

Тестаторот подготвува извештај за целиот тек на испитот и пополнува соодветни формулари.

Член 20

Стекнатите знаења и вештини на учениците од наставните предмети од спорт и спортски активности, физичко и здравствено воспитание, се врши преку споредба на показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот со добиената оценка од наставникот.

Наставните предмети од средното стручно образование со четиригодишно траење и од средното стручно образование со тригодишно траење за практична настава за кои се врши споредба на показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот со добиената оценка од наставникот се на Листа која е дадена во Прилог бр. 1 и составен дел на овој правилник.

Показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот од наставните предмети од став 1 и 2 на овој член, наставникот ги води во досие во текот на учебната година.

Споредбата на показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот со добиената оценка од наставникот ја врши стручна комисија составена од директорот на училиштето, педагогот или психологот од училиштето и наставник по соодветниот предмет. Наставникот, член на комисијата, не може да биде наставник од училиштето.

Член 21

Споредбата на показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот со добиената оценка од наставникот се врши согласно стандардите на постигањата на учениците.

Проверувањето на знаењата и вештините на учениците од став 1 на овој член се врши со бодови кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5).

Оценката се утврдува согласно скалата за претворање на бодовите во оценки.

Скалата од став 3 на овој член за гимназиското, уметничкото и општообразовните предмети во стручното образование се утврдува од страна на Бирото за развој на образованието.

Скалата од став 3 на овој член за стручните предмети се утврдува од страна на Центарот за стручно образование и обука.

Со скалата се одредува минималниот број бодови за преодна оценка и распонот на бодовите за секоја од преодните оценки од два (2) до пет (5).

Минимумот за преодна оценка ги опфаќа најнеопходните знаења и вештини коишто кандидатот треба да ги покаже на испитот.

Добиените оценка комисијата од член 20 став 3 од овој правилник ги доставува во електронска форма до Министерството.

V. УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕКСТЕРНОТО ПРОВЕРУВАЊЕ

Член 22

Училишната комисија за подготовка за спроведување на екстерното проверување е составена од: претседател, заменик на претседателот, секретар и два члена. Претседател на училишната комисија, по правило, е директорот на училиштето.

Заменикот на претседателот, секретарот и членовите на училишната комисија се именуваат од директорот на училиштето. Составот на училишната комисија се објавува на огласната табла во училиштето.

Административно-организациските работи на училишната комисија ги извршува секретарот.

Во училиштата каде има повеќе од 40 паралелки, бројот на членови на училишната комисија, по потреба, може да се зголеми за уште два члена.

Член 23

Училишната комисија од член 22 на овој правилник е надлежна да:

- врши подготовка за спроведување на екстерното проверување;
- врши распоред на тестатори по паралелки;
- врши распоред на паралелки по училници;
- ги обезбедува просторните условите за спроведување на екстерното проверување;
- ги определува учениците за кои е потребно прилагодување на екстерното проверување;
- за учениците за кои е потребно прилагодување на екстерното проверување се грижи да обезбеди посебни услови за полагање на испитите, соодветно на потребите на секој ученик;
- ги објавува термините за екстерно проверување, наставните предмети и паралелките;
- извршува други задачи доделени од Министерството, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар, центарот за стручно образование и обука и Државниот просветен инспекторат.

Член 24

Локалните координатори се обучуваат од страна на Министерството за информатичко општество.

Тестаторите за екстерните испити се определуваат и обучуваат од локалните координатори.

Тестирањето за екстерното проверување го спроведува тестаторот согласно процедурите утврдени од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество.

Тестаторот не може да биде наставник по предметот по кој се врши проверувањето.

IV. НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНИ ОЦЕНКИ

Член 25

Резултатите од екстерното проверувањето на напредокот и постигањата на учениците се искажуваат со бодови кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5).

Член 26

Оценката се утврдува согласно скалата за претворање на бодовите во оценки.

Скалата од став 1 на овој член ја утврдува Државниот испитен центар.

Со скалата се одредува минималниот број бодови за преодна оценка и распонот на бодовите за секоја од преодните оценки од два (2) до пет (5).

Минимумот за преодна оценка ги опфаќа најнеопходните знаења коишто кандидатот треба да ги покаже на испитот.

Член 27

Ако оценката од екстерното проверување е повисока за повеќе од една оценка од добиената оценка од наставникот, завршната оценка се зголемува за една оценка.

Ако оценката од екстерното проверување е пониска за повеќе од една оценка од добиената оценка од наставникот, завршната оценка се намалува за една оценка.

Член 28

Завршните оценки од екстерното проверување се објавуваат најдоцна до 15 јуни во тековната учебна година на огласната табла во училиштето.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 29

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-7849/7
26 декември 2008 година
Скопје

Министер,
Перо Стојановски, с.р.

Прилог бр. 1

Л И С Т А

Средно стручно образование со четиригодишно траење

Ред. број	Струка	Наставен предмет	Година на изучување
1.	Геолошко рударска и металуршка	-Практична настава -Техничко цртање со нацртна геометрија и аутокад	II, III, IV I
2.	Градежно-геодетска струка	- Практична настава - Техничко цртање со компјутерска комуникација	II, III, IV I
3.	Графичка струка	- Практична настава	II, III, IV
4.	Економско-правна и трговска струка	- Практична настава	II, III, IV
5.	Електротехничка струка	- Практична настава - Техничко цртање	II, III, IV I
6.	Здравствена струка	- Практична настава	II, III, IV
7.	Земјоделска-ветеринарна струка	- Практична настава	II, III, IV
8.	Лични услуги	- Практична настава -Техничко цртање и машински елементи	II, III, IV I
9.	Машинска струка	-Практична настава -Техничко цртање со нацртна геометрија и аутокад	II, III, IV I
10.	Сообраќајна струка	-Практична настава - Техничко цртање со нацртна геометрија	II, III, IV I
11.	Текстилно-кожарска струка	-Практична настава - Техничко цртање и машински елементи	II, III, IV I
12.	Угостителско-туристичка струка	-Практична настава	II, III, IV
13.	Хемиско-технолошка струка	-Практична настава - Техничко цртање и машински елементи	II, III, IV I
14.	Шумарско-дрвопреработувачка струка	-Практична настава - Техничко цртање со нацртна геометрија	II, III, IV I

15.	Спорска гимназија	-Кинезиологија(во функција на практична настава)	IV
16	Насока: уметничка Профил: Техничар за дизајн на облека	-Изработка на облека(во функција на практична настава)	II, III, IV

Средно стручно образование со тригодишно траење

Ред. број	Струка	Наставен предмет	Година на изучување
1.	Геолошко рударска и металуршка	-Практична настава -Техничко цртање со нацртна геометрија	III I
2.	Градежна Струка	- Практична настава - Техничко цртање со нацртна геометрија	II, III I, II
3.	Дрвопреработува-чка	- Практична настава - Техничко цртање со нацртна геометрија	I, II, III I
4.	Графичка струка	- Практична настава	II, III
5.	Електротехничка струка	- Практична настава - Техничко цртање со нацртна геометрија	II, III I
6.	Прехрамбена	- Практична настава	II, III
7.	Лични услуги	- Практична настава	II, III
8.	Машинска струка	-Практична настава -Техничко цртање со нацртна геометрија -Техничка комуникација	II, III I I
9.	Текстилна струка	-Практична настава - Техничко цртање и машински елементи	II, III I
10.	Угостителско-туристичка струка	-Послужување со практична настава - Готварство со практична настава -Слаткарство со практична настава	II, III II, III II, III
11.	Хемиско-технолошка струка	-Практична настава	II, III

3475.

Врз основа на член 71 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОВЕРУВАЊЕТО НА ПОСТИГАЊЕТО НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕТО НА ЗАВРШНИТЕ ОЦЕНКИ НА УЧЕНИКОТ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на организирање и спроведување на проверувањето на постигањето на успехот на учениците, како и начинот на утврдувањето на завршните оценки на ученикот во основните училишта.

Член 2

Интерно проверување на постигањата на успехот на учениците на крајот од трето одделение (во натамошниот текст: интерно проверување) е проверка на постигањата на успехот на учениците согласно наставните програми за основно образование, спроведено од наставниците во основните училишта со тестови подготвени од Бирото за развој на образованието.

Екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците од четврто до девето одделение (во натамошниот текст: екстерно проверување) е проверка на постигањата на успехот на учениците согласно наставните програми за основно образование, спроведено од страна на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) и Државниот просветен инспекторат со тестови подготвени од Државниот испитен центар.

Член 3

Учениците со посебни образовни потреби се проверуваат со прилагодена интерна, односно екстерна проверка на постигањата на успехот, што им овозможува полесно да ги искажат своите знаења и способности.

Член 4

Учениците на крајот од трето одделение интерно се проверуваат до два наставни предмети.

Учениците од четврто до девето одделение за секоја учебна година екстерно се проверуваат до два наставни предмети.

Член 5

Наставни предмети за кои се врши интерно и екстерно оценување се определуваат од страна на министерот за образование и наука, врз основа на бројот на паралелките, распределба на наставните часови во училиштата, јазикот на кој се изведува наставата и наставниот план и програми.

Определувањето на наставните предмети од став 1 на овој член за секоја паралелка се врши по електронски пат.

II. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРНОТО И ЕКСТЕРНОТО ПРОВЕРУВАЊЕ

Член 6

Во спроведувањето на интерното и екстерното проверување учествуваат и училишни комисии, локални координатори од редот на државните просветни инспектори, овластени лица за надзор над текот на екстерното проверување и тестатори.

Член 7

Интерното проверување се врши во термин утврден во Календарот за организација и работа на учебната година во основните училишта.

Екстерното проверување се врши од 1-ви до 10-ти јуни во тековната учебна година.

Член 8

Интерното и екстерното проверување за ист наставен предмет за сите ученици во републиката се реализира во ист датум и во исто време, согласно Календарот за организација и работа на учебната година во основните училишта.

Член 9

Терминте за интерно и екстерно проверување, наставните предмети, како и паралелките се објавуваат на училишната огласна табла најдоцна три дена пред почетокот на проверувањето.

Член 10

Во еден ден учениците од иста паралелка може интерно и екстерно да се проверат само за еден наставен предмет.

Интерното и екстерното проверување може да се реализира и во сабота.

Член 11

Училишната комисија за подготовка за спроведување на проверувањето (во натамошен текст: училишната комисија) во електронска форма ги доставува потребните податоци за екстерното проверување најдоцна до 31-ви декември во тековната учебна година до Министерството.

Податоците од став 1 на овој член се внесуваат во базата на податоци најдоцна до 31-ви јануари.

Член 12

Оправдани причини за отсуство на ученикот од интерното и екстерното проверување можат да бидат:

- болест или лекување на ученикот (доказ-потврда од соодветна здравствена установа),
- вонредни околности: природни несреќи, несреќен случај на ученикот или член во потесното семејство, сообраќајна несреќа со потешки последици, влошување на здравствената состојба меѓу испитите и др.;
- други оправдани причини (меѓународни натпревари, јавни настапи во странство и слично).
- други причини со соодветни докази за кои Државниот просветен инспекторат ќе утврди дека се оправдани.

За учениците, кои од оправдани причини, не може да се изврши екстерно проверување во месец јуни, истото се спроведува во дополнителен рок за проверување определен од страна на министерот за образование и наука.

Член 13

Од страна на Државниот испитен центар и Бирото за развој на образованието за секоја учебна година за секој наставен предмет се изготвува банка на задачи по тежински нивоа.

Тестот за интерно проверување се состои од задачи и упатство за пополнување на тестот.

Учениците на крајот од трето одделение тестот го пополнуваат со пенкало.

Тестот за екстерно проверување се состои од задачи и упатство за пополнување на тестот.

Учениците од четврто одделение тестот го пополнуваат со пенкало.

Учениците од петто до деветто одделение пополнувањето на тестот го вршат електронски.

Член 14

За учениците од трето одделение тестовите се доставуваат еден ден пред интерното проверување.

За учениците од четврто одделение тестовите се доставуваат еден ден пред екстерното проверување.

Тестовите се доставуваат до претседателот на училишната комисија.

Претседателот на училишната комисија се грижи за заштита на тајноста на тестовите.

Член 15

Учениците најдоцна еден месец пред започнувањето на проверувањето се запознаваат со постапките за интерното и екстерното проверување.

Претседателот на училишната комисија се грижи за правилно и навремено информирање на учениците.

Член 16

Времетраењето на интерното проверување трае 40 минути.

Времетраењето на екстерното проверување трае 40 минути од моментот на одобрување на пристапот кон електронската апликација.

Член 17

Во случаи на спреченост на започнување на интерното и екстерното проверување во определеното време, училишната комисија може да го одложи започнувањето на проверувањето најмногу до 40 минути и за тоа се известува Министерството и Државниот просветен инспекторат.

Ако во текот на проверката се случат непредвидливи околности кои ја оневозможуваат проверката, се закажува нова проверка во рок од три дена.

Ако задоцнувањето е подолго од 40 минути, од страна на Министерството во соработка со училишната комисија, се одложува проверувањето во термин кој дополнително ќе се утврди.

Член 18

Распоредот на учениците по училници се подготвува од училишната комисија. Распоредот се објавува на училишната огласна табла или друго видливо место достапно за учениците еден ден пред проверувањето.

Член 19

Учениците треба да бидат во училницата во која се реализира интерно и екстерното проверување најмалку 15 минути пред започнувањето на проверката.

Од училниците треба да бидат отстранети сите наставни средства и учебни помагала.

За секој ученик од трето и четврто одделение се обезбедува клупа и стол.

За секој ученик од петто до девето одделение се обезбедува персонален сметач, клупа и стол.

Училишната комисија, една седмица пред отпочнувањето на екстерното проверување прави распоред на тестаторите по училници. За една паралелка се определува по еден тестатор.

Училниците во кои се реализира екстерното проверување треба да бидат доволно пространи, светли и прегледни.

Учениците со себе треба да носат прибор за пишување и други средства кои се предвидени со наставната програма за соодветниот предмет.

Учениците во училницата за време на екстерното проверување не треба да внесуваат лични предмети.

Техничката поддршка за реализација на интерното и екстерното проверување се врши од страна на Министерството за информатичко општество во соработка со Министерството.

Член 20

При интерното проверување на учениците од трето одделение и екстерното проверување на учениците од четврто одделение тестаторот ги отвара запечатените тестови.

Учениците треба да ги слушаат насоките на тестаторот, да работат самостојно и да не се договараат меѓусебно.

Освен учениците и тестаторите, на проверувањето може да присуствуваат и други лица за надгледување на екстерното проверување кои имаат писмена дозвола од Министерството.

На интерното проверување на учениците од трето одделение присуствува и одделенскиот наставник.

Лицата од став 3 на овој член може да го следат целиот тек на проверката или дел од проверката.

За време на проверката ученик може од оправдани причини да ја напушти просторијата, но не повеќе од пет минути.

Ученикот може во секое време да ја заврши проверката и да ја напушти просторијата.

Проверувањето завршува во точно предвиденото време.

По завршувањето на интерното проверување на учениците од трето одделение и екстерното проверување на учениците од четврто одделение, тестаторот ги проверува, пакува и предава пополнетите тестови согласно добиеното упатство.

Тестаторот подготвува извештај за целиот тек на испитот и пополнува соодветни формулари.

Член 21

Проверката на тестовите и обработката на податоците добиени од екстерното тестирање на учениците од четврто одделение се врши од страна на Државниот испитен центар.

Добиените резултати, од страна на Државниот испитен центар во електронска форма се доставуваат до Министерството.

Член 22

Стекнатите знаења и вештини на учениците од ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование и техничко образование се врши преку споредба на показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот со добиената оценка од наставникот.

Показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот наставникот ги води во досие во текот на учебната година.

Споредбата на показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот со добиената оценка од наставникот ја врши стручна комисија составена од директорот на училиштето, педагогот или психологот од училиштето и наставник по соодветниот предмет. Наставникот, член на комисијата, не може да биде наставник од училиштето.

Член 23

Споредбата на показателите од стекнатите знаења и вештини на ученикот со добиената оценка од наставникот се врши согласно стандардите на постигањата на учениците.

Проверувањето на знаењата и вештините на учениците од став 1 на овој член се врши со бодови кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5).

Оценката се утврдува согласно скалата за претворање на бодовите во оценки.

Скалата од став 3 на овој член се утврдува од страна на Бирото за развој на образованието.

Со скалата се одредува минималниот број бодови за преодна оценка и распонот на бодовите за секоја од преодните оценки од два (2) до пет (5).

Минимумот за преодна оценка ги опфаќа најнеопходните знаења и вештини коишто кандидатот треба да ги покаже на испитот.

Добиените оценка комисијата од член 22 став 3 од овој правилник ги доставува во електронска форма до Министерството.

III. УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРНОТО И ЕКСТЕРНОТО ПРОВЕРУВАЊЕ

Член 24

Училишната комисија за подготовка за спроведување на интерносто и екстерното проверување е составена од: претседател, заменик на претседателот, секретар и два члена. Претседател на училишната комисија, по правило, е директорот на училиштето.

Заменикот на претседателот, секретарот и членовите на училишната комисија се именуваат од директорот на училиштето. Составот на училишната комисија се објавува на огласната табла во училиштето.

Административно-организациските работи на училишната комисија ги извршува секретарот.

Во училиштата каде има повеќе од пет подрачни училишта, бројот на членови на училишната комисија, по потреба, може да се зголеми за уште два члена.

Член 25

Училишната комисија од член 24 на овој правилник е надлежна да:

- врши подготовка за спроведување на интерното и екстерното проверување;
- врши распоред на тестатори по паралелки;
- врши распоред на паралелки по училници;
- ги обезбедува просторните условите за спроведување на интерното и екстерното проверување;
- ги определува учениците за кои е потребно прилагодување на интерното и екстерното проверување;
- за учениците за кои е потребно прилагодување на интерното и екстерното проверување се грижи да обезбеди посебни услови за полагање на испитите, соодветно на потребите на секој ученик;
- ги објавува термините за интерно и екстерно проверување, наставните предмети и паралелките;
- извршува други задачи доделени од Министерството, Бирото за развој на образованието, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.

Член 26

Локалните координатори се обучуваат од страна на Министерството за информатичко општество.

Тестаторите за интерните и екстерните испити се определуваат и обучуваат од локалните координатори.

Тестирањето за интерното и екстерниот проверување го спроведува тестаторот согласно процедурите за интерното и екстерното проверување утврдени од Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество.

Тестаторот не може да биде наставник по предметот по кој се врши проверувањето.

IV. НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ НА ЗАВРШНИ ОЦЕНКИ

Член 27

Резултатите од интерното и екстерното проверувањето на напредокот и постигањата на учениците се искажуваат со бодови кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5).

Член 28

Оценката се утврдува согласно скалата за претворање на бодовите во оценки.

Скалата од став 1 на овој член ја утврдува Државниот испитен центар.

Со скалата се одредува минималниот број бодови за преодна оценка и распонот на бодовите за секоја од преодните оценки од два (2) до пет (5).

Минимумот за преодна оценка ги опфаќа најнеопходните знаења коишто кандидатот треба да ги покаже на испитот.

Член 29

Ако оценката од екстерното проверување е повисока за повеќе од една оценка од добиената оценка од наставникот, завршната оценка се зголемува за една оценка.

Ако оценката од екстерното проверување е пониска за повеќе од една оценка од добиената оценка од наставникот, завршната оценка се намалува за една оценка.

Член 30

Завршните оценки од екстерното проверување се објавуваат најдоцна до 15 јуни во тековната учебна година на огласната табла во училиштето.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 31

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-7849/8
26 декември 2008 година
Скопје

Министер,
Перо Стојановски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

3476.

Врз основа на член 29, став 9 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА КРИТЕРИУМИТЕ КОИШТО ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКА ОЗНАКА ЗА ДЕТЕРГЕНТИ ЗА РАЧНО МИЕЊЕ НА САДОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за детергенти за рачно миење на садови.

Член 2

Одредени изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

„Детергенти за рачно миење на садови“ е група на производи за домашна и професионална употреба во кои се вклучени сите детергенти наменети за рачно миење на: садови, садови од керамика, прибор за јадење, тенцерија, тави, кујнски прибор итн.

“Барател“ е правно или физичко лице кое поднело барање до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за добивање на еколошка ознака за детергенти за рачно миење на садови.

Член 3

Критериумите коишто треба да ги исполнуваат детергентите за рачно миење на садови, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Одредбите на овој правилник имаат за цел да се обезбеди:

- намалување на испуштања на токсични или загадувачки супстанции во водната средина,
- намалување или превенција на ризиците по здравје или животна средина поврзани со употребата на опасни супстанции,
- минимизација на отпад од пакување,
- информација која ќе му овозможи на потрошувачот употреба на производот на начин кој е ефикасен и го минимизира влијанието врз животната средина.

Критериумите се одредени на начин кој промовира означување на детергенти за рачно миење на садови кои имаат мало влијание врз животната средина.

Член 5

Секој критериум содржи специфични барања за проценка и верификација.

За одредени случаи, покрај методите на тестирање утврдени со критериумите може да се употребат и други методи, доколку органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст: надлежен орган) прифати дека тие се еквивалентни на предвидените за секој критериум.

Доколку за верификацијата не се потребни тестови, надлежниот орган треба да ја заснова одлуката на изјави и документација обезбедена од страна на барателот и/или од независни верификации.

Во определени случаи, кога е тоа потребно, надлежниот орган може да бара дополнителна документација и може да изврши независна верификација.

Надлежниот орган ги зема во предвид признатите системи за управување со животната средина како што се EMAS или ИSO 14001 при оценувањето на барањето и исполнувањето на критериумите.

Член 6

Барателот кој ги исполнува критериумите за добивање на еколошка ознака за детергенти за рачно миење на садови има право на пакувањата на детергентите за рачно миење на садови да ја стави еколошката ознака, каде во текстуалниот дел на ознаката го става текстот: ДЕТЕРГЕНТИ ЗА РАЧНО МИЕЊЕ НА САДОВИ.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-7502/8
26 декември 2008 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање,
д-р **Нецати Јакупи,** с.р.

ПРИЛОГ 1

ЕКОЛОШКИ КРИТЕРИУМИ

1. Токсичност за водните организми

Критичниот разблажен волумен на токсичноста (CDV_{tox}) се пресметува за секоја состојка употребувајќи ја следнава формула:

$$CDV_{tox}\ (компонента\ i) = \frac{тежина\ (i) \times DF\ (i)}{TF\ chronic\ (i)} \times 1000$$

каде што:

- *тежина (i)* е тежината на состојката (изразена во грамови) по препорачаната доза за 1 литар вода за миење на садови,
- *DF (i)* е фактор на деградација и
- *TF chronic (i)* е фактор на токсичност на состојката (во милиграм/литар).

Вредностите на *DF* и *TF* се дадени во Листа А на состојките на детергентот (DID list – detergent ingredient database). Доколку состојката ја нема во Листата А, барателот треба да ги процени вредностите следејќи ја постапката опишана во Листата Б, CDV_{tox} се пресметува за секоја состојка одделно, а потоа се собираат вредностите за сите состојки и така се одредува CDV_{tox} за производот. Листата А и Листата Б се користат за податоци за пресметка на CDV_{tox}.

CDV_{tox} на препорачаната доза изразен за 1 литар вода за миење на садови не треба да преминува 4200 литри.

Проценка и верификација: до надлежниот орган треба да биде доставена точната формулација на производот, заедно со деталите од пресметките на CDV_{tox} кои покажуваат исполнување на критериумот.

2. Биодеградација на површински активни супстанции

а) Сигурна биодеградација (аеробна)

Секоја површински активна супстанција користен во производот треба да биде лесно биоразградлив. Листата А треба да се користи за процена на биодеградацијата на површински активни супстаниции.

Проценка и верификација: до надлежниот орган треба да биде доставена точната формулација на производот, како и описот на функцијата на секоја состојка. Листата А покажува дали одредена површински активна супстанција е аеробно биоразградлива или не. За површински активни супстанции кои не се вклучени во Листата А треба да се обезбедат релевантни информации од литературата или други извори, или тестови кои покажуваат дека се аеробно биоразградливи. За состојките кои не се вклучени во Листата А, барателот на своја одговорност ја применува постапката опишана во Листата Б.

б) Анаеробна биодеградација

Секоја површински активна супстанција користена во производот треба да биде биоразградлива под анаеробни услови.

Точната формулација на производот, како и опис на функцијата на секоја состојка, треба да биде доставена до надлежниот орган. Листата А на состојките на детергентот, покажува дали одредена површински активна супстанција е анаеробно

биоразградлива или не. За површински активни супстанции кои не се вклучени во листата А треба да се обезбедат релевантни информации од литературата или други извори, или тестови кои покажуваат дека се анаеробно биоразградливи. За состојките кои не се вклучени во Листата А, барателот на своја одговорност ја применува постапката опишана во Листата Б. За состојки кои не се опфатени со листата А, може да пристапи кон обезбедување на неопходната документација за анаеробна деградација опишана во Листата В.

3. Опасни, ризични или токсични супстанции или препарати

а) Следните состојки не треба да бидат вклучени во производот, ниту како дел од формулацијата, ниту како дел од препаратот кој е дел од формулацијата:

- алкил фенол етоксилати (APEOs) и нивни деривати,
- EDTA (етилен-диамин-тетра-оцетна киселина) и нејзини соли,
- NTA (нитро-три-ацетат),
- Нитромошуси и полициклични мошуси, вклучувајќи на пример:
  - Ксилол мошус: 5-tert-butyl-2,4,6-trinitro-m-xylene
  - Синтетички амбра мошус: 4-tert-butyl-3-methoxy-2,6-dinitrotoluene
  - москен: 1,1,3,3,5-pentamethyl-4,6-dinitroindan
  - тибетин мошус: 1-tert-butyl-3,4,5-trimethyl-2,6-dinitrobenzene
  - кетон мошус: 4'-tert-butyl-2',6'-dimethyl-3',5'-dinitroacetaphenone
  - HHCB (1,3,4,6,7,8-Hexahydro-4,6,6,7,8,8-hexamethylcyclopenta(g)-2-benzopyran)
  - AHTN (6-Acetyl-1,1,2,4,4,7-hexamethyltetralin).

Проценка и верификација: барателот треба да приложи изјава поткрепена со изјави од производителите на производот, потврдувајќи дека горенаведените супстанции не се вклучени во производот.

б) Кватернарни амониумови соли кои не се лесно биоразградливи не треба да бидат користени, ниту како дел од формулацијата ниту како дел од препаратот кој е дел од формулацијата.

Проценка и верификација: барателот треба да приложи документација која покажува биодеградација на било која користена кватернарна амониумова сол.

в) Ниту една состојка (супстанца или препарат) не треба да биде вклучена во производот доколку е класифицирана во било кој од следниве ризици или комбинација од нив:

R40 (ограничени докази за канцероген ефект),

R45 (може да предизвика рак),

R46 (може да предизвика наследна генетска штета),

R49 (може да предизвика рак преку вдишување),

R68 (можни ризици од непоправливи ефекти),

R50-53 (многу токсичен за водни организми и може да предизвика долгорочни негативни ефекти врз водната средина),

R51-53 (токсичен за водни организми и може да предизвика долгорочни негативни ефекти врз водната средина),

R59 (опасен за озонската обвивка),

R60 (може да предизвика неплодност),

R61 (може да предизвика штета на неродено дете),

R62 (можен ризик од намалена плодност),

R63 (можен ризик од штета на неродено дете),

R64 (може да предизвика штета на доенчиња),

Посебни барања се пропишани за биоцидите, или како дел од формулацијата, или како дел од препаратот вклучен во формулацијата.

Гореспоменатите барања треба да се применат за секоја состојка (супстанца или препарат) чија вредност е поголема од *0,01%* тежински од готовиот производ. Исто така, ова ја вклучува и секоја состојка на секој препарат користен во формулацијата која преминува 0,01% тежински од готовиот производ.

Проценка и верификација: барателот треба да приложи копии од материјалот со податоци за безбедноста на сите состојки (било супстанции или препарати). Исто така, барателот треба да приложи и изјава подготвена од производителот на состојките со која се докажува исполнувањето на овој критериум.

4. Биоциди

a) Производот може да содржи биоциди само заради негова заштита и тоа во доза која е доволна за остварување на таа цел. Ова не се однесува на површински активни супстанции кои може да ги имаат истите својства како и биоцидите.

Проценка и верификација: барателот треба да приложи копии од материјалот со податоци за безбедноста на сите употребени заштитни средства додадени во производот, заедно со информацијата за нивната точна концентрација во готовиот производ. Производителот, или набавувачот на заштитните средства треба да обезбедат информација за дозирањето кое е потребно за да се заштити производот.

b) Забрането е да се тврди, да се наведува на пакувањето на детергентот, или на било кој друг начин, дека производот за рачно миење на садови има антимикробиолошко дејство.
Проценка и верификација: барателот до надлежниот орган треба да ги достави текстовите и изјавите кои се користат на секој тип пакување и/или примерок од секој различен тип на пакување.

v) Биоцидите, како дел од формулацијата или како дел од препаратот кој е дел од формулацијата, кои се употребуваат за заштита на производот и кои се класифицирани како R50-53 или R51-53 ризици, во согласност со директивата 67/548/EEC и нејзините измени, или директивата 1999/45/EC, се дозволени само доколку не се потенцијално биокумулативни. Во овој контекст, биоцид се смета потенцијално биокумулативен ако:

log Pow (log octanol/water partition coefficient) ≥3.0 (unless the experimentally determined BCF ≤100).

Концентрациите на биоциди во готовиот производ не треба да ги надминат максимално дозволените концентрации од директивата 76/768/EEC.

Проценка и верификација: барателот треба да приложи копии од материјалот со податоци за безбедноста на сите биоциди, заедно со документацијата за нивната концентрација во готовиот производ.

5. Бои и средства за боење

Сите бои и средства за боење користени во производот мора да бидат дозволени во согласност со директивата 76/768/EEC, или директивата 94/36/EEC, или мора да бидат окарактеризирани со нивните еколошки својства кои не припаѓаат на класификацијата со R50-53 или R51-53 ризиците, во согласност со Директивата 67/548/EEC и нејзините измени.

Проценка и верификација: барателот до надлежниот орган треба да достави изјава за исполнување на овој критериум заедно со целосната листа на сите бои и средства за боење користени во производот.

6. Мириси

a) Производот не треба да содржи парфеми кои содржат нитромошуси и полициклични мошуси (како што е специфицирано во критериумот 3а).

b) Секоја состојка додадена како мирис во производот мора да биде произведена во согласност со кодот на работа на Меѓународната асоцијација за мириси.

v) Во детергентите за рачно миење садови наменети за професионална употреба не треба да се користат мириси.

Проценка и верификација: барателот до надлежниот орган треба да се достави изјава за исполнување на секој дел од овој критериум.

7. Чувствителност на супстанции

Во согласност со директивата 1999/45/EC и нејзините измени, производот не треба да биде класифициран со ризиците R42 (може да предизвика чувствителност со вдишување) и/или R43 (може да предизвика чувствителност во допир со кожата).

Во согласност со директивата 67/548/EC и нејзините измени, или директивата 1999/45/EC и нејзините измени, концентрацијата на секоја супстанца или состојка класифицирани со ризиците R42 (може да предизвика чувствителност со вдишување) и/или R43 (може да предизвика чувствителност во допир со кожата) не треба да изнесува повеќе од 0,1% тежински од готовиот производ.

Проценка и верификација: барателот до надлежниот орган треба да ги достави точните концентрации на сите состојки кои се класифицирани како R42 и/или R43 ризици заедно со копиите од материјалот со податоци за безбедноста.

8. Штетни или корозивни својства

Во согласност со директивата 1999/45/EC производот не треба да биде класифициран како „штетен“ (Xn) или „корозивен“ (C).

Проценка и верификација: барателот до надлежниот орган треба да ги достави точните концентрации на сите супстанции користени во производот, било како дел од формулацијата, било како дел од секој препарат вклучен во формулацијата кои се класифициран како „штетни“ (Xn) или „корозивни“ (C), заедно со копиите од материјалот со податоци за безбедноста.

9. Барања кои се однесуваат на пакувањето на производот

a) Примарното пакување на производот, освен капакот, треба да има волуметриски коефициент на пакување (volumetric coefficient of packaging - VCP) помал или еднаков на 1,9. Овој критериум не се применува ако пакувањето е направено од 50% или повеќе рециклиран материјал.

VCP е еднаков на волуменот на најмалото правоаголно тело (четириаголен

паралелопипед) кое може да го содржи пакувањето, поделен со волуменот на производот содржан во пакувањето.

b) Доколку примарното пакување е направено од материјал што се рециклира, било која индикација за тоа ставена на пакувањето треба да е во согласност со стандардот ISO 14021.

v) Деловите од примарното пакување треба да бидат лесно деливи на делови од ист материјал.

Пластиките што се користат за главен контејнер треба да бидат означени во согласност со директивата за пакување и отпад од пакување 94/62/EC, или со стандардот DIN 6120 Дел 1 и 2 во врска со DIN 7728 Дел 1.

Проценка и верификација: барателот до надлежниот орган треба да достави податоци за пакувањето и/или негов примерок каде тоа е соодветно, заедно со изјава за исполнување на секој дел од овој критериум.

10. Погодност за употреба

Производот треба да биде погоден за употреба задоволувајќи ги потребите на потрошувачите.

Способноста за чистење треба да биде еднаква или подобра од водечкиот производ на пазарот, или од генерички референтниот производ одобрен од органот надлежен за утврдување генерички референтен производ и подобар од чистата вода.

Капацитетот за чистење треба да биде еднаков или подобар од водечкиот производ на пазарот или генерички референтниот производ одобрен од надлежниот орган.

Проценка и верификација: способноста и капацитетот за чистење мора да се тестира со средства на адекватна лабораторија според специфични параметри за тестирање опишани во Листата Г.

ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОТРОШУВАЧИТЕ

11. Инструкции за употреба

Производот треба да ја содржи следната информација на пакувањето:

a) „За да ги миете вашите садови на најефикасен начин, за да заштедите вода и енергија и да ја заштитите животната средина, не користете вода што тече, туку потопувајте ги садовите во вода и/или употребувајте препорачано дозирање. Можете поефикасно да миете без големо количество на пена“ (или сличен текст);

b) Информацијата на пакувањето треба да биде дадена во разумно доволна големина и на подлога која овозможува нејзино читање. Употребата на пиктограм е доброволно;

Препорачано дозирање за 5 литри вода за миење на садови:



не многу валкани *x* ml (*y* чајни лажици) од производот



валкани *z* ml (*w* чајни лажици) од производот

каде *x*, *y*, *z* и *w* се дефинирани од страна на барателот и/или производителот.

Мерките користени во горниот пиктограм треба да се во милиметри;

в) означување на приближниот број на миења кои можат да се направат со едно пакување детергент е препорачливо, но не е задолжително.

Ова се пресметува со делење на волуменот на производот со дозирањето на детергент потребно за 5 литри вода за миење на валкани садови;

г) Регулативата за детергенти (ЕС) No. 648/2004 треба да се применува;

Проценка и верификација: барателот до надлежниот орган треба да достави примерок од пакувањето на производот заедно со налепницата и заедно со изјава за исполнување на секој дел од критериумот.

12. Информации кои ги содржи еколошката ознака

Втората налепница, која се однесува на еколошката ознака, треба да го содржи следниот текст:

- намалено влијание врз водниот свет,
- намалена употреба на опасни супстанции,
- јасни напатствија за употреба.

Листа А

Листа на состојките на детергентот (DID list - detergent ingredient database)

За состојките кои се вклучени во Листата А на состојките на детергентот, вредностите за токсичноста и деградацијата од листата мора да бидат земени за проценка на исполнување на еколошките критериуми

За состојките кои не се вклучени во Листата А на состојките на детергентот, за утврдување на вредностите за токсичноста и деградацијата, треба да се користи процедурата опишана во Листата Б

Листа на состојките

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
	Анјонски површински активни супстанции									
1	Linear alkyl benzene sulphonates 11,5 -11,8 (LAS)	4,1	1 000	0,0041	0,69	10	0,069	0,05	R	N
2	LAS (C 10-13 alkyl) triethanolamine salt	4,2	1 000	0,0042	3,4	100	0,034	0,05	R	O
3	C 14/17 Alkyl sulphonate	6,7	5 000	0,00134	0,44	10	0,044	0,05	R	N
4	C 8/10 Alkyl sulphate	132	5 000	0,0264			0,0264	0,05	R	Y
5	C 12/14 Alkyl sulphate (AS)	2,8	1 000	0,0028	2	100	0,02	0,05	R	Y
6	C 12/18 Alkyl sulphate (AS) (#)			0,0149			0,027	0,05	R	Y
7	C 16/18 Fatty alcohol sulphate (FAS)	27	1 000	0,027	1,7	50	0,034	0,05	R	Y
8	C 12/15 A 1-3 EO sulphate	4,6	1 000	0,0046	0,1	10	0,01	0,05	R	Y
9	C 16/18 A 3-4 EO sulphate	0,57	10 000	0,000057			0,000057	0,05	R	Y
10	Dialkyl sulpho succinate	15,7	1 000	0,0157			0,0157	0,5	I	N
11	C 12/14 Sulpho-fatty acid methylester	9	10 000	0,0009	0,23	50	0,0046	0,05	R	N
12	C 16/18 Sulpho-fatty acid methylester	0,51	5 000	0,000102	0,2	50	0,004	0,05	R	N
13	C 14/16 alfa Olefin sulphonate	3,3	10 000	0,00033			0,00033	0,05	R	N
14	C 14/18 alfa Olefin sulphonate	0,5	5 000	0,0001			0,0001	0,05	R	N

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
15	Soap C > 12-22	22	1 000	0,022	10	100	0,1	0,05	R	Y
16	Lauroyl Sarcosinate	56	10 000	0,0056			0,0056	0,05	R	Y
17	C 9/11 2-10 EO Carboxymethylated, sodium salt or acid	100	10 000	0,01			0,01	0,05	R	O
18	C 12/18 2-10 EO Carboxymethylated, sodium salt or acid	8,8	1 000	0,0088	5	100	0,05	0,05	R	O
19	C 12/18 Alkyl phosphate esters	38	1 000	0,038			0,038	0,05	R	N
	Нејонски површински активни супстанции									
20	C 8 A 1-5 EO	7,8	1 000	0,0078			0,0078	0,05	R	Y
21	C 9/11 A, > 3-6 EO predominantly linear	5,6	1 000	0,0056			0,0056	0,05	R	Y
22	C 9/11 A, > 6-10 EO predominantly linear	5	1 000	0,005			0,005	0,05	R	Y
23	C 9/11 A, 5-11 EO multibranched	1	1 000	0,001			0,001	0,05	R	O
24	C 10 A, 5-11 EO multibr.(Trimer-propen-oxo-alcohol)	1	1 000	0,001			0,001	0,05	R	Y
25	C 12/15 A, 2-6 EO predominantly linear	0,43	1 000	0,00043	0,18	50	0,0036	0,05	R	Y
26	C 12/14 5-8 EO 1 t-BuO (endcapped)	0,23	1 000	0,00023	0,18	100	0,0018	0,05	R	O
27	C 12/15 A, 3-12 EO multibranched	1	1 000	0,001	3,2	100	0,032	0,05	R	O
28	C 12/15 (mean value C < 14) A, >6-9 EO	0,63	1 000	0,00063	0,24	10	0,024	0,05	R	Y
29	C 12/15 (mean value C > 14) A, >6-9 EO	0,4	1 000	0,0004	0,17	10	0,017	0,05	R	Y
30	C 12/15 A, > 9-12 EO	1,1	1 000	0,0011			0,017	0,05	R	Y
31	C 12/15 A >12-20 EO	0,7	1 000	0,0007			0,0007	0,05	R	O
32	C 12/15 A > 20-30 EO	13	1 000	0,013	10	100	0,1	0,05	R	O
33	C 12/15 A, > 30 EO	130	1 000	0,13			0,13	0,5	I	O
34	C 12/18 A, 0-3 EO	0,3	1 000	0,0003			0,0003	0,05	R	Y
35	C 12/18 A, 5-10 EO	1	1 000	0,001	0,35	100	0,0035	0,05	R	O
36	C 12/18 A, > 10-20 EO	1	1 000	0,001			0,0035	0,05	R	O

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
37	C 16/18 A, 2-8 EO	3,2	1 000	0,0032	0,4	100	0,004	0,05	R	Y
38	C 16/18 A, > 9-18 EO	0,72	1 000	0,00072	0,32	10	0,032	0,05	R	Y
39	C 16/18 A, 20-30 EO	4,1	1 000	0,0041			0,0041	0,05	R	Y
40	C 16/18 A, > 30 EO	30	1 000	0,03			0,03	0,5	I	Y
41	C 12-15 A 2-6 EO 2-6 PO	0,78	1 000	0,00078	0,36	100	0,0036	0,05	R	O
42	C 10-16 A 0-3 PO 6-7 EO	3,2	5 000	0,00064	1	100	0,01	0,05	R	O
43	Glycerin (1-5 EO) cocoate	16	1 000	0,016	6,3	100	0,063	0,05	R	Y
44	Glycerin (6-17 EO) cocoate	100	1 000	0,1			0,1	0,05	R	Y
45	C 12/14 Glucose amide	13	1 000	0,013	4,3	50	0,086	0,05	R	Y
46	C 16/18 Glucose amide	1	1 000	0,001	0,33	50	0,0066	0,05	R	Y
47	C 8/10 Alkyl polyglycoside	28	1 000	0,028	5,7	100	0,057	0,05	R	Y
48	C 8/12 Alkyl polyglycoside, branched	480	1 000	0,48	100	100	1	0,05	R	N
49	C 8/16 or C 12-14 Alkyl polyglycoside	5,3	1 000	0,0053	1	10	0,1	0,05	R	Y
50	Coconut fatty acid monoethanolamide	9,5	1 000	0,0095	1	100	0,01	0,05	R	Y
51	Coconut fatty acid monoethanolamide 4-5 EO	17	10 000	0,0017			0,0017	0,05	R	Y
52	Coconut fatty acid diethanolamide	2	1 000	0,002	0,3	100	0,003	0,05	R	O
53	PEG-4 Rapeseed amide	7	5 000	0,0014			0,0014	0,05	R	Y
	Амфотерични површински активни супстанции									
60	C 12/15 Alkyl dimethylbetaine	1,7	1 000	0,0017	0,1	100	0,001	0,05	R	O
61	Alkyl C 12/18 amidopropylbetaine	1,8	1 000	0,0018	0,09	100	0,0009	0,05	R	Y
62	C 12/18 Alkyl amine oxide	0,3	1 000	0,0003			0,0003	0,05	R	Y
	Катјонски површински активни супстанции									
70	Alkyl trimethyl ammonium salts	0,1	1 000	0,0001	0,046	100	0,00046	0,5	I	O

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
71	Alkyl ester ammonium salts	2,9	1 000	0,0029	1	10	0,1	0,05	R	Y
	Заштитни средства (презервативи)									
80	1,2-Benzisothiazol-3-one	0,15	1 000	0,00015			0,00015	0,5	I	N
81	Benzyl alcohol	360	1 000	0,36			0,36	0,05	R	Y
82	5-bromo-5-nitro-1,3-dioxane	0,4	5 000	0,00008			0,00008	1	P	O
83	2-bromo-2-nitropropane-1,3-diol	0,78	1 000	0,00078	0,2	100	0,002	0,5	I	O
84	Chloroacetamide	55,6	10 000	0,00556			0,00556	1	O	O
85	Diazolinidylurea	35	5 000	0,007			0,007	1	P	O
86	Formaldehyde	2	1 000	0,002			0,002	0,05	R	O
87	Glutaraldehyde	0,31	1 000	0,00031			0,00031	0,05	R	O
88	Guanidine, hexamethylene-, homopolymer	0,18	1 000	0,00018	0,024	100	0,00024	1	P	O
89	CMI + MIT in mixture 3:1 (§)	0,0067	1 000	0,0000067	0,0057	50	0,000114	0,5	I	O
90	2-Methyl-2H-isothiazol-3-one (MIT)	0,06	1 000	0,00006			0,00006	0,5	I	O
91	Methyldibromoglutaronitrile	0,15	1 000	0,00015			0,00015	0,05	R	O
92	e-phtaloimidoperoxyhexanoic acid	0,59	5 000	0,000118			0,000118	1	P	O
93	Methyl-, Ethyl-and Propylparaben	15,4	5 000	0,00308			0,00308	0,05	R	N
94	o-Phenylphenol	0,92	1 000	0,00092			0,00092	0,05	R	O
95	Sodium benzoate	128	1 000	0,128			0,128	0,05	R	Y
96	Sodium hydroxy methyl glycinate	36,5	5 000	0,0073			0,0073	1	O	O
97	Sodium nitrite	87	10 000	0,0087			0,0087	1	NA	NA
98	Triclosan	0,0014	1 000	0,0000014			0,0000014	0,5	I	O
	Други состојки									
110	Silicon	250	1 000	0,25			0,25	1	P	N

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
111	Paraffin	1 000	10 000	0,1			0,1	1	P	O
112	Glycerol	4 400	5 000	0,88			0,88	0,05	R	Y
113	Phosphate, as STPP	1 000	1 000	1			1	0,15	NA	NA
114	Zeolite (Insoluble Inorganic)	1 000	1 000	1	175	50	3,5	1	NA	NA
115	Citrate and citric acid	825	1 000	0,825	80	50	1,6	0,05	R	Y
116	Polycarboxylates	200	1 000	0,2	106	10	10,6	1	P	N
117	Nitrilotriacetat (NTA)	494	1 000	0,494	64	50	1,28	0,5	I	O
118	EDTA	121	1 000	0,121	22	50	0,44	0,5	I	N
119	Phosphonates	650	1 000	0,65	25	50	0,5	1	P	N
120	EDDS	320	1 000	0,32	32	50	0,64	0,05	R	N
121	Clay (Insoluble Inorganic)	1 000	1 000	1			1	1	NA	NA
122	Carbonates	250	1 000	0,25			0,25	0,15	NA	NA
123	Fatty acids C ≥ 14	3,7	5 000	0,00074			0,00074	0,05	R	Y
124	Silicates	250	1 000	0,25			0,25	1	NA	NA
125	Polyasparaginic acid, Na-salt	410	1 000	0,41			0,41	0,05	R	N
126	Perborates (as Boron)	14	1 000	0,014			0,014	1	NA	NA
127	Percarbonate (See carbonate)	250	1 000	0,25			0,25	0,15	NA	NA
128	Tetraacetylethylenediamine (TAED)	250	1 000	0,25	500	100	5	0,05	R	O
129	C 1-C 4 alcohols	1 000	1 000	1			1	0,05	R	Y
130	Mono-, di-and triethanol amine	90	1 000	0,09	0,78	100	0,0078	0,05	R	Y
131	Polyvinylpyrrolidon (PVP)	1 000	1 000	1			1	0,5	I	N
132	Carboxymethylcellulose (CMC)	250	5 000	0,05			0,05	0,5	I	N
133	Sodium and magnesium sulphate	1 000	1 000	1	100	100	1	1	NA	NA

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
134	Calcium-and sodiumchloride	1 000	1 000	1	100	100	1	1	NA	NA
135	Urea	1 000	5 000	0,2			0,2	1	NA	NA
136	Silicon dioxide, quartz (Insoluble inorganic)	1 000	1 000	1			1	1	NA	NA
137	Polyethylene glycol, MW>4000	1 000	10 000	0,1			0,1	1	P	N
138	Polyethylene glycol, MW<4000	1 000	10 000	0,1			0,1	1	P	O
139	Cumene-, Xylene-and Toluene sulphonates	66	10 000	0,0066			0,0066	0,5	I	N
140	Na-/Mg-/KOH	30	1 000	0,03			0,03	0,05	NA	NA
141	Enzymes/proteins	25	5 000	0,005			0,005	0,05	R	Y
142	Perfume, if not other specified (**)	2	1 000	0,002			0,002	0,5	I	N
143	Dyes, if not other specified (**)	10	1 000	0,01			0,01	1	P	N
144	Starch	100	1 000	0,1			0,1	0,05	R	Y
145	Anionic polyester	655	1 000	0,655			0,655	1	P	N
146	PVNO/PVPI	530	1 000	0,53			0,53	1	P	N
147	Zn Ftalocyanin sulphonate	0,2	1 000	0,0002	0,16	100	0,0016	1	P	N
148	Iminodisuccinat	81	1 000	0,081	17	100	0,17	0,05	R	N
149	FWA 1	11	1 000	0,011	10	100	0,1	1	P	N
150	FWA 5	10	1 000	0,01	1	10	0,1	1	P	N
151	1-decanol	2,3	5 000	0,00046			0,00046	0,05	R	O
152	Methyl laurate	1 360	10 000	0,136			0,136	0,05	R	O
153	Formic acid (Ca salt)	100	1 000	0,1			0,1	0,05	R	Y
154	Adipic acid	31	1 000	0,031			0,031	0,05	R	O
155	Maleic acid	106	1 000	0,106			0,106	0,05	R	Y
156	Malic acid	106	1 000	0,106			0,106	0,05	R	O

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
157	Tartaric acid	200	10 000	0,02			0,02	0,05	R	O
158	Phosphoric acid	138	1 000	0,138			0,138	0,15	NA	NA
159	Oxalic acid	128	5 000	0,0256			0,0256	0,05	R	O
160	Acetic acid	30	1 000	0,03			0,03	0,05	R	Y
161	Lactic acid	130	1 000	0,13			0,13	0,05	R	Y
162	Sulphamic acid	75	1 000	0,075			0,075	1	NA	NA
163	Salicylic acid	46	1 000	0,046			0,046	0,15	R	O
164	Glycollic acid	141	5 000	0,0282			0,0282	0,05	R	O
165	Glutaric acid	208	5 000	0,0416			0,0416	0,05	R	O
166	Malonic acid	95	5 000	0,019			0,019	0,05	R	O
167	Ethylene glycol	6 500	1 000	6,5			6,5	0,05	R	Y
168	Ethylene glycol monobutyl ether	747	5 000	0,1494			0,1494	0,05	R	O
169	Diethylene glycol	4 400	10 000	0,44			0,44	0,15	I	Y
170	Diethylene glycol monomethyl ether	500	1 000	0,5			0,5	0,5	I	O
171	Diethylene glycol monoethyl ether	3 940	5 000	0,788			0,788	0,05	R	O
172	Diethylene glycol monobutyl ether	1 254	1 000	1,254			1,254	0,05	R	O
173	Diethylene glycol dimethylether	2 000	10 000	0,2			0,2	0,5	I	O
174	Propylene glycol	32 000	1 000	32			32	0,15	R	Y
175	Propylene glycol monomethyl ether	12 700	5 000	2,54			2,54	0,05	R	O
176	Propylene glycol monobutylether	748	5 000	0,1496			0,1496	0,05	R	O
177	Dipropylene glycol	1 625	10 000	0,1625			0,1625	0,05	R	O
178	Dipropylene glycol monomethyl ether	1 919	5 000	0,3838			0,3838	0,05	R	O
179	Dipropylene glycol monobutylether	841	5 000	0,1682			0,1682	0,05	R	O

		Акутна токсичност			Хронична токсичност			Деградација		
Број	**Име на состојката**	**LC50/EC50**	**SF(acute)**	**TF(acute)**	**NOEC (*)**	**SF (chronic) (*)**	**TF(chronic)**	**DF**	**Аеробна**	**Анаеробна**
180	Dipropylene glycol dimethylether	1 000	5 000	0,2			0,2	0,5	I	O
181	Triethylene glycol	4 400	1 000	4,4			4,4	0,5	I	O
182	Tall oil	1,8	1 000	0,0018			0,0018	0,5	I	O
183	Ethylenebisstearamides	140	5 000	0,028			0,028	0,5	I	O
184	Sodium gluconate	10 000	10 000	1			1	0,05	R	O
185	Glycol distearate	100	5 000	0,02			0,02	0,5	I	O
186	Hydroxyl ethyl cellulose	209	5 000	0,0418			0,0418	1	P	O
187	Hydroxy propyl methyl cellulose	188	5 000	0,0376			0,0376	1	P	O
188	1-methyl-2-pyrrolidone	500	1 000	0,5			0,5	0,05	R	O
189	Xanthan gum	490	1 000	0,49			0,49	0,05	R	O
190	Trimethyl Pentanediol mono-isobutyrate	18	1 000	0,018	3,3	100	0,033	0,05	R	O
191	Benzotriazole	29	1 000	0,029			0,029	1	P	O
192	Piperidinol-propanetricarboxylate salt	100	1 000	0,1	120	100	1,2	0,5	I	O
193	Diethylaminopropyl-DAS	120	1 000	0,12	120	100	1,2	1	P	O
194	Methylbenzamide-DAS	120	1 000	0,12	120	100	1,2	0,5	I	O
195	Pentaerythritol-tetrakis-phenol-propionate	38	1 000	0,038			0,038	1	P	O
196	Block polymers	100	5 000	0,02			0,02	1	P	N
197	Denatonium benzoate	13	5 000	0,0026			0,0026	1	O	O
198	Succinate	374	10 000	0,0374			0,0374	0,05	R	O
199	Polyaspartic acid	528	1 000	0,528			0,528	0,05	R	N

(нерастворлива неорганска) - состојка со многу мала растворливост, или нерастворлива во вода

(*) - ако нема прифатливи податоци за хронична токсичност, овие колони се празни. Во тој случај TF(chronic) е дефиниран како еквивалент на TF(acute).

(**) - Како основно правило на дозволата на барателот, мора да се користат податоци од листата. Парфемите и боите се исклучоци. Доколку податоците за токсичност се опфатени со дозволата, барателот истите треба да ги користи за пресметка на TF и определување на деградацијата. Доколку тоа не го стори, тогаш треба да ги користи вредностите од листата.

(#) - Во случај на недостаток од резултати за токсичност, TF се пресметува како просек на вредностите C 12/14 Alkyl sulphat(AS) и C 16/18 Alkyl sulphate (AS)

(§) - 5-Chloro-2-Methyl-4-isothiazolin-3-one и 2-Methyl-4-isothiazolin-3-one во смеса од 3: 1

Листа на кратенки:

SF(acute)	= безбедносен фактор за акутна токсичност.
TF(acute)	= фактор на токсичност на основа на акутната токсичност на водните организми.
SF(chronic)	= безбедносен фактор за хронична токсичност.
TF(chronic)	= фактор на токсичност на основа на хроничната токсичност на водните организми.
DF	= фактор на деградација.

Аеробна деградација:

R	= лесна биодеградација согласно OECD упатствата
I	= нераздвоива биодеградација согласно OECD упатствата
P	= постојана. Состојката не го исполнува тестот за нераздвоива биодеградација
O	= состојката не била тестирана
NA	= не е применливо

Анаеробна деградација:

Y	= биоразградлив под анаеробни услови
N	= не е биоразградлив под анаеробни услови
O	= состојката не била тестирана
NA	= не е применливо

Листа Б

Критичен разблажен волумен

Критичниот разблажен волумен се пресметува според следната формула:

$$CDV = 1000 * \Sigma Dosage(i) * DF(i)/TF(i)$$

каде:

Dosage(i) = доза на состојката изразена во g/перење, или понекогаш g/100g од производот

DF(i) = Фактор на деградација на состојката *i*

TF(i) = Фактор на токсичност на состојката *i*

ПОСТАПКА КОЈА СЕ ПРИМЕНУВА ДОКОЛКУ СОСТОЈКАТА НЕ Е НАВЕДЕНА ВО ЛИСТА НА СОСТОЈКИТЕ НА ДЕТЕРГЕНТОТ

Токсичност во вода

Во Европската шема за еколошко означување *CDV* се пресметува врз основа на фактори за хронична токсичност и хронична безбедност. Доколку не се достапни резултатите од хроничните тестови, тогаш мора да се користат факторите за акутна токсичност и безбедност.

Фактор на хронична токсичност ($TF_{chronic}$)

- Се пресметува средната вредност внатре секое трофично ниво (риби, раковидни животни, алги) користејќи потврдени тест резултати за хронична токсичност. Доколку се достапни повеќе тест резултати за еден вид од трофичното ниво, прво треба да се пресмета средната вредност на видовите и овие средни вредности треба да бидат користени за пресметување на средната вредност за трофичното ниво.
- Факторот на хронична токсичност ($TF_{chronic}$) е најниска пресметана средна вредност на трофичните нивоа.
- $TF_{chronic}$ треба да биде користен при пресметување на критичниот разблажен волумен.

Фактор на акутна токсичност (TF_{acute})

- Се пресметува средната вредност внатре секое трофично ниво (риби, раковидни животни, алги) користејќи потврдени тест резултати за хронична токсичност. Доколку се достапни повеќе тест резултати за еден вид од трофичното ниво, прво треба да се пресмета средната вредност на видовите и овие средни вредности треба да бидат користени за пресметување на средната вредност за трофичното ниво.
- Факторот на хронична токсичност (TF_{acute}) е најниска пресметана средна вредност на трофичните нивоа.
- TF_{acute} треба да биде користен при пресметување на критичниот разблажен волумен.

Безбедносен фактор

Безбедносниот фактор (*SF*) зависи од тоа колку трофични нивоа се тестирани и дали резултатите од тестовите за хроничност се достапни или не. Безбедносниот фактор се определува на следниот начин:

Податоци	Безбедносен фактор (SF)	Фактор на токсичност (TF)
Еден краткотраен L(E)C50	10.000	Токсичност/10.000
Два краткотрајни L(E)C50 од видови кои се претставници на две трофични нивоа (риби и/или ракови и/или алги)	5.000	Токсичност/5.000
Најмалку еден краткотраен L(E)C50 од сите три трофични нивоа од основниот сет *)	1.000	Токсичност/1.000
Еден долготраен NOEC (риби или ракови)	100	Токсичност/100
Два долготрајни NOEC од видови кои се претставници на две трофични нивоа (риби и/или ракови и/или алги)	50	Токсичност/50
Долготраен NOEC од најмалку три видови (риби, ракови и алги) кои претставуваат три трофични нивоа	10	Токсичност/10

*) Основниот сет за тестирање на токсичноста на водните организми се состои од акутни тестови со риби, раковидни животни и алги

Фактор на деградација

Факторот на деградација се дефинира на следниов начин:

Табела 1. Фактор на деградација (DF):

	DF
Лесно биоразградливи*	0,05
Лесно биоразградливи**	0,15
Нераздвоиво биоразградливи	0,5
Постојани	1

* Сите површински активни супстанции или други состојки од серијата хомологации кои ги исполнуваат крајните барања на тестот за деградација, треба да бидат вклучени во класата без оглед на исполнувањето на критериумот за 10-дневен прозорец.

** Критериумот 10-дневен прозорец не е исполнет.

За неоргански состојки DF се одредува во зависност од периодот на посматраната деградација. Ако состојката се деградира за пет денови: DF = 0,05, за 15 денови: DF = 0,15, за 50 денови: DF = 0,5.

Анаеробна биодеградација

Состојката мора да се класифицира во една од следниве класи на препарати:

Категорија	Ознака
Анаеробни не биоразградливи, односно тестирани и најдени не биоразградливи	N
Анаеробно биоразградливи, односно тестирани и најдени биоразградливи, или не тестирани, но демонстрирано преку аналогни предвидувања итн.	Y
Не тестирани за анаеробна биодеградација	0

Аеробна биодеградација

Состојката мора да се класифицира во едно од следниве класи на препарати:

Категорија	Ознака
Лесно биоразградливи	R
Природно биоразградливи, но не лесно биоразградливи	I
Постојани	P
Не тестирани за анаеробна биодеградација	0

Нерастворливи неоргански состојки

Доколку неорганската состојка има многу мала растворливост во вода, или не е растворлива во вода, истото мора да се назначи во документацијата која се поднесува до надлежниот орган.

Листа В

Документација за анаеробна биодеградација

Следната постапка се применува со цел да се обезбеди документација за анаеробната биодеградација на состојките кои не се на Листата на состојките на детергентот од Листата А. .

Да се примени разумна екстраполација. Да се користат резултати од тестови добиени со една суровина за да се добие крајната анаеробна деградација на структурално сродни површински активни супстанции.

Доколку анаеробната биодеградација е потврдена за површински активни супстанции кои се на Листата А на состојките на детергентот, се претпоставува дека површински активни супстанции од сроден тип ќе бидат еднакво биоразградливи. Доколку анаеробната биодеградација на површински активна супстанција е потврдена со соодветни тест метод се претпоставува дека сличен вид на површински активни супстанции се исто така биоразградливи.

Изведба на тест метод за проверка на биодеградација. Доколку е потребно ново тестирање, проверката да се изврши со употреба на OECD 311, ISO 11734, ECETOC бр. 28 (јуни 1988) или со еквивалентен метод.

Изведба на тест метод за анаеробна биодеградација на мало дозирање. Доколку е потребно ново тестирање, а во случај на проблеми со тестот за проверка, тестот да се повтори со користење на мала доза на површински активна супстанција и да се следи деградацијата со 14C мерките или хемиски анализи. Тестирањето со мали дози може да се изведе со употреба на OECD 308 (24 април 2002) или со негов еквивалентен метод кој ќе обезбеди примена на строгите анаеробни услови. Тестирањето и толкувањето на резултатите треба да се изведе од страна на независен експерт.

Листа Г

Специфични параметри во врска со тестирањето

Рамка за извршување на тестот

Целта на извршување на тестот е да се споредат способноста и капацитетот на тестираниот производ со способностите и капацитетите на референтните производи. Рамката дозволува употреба на широк спектар на тест постапки се додека барањата кои се дадени подолу се дел од тест постапката. При тестирањето миењето може да се прави рачно или пак на машина. Тестот може да вклучува миење на садови од керамика, но и не мора.

Број на тестови

Мора да се направи серија од пет тестови во кои тестираните и референтните производи се споредуваат еден со друг во секоја серија. Секоја серија се состои од два под-теста: еден за тестираниот производ и друг за референтниот производ. Покрај, десетте под-тестови, најмалку еден дополнителен тест мора да се изведе во кој нема да се употребува детергент за рачно миење на садови (така наречен воден тест). Овој тест покажува дека резултатите од одбраниот тест метод потврдуваат дека тестираниот производ има подобри перформанси отколку при чистење со обична вода.

Параметри на водата

- Мора да се користи ист волумен на вода при сите под-тестови. Волуменот на водата се изразува во литри до една децимала.
- Мора да се знае тврдината на водата, како и односот калциум - магнезиум.
- Температурата на водата мора да биде иста при сите под-тестови. Треба да се мери на почетокот и да се одржува константна во текот на целиот текст. Меѓутоа, намалување на температурата на водата во текот на тестот е прифатливо, доколку истото намалување на температурата е документирано за сите под-тестови.

Параметри на тестираниот и референтниот производ

- Референтниот производ може да биде или водечкиот на пазарот или генеричка формулација.
- Доколку се употребува водечкиот производ на пазарот, тоа треба да биде еден од трите до четирите производи со највисока продажба на пазарот во регионот, во кој еколошко означените производи треба да се продаваат. Понатаму, водечкиот производ на пазарот мора да биде одобрен од надлежниот орган и неговото трговско име мора да и биде достапно на јавноста.
- Ако се користи генерички референтен производ, тој мора да има состав кој е репрезентативен за производите на пазарот. Понатаму, генерички референтниот производ мора да биде одобрен од органот надлежен за одобрување на генерички референтен производ и неговата формулација мора да биде општо достапна без надомест.
- Дозирањето на тестираниот производ и на референтниот производ треба да биде препорачана доза во сите тестови, нормализирана за даден волумен на вода и измерена во грамови до една децимала. Доколку на референтниот производ не е назначена препорачана доза, истата доза мора да се употреби при тестирањето на двата производа, тестираниот и референтниот.
- Доколку е приложен дозер, тогаш за тестот мора да се употреби најниската препорачана доза.
- Детергентот мора да биде измешан и потполно растворен во вода.

Параметри за нечистотија

- Мора да се употреби најмалку една вид на нечистотија примарно составена од свежа маснотија од животинско потекло и маснотија од растително потекло.
- Истата нечистотија треба да се користи во сите под-тестови.
- Потеклото или хемискиот состав на нечистотијата, пр. маслиново масло, говедски лој, итн. треба да се опише во детали.
- Нечистотијата треба да биде хомогена и со еднаква конзистентност.
- Мора да биде подготвена наеднаш доволно нечистотија за целиот тест.
- Количеството на нечистотија што се употребува при тестирањето треба да биде еднакво во сите под-тестови и треба да се измери во грамови до една децимала.

Тест постапка

- Тестираниот и референтниот производ треба да бидат анонимни за оној кој ги тестира.
- Елементите и нивоата вклучени во под-тестот треба да бидат одлучени однапред и треба да бидат идентични за секој под-тест.
- Температурата и релативната влажност во просторијата треба да бидат измерени и да се држат константни во текот на сите под-тестови.
- Постапката за нанесување на нечистотијата и времето оставено за нејзино сушење треба да се определат однапред.
- Постапката за рачно миење садови или машинско отстранување на нечистотијата треба да бидат опишани однапред.
- Најмалку пет под-тестови треба да се изведат и на тестираниот и на референтниот производ, а најмалку еден тест треба да се изведе со вода без додавање на детергент.

Проценка на капацитетот

- Тестот треба да обезбедува генерирање на резултати кои овозможуваат мерење на капацитетот. Капацитетот се изразува во грамови отстранета нечистотија на пет литри вода пред достигнување на претходно дефинираната точка на заситеност. Точката на заситеност е на пр. кога веќе не можат да се забележат резултатите од чистењето, кога нечистотијата плива на површината на водата, кога пената не ја покрива целосно површината, или кога нема видлива пена.

Проценка на чистотата

- Тестот мора да обезбедува генерирање на резултати кои овозможуваат мерење на чистотата. Чистотата може да се мери визуелно, оптички или со друг релевантен метод. Методот на мерење, вклучувајќи и можен систем на прикажување на резултатите, треба да биде определен однапред.

Споредба

- Позитивен резултат е постигнат кога капацитетот и чистотата на тестираниот производ се еднакви или подобри во споредба со референтниот производ.
- Тестираниот производ се смета дека ги исполнил барањата во поглед на неговите својства доколку позитивни резултати се постигнати во најмалку 80% од серијата тестови. Како алтернатива, апликантот може да употреби статистички метод и да демонстрира со 95% опсег на доверба дека тестираниот производ е исто толку добар или подобар од референтниот во најмалку 80% од серијата тестови.
- Исто така треба да се прикаже дека тестираниот производ има поголема способност за чистење од онаа на чистата вода.

Документација

За секој тест мора да се направи извештај со следната спецификација, односно извештајот мора да ги содржи следните точки:

- опис како тестот и референтните производи биле направени анонимни за извршителот/ извршителите на тестот,
- спецификација на температурата и влажноста во просторијата каде се извршува тестот и детали како лицето/лицата кои тестираат ги обезбедуваат овие услови и ги зачувуваат постојани во сите под-тестови,
- опис на составот на нечистотијата и на процедурата користена за да се обезбеди дека истата е хомогенизирана и еднакво конзистентна,
- спецификација на тврдината на водата и како е тоа постигната, како и спецификација на калциум – магнезиум односот,
- спецификација на количината на вода користена во под-тестовите и спецификација како е исполнето барањето за потребната температура на водата,
- спецификација на резултатите од измерената тежина на детергентот во секој под-тест и опис на процедурата за растворање на производот во водата,
- опис на процедурата за додавање нечистотија на било кој сад, или во водата за миење,
- спецификација на резултатите од мерење на тежината на нечистотијата во секој под-тест,
- опис на останатите елементи и етапи во секој индивидуален под-тест,
- опис на колкави капацитети и средства за чистење се измерени,
- груби податоци за сите серии на тестови содржани во термините на капацитети и средства за чистење,
- финални резултати вклучувајќи ги резултатите на тестираната вода (во која не е користен детергент) и ако е применливо статистичко вреднување на податоците.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

3477.

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за катастарската општина Дражево - Општина Ново Село.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Дражево, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18741/1
29 декември 2008 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р

_____

3478.

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за катастарската општина Радово - Општина Босилово.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Радово, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18742/1
29 декември 2008 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р

3479.

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за катастарската општина Долни Балван – Општина Карбинци.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Долни Балван, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18743/1
29 декември 2008 година Директор
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р.

_____

3480.

Врз основа на член 160 став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за катастарска општина Аргулица – Општина Карбинци.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Аргулица, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18744/1
29 декември 2008 година Директор
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р.

3481.

Врз основа на член 160, став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за катастарската општина Царев Двор – Општина Ресен.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Царев Двор, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18745/1 Директор,
29 декември 2008 година **Љупчо Георгиевски**, с.р.
Скопје

_____

3482.

Врз основа на член 160, став 3 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА КОНВЕРЗИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД КАТАСТАР НА ЗЕМЈИШТЕ ВО КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се врши конверзија на податоците од катастар на земјиште во катастар на недвижности за катастарската општина Стење – Општина Ресен.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Стење, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18746/1 Директор,
29 декември 2008 година **Љупчо Георгиевски**, с.р.
Скопје

_____

3483.

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Теранци - Општина Чешиново-Облешево.

Катастарот на недвижностите ќе се применува од 15-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Теранци, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-18747/1
29 декември 2008 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008165

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Меѓународни договори

Број 165 | Вторник, 30 декември 2008 | Год. LXIV

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

Стр.

35. **Закон** за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување..... **1**

36. **Закон** за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според Компонента V (IPARD) од Иинструментот за претпристапна помош..... **30**

37. **Закон** за ратификација на Протоколот за измени и дополнувања на Меѓународната конвенција за поедноставување и усогласувањена царинските постапки **211**

35.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ФАКУЛТАТИВНИОТ ПРОТОКОЛ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ПРОТИВ ТОРТУРА И ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

Се прогласува Законот за ратификација на Факултативниот протокол кон конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 декември 2008 година.

Бр. 07-5829/1
30 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н

ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ФАКУЛТАТИВНИОТ ПРОТОКОЛ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ПРОТИВ ТОРТУРА И ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

Член 1

Се ратификува Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, усвоен на 18 декември 2002 година во Њујорк.

Член 2

Протоколот во оригинал на англиски јазик и во превод на македонски јазик гласи:

Optional Protocol to the Convention against Torture and other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment

PREAMBLE

The States Parties to the present Protocol,

Reaffirming that torture and other cruel, inhuman or degrading treatment or punishment are prohibited and constitute serious violations of human rights,

The IPARD Agency may delegate the collection of certain categories of recoveries to other bodies, subject to the conditions referred to under point 1.C), adapted as appropriate and to the additional condition that these other bodies report to the IPARD Agency on a regular and timely basis, not less than monthly, on all revenues recognised and monies received.

F. AUDIT TRAIL

The information regarding documentary evidence of the authorisation, accounting and payment of claims and handling of debts shall be available to ensure at all times a sufficiently detailed audit trail.

The management shall, at an appropriate level, be informed on a regular and timely basis of the results of controls carried out, so that the sufficiency of those controls may always be taken into account before a claim is settled.

For those purposes, the structures, authorities and bodies of the management and control systems as defined in Article 9 shall set up necessary procedures to ensure the retention of all documents required to guarantee an adequate audit trail.

4. MONITORING ACTIVITIES

A. ONGOING MONITORING VIA INTERNAL CONTROL ACTIVITIES

The internal control activities shall cover at least the following areas:

(a) Monitoring of the technical services and delegated bodies responsible for carrying out the controls and other functions to ensure a proper implementation of regulations, guidelines and procedures.

(b) Initiating of system changes in order to improve control systems in general.

(c) Reviewing claims and requests submitted to the structures, authorities and bodies of the management and control systems as defined in Articles 9 and 10 of the Framework Agreement as well as other information providing suspicion of irregularities.

Ongoing monitoring is built into the normal, recurring operating activities. At all levels the daily operations and controls activities shall be monitored on an ongoing basis to ensure a sufficiently detailed audit trail.

B. SEPARATE EVALUATIONS VIA AN INTERNAL AUDIT SERVICE

For each of its different constituting bodies, structures, authorities and bodies of the management and control system as defined in Articles 6 – 8 of the Framework Agreement shall adopt in this respect the following procedures:

(a) The internal audit service shall be independent of the other departments and shall report directly to the top management.

(b) The internal audit service shall verify that procedures adopted by the concerned structures, authorities and bodies of the management and control systems, and modifications thereto, are adequate to ensure that compliance with the Agreements is verified, that the functioning of their systems at subordinate levels operates efficiently and that the accounts are accurate, complete and timely. Verifications may be limited to selected measures and sub-measures and to samples of transactions provided that an audit plan ensures that all significant

areas, including the departments and bodies responsible for authorisation and those departments and bodies to which functions have been delegated, are covered over a period not exceeding five years. May involve some ex-post transaction checking but should be more focussed on effectiveness and efficiency of system and organisation design.

(c) The internal audit service's work shall be performed in accordance with international accepted auditing principles, shall be recorded in working papers and shall result in reports and recommendations addressed to the top management.

(d) The audit plans and reports shall be made available to the Audit Authority, to the duly authorised officials or representatives of the CAO and the NAO, and to the duly authorised agents or representatives of the Community to undertake financial audits and for the sole purpose of appraising the effectiveness of the internal audit function.

5. INFORMATION AND COMMUNICATION

A. COMMUNICATION AND PUBLICITY

(a) The structures, authorities and bodies of the management and control systems as defined in Articles 6 – 8 of the Framework Agreement shall adopt the necessary procedures to ensure that every change in the Community's regulations, in particular changes in rates of aid or terms and conditions for the grant of aid, are recorded and the instructions, databases and checklists updated in good time.

(b) Any proposed changes in the management and control system's paying and implementing arrangements after their accreditation and conferral of management shall be submitted to the competent national authority(ies) and the Commission, with copy to the Audit Authority, for examination and approval in advance of their implementation.

(c) The *IPARD Agency* shall ensure that adequate publicity is given to the availability of support, while the Managing Authority shall monitor and guarantee in this respect the compliance with the obligations concerning publicity. This publicity shall make reference to Community co-financing and be directed towards all potential project managers and operators so as to obtain as wide as possible a selection of potential project managers and operators. Standard application forms with clear guidelines for completion and conditions for eligibility shall be drawn up in advance of the launch of the scheme. No charges shall be imposed on potential final beneficiaries or on final beneficiaries for information, including application forms, relating to the IPARD Programme. This provision is without prejudice to the application of charges levied generally in the rest of the economy.

B. INFORMATION SYSTEMS SECURITY

A comprehensive information technology security policy shall be developed on the basis of an approved strategy for information and communication technology to ensure confidentiality, integrity and availability of all data:

(a) Information systems security shall be based on the criteria laid down in the version applicable in the financial year concerned of International Standards Organisation 17799/British Standard 7799: Code of practise for Information Security Management (BS ISO/IEC 17799) and any guidelines on the application of these standards established by the Commission.

(b) Security measures shall be adapted to the administrative structure, staffing and technological environments of each individual structure, authority or body of the management and control systems. The financial and technological effort shall be in proportion to the actual risks incurred.

C. REPORTING

(a) An appropriate management information system shall be set up for the speedy generation of appropriate data and reports on IPARD Programme implementation.

(b) Procedures for regular reporting at appropriate levels on efficiency and effectiveness of internal control, ensuring all staff at all levels receive adequate regular information in order to fulfil their accountabilities.

The arrangements concerning the exchange of appropriate data and reports shall be agreed not later than the designation of structures, authorities and bodies defined in Article 6 of the Framework Agreement.

ANNEX II

FORM D 1 – DECLARATION OF EXPENDITURE AND REVENUE

Measure / Axis	Shortname	Payments		Recoveries/corrections		Requested to IPARD	Clearance of accounts amounts		Transitory reductions		Payment calculated
		Public. exp.	IPARD	Public. exp.	IPARD		Reusable	Non reusable	Excess Fin Plan	Information request	
		1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
		to be filled in by beneficiary country	*automatically calculated by the Commission*	*to be filled in by beneficiary country*		*automatically calculated by the Commission*	*to be filled in by the Commission*				*automatically calculated by the Commission*
101 Investments in agricultural holdings											
102 Support for the setting-up of producer groups											
103 Investments in the processing and marketing of agriculture and fishery products											
Total priority axis 1	Improving market efficiency and implantation of Community standards										
201 Actions to improve environment and countryside											
202 Preparation and implementation of local rural development strategies											

Total Axis 2	Preparatory actions												
301 Improvement and development of rural economic activities													
302 Diversification and development of rural economic activities													
303 Improvement of training													
Total Axis 3	Development of rural economic												
Technical Assistance													
Grand Total													

ANNEX III

FORM D 2 - ANNUAL DECLARATION OF ACCOUNTS FOR FINANCIAL YEAR (.....)

(to be sent together with the documents required, under Articles 50 and 51 of the Sectoral Agreement, to the European Commission, DG AGRI, (IPARD), Rue de la Loi 130, BE – 1049 Brussels)

IPARD Programme:

.....

Commission Decision(s) No ..... of .....
(as last modified by Decision No ..... of .....)

Commission reference number (CCI):

.....

The undersigned, ..., as the National Authorising Officer representing the Republic of Macedonia as provided for in the Agreements concluded between the Republic of Macedonia and the Commission, hereby declares that the total eligible expenditure in accordance with the programme incurred from (1/1/year ..... to 31/12/year .....) amounts to ..... euros.

Details relating to this expenditure are set out in the table annexed hereto and form an integral part of this declaration.

I also declare that the measures are progressing at a satisfactory rate in accordance with the objectives laid down in the Programme, and that the supporting documents are, and will remain, available as provided for in Article 48 of the Sectoral Agreement.

I declare that:

1. The listing of expenditure is exact. It is based on accounts at the level of individual projects and supported by documentary evidence.

2. Payments to the final beneficiaries were made without any specific charge, deduction or withholding of any amount which might reduce the amount of financial assistance to which they are entitled.

3. I have checked that the expenditure declared eligible has been carried out in compliance with the Programme, the MFA, the Commission Decision(s) referred to in Articles 25, 53 and 54 of the Sectoral Agreement and the principles of sound financial management.

4. The declaration includes all debts which have been registered for less than two years. The total amount of these debts at the end of the year to which this declaration refers amounts to ..... euros.

5. The volume of Community funds in the IPARD euro account as at the end of the year to which this declaration refers amounts to ..... euros.

6. Conversions between national currency and euro have been carried out in conformity with the provision of Article 45 of the Sectoral Agreement.

7. Interests generated by the financing of the Community have been established and registered in accordance with the provisions of Article 45 of the Sectoral Agreement.

8. The clearance information, as referred to in Article 51 of the Sectoral Agreement, has been certified and transmitted to the Commission on time.

9. The form and the content of the annual accounts, as referred to in Article 50 of the Sectoral Agreement, and the accounting information, as referred to in Article 52 of the Sectoral Agreement, have been established in accordance with International Generally Accepted Accounting Principles and any guidelines on the application of these standards established by the Commission.

10. The supporting documents are, and will remain, available as provided for in Article 51 of the Sectoral Agreement. They are open to verification.

This declaration of accounts contains ..... numbered pages.

This declaration has been made by:

.....

(Date, stamp and signature of the Head of the National Fund)

The declaration has been established on the basis of financial amounts provided by:

.....

(Date(s), stamp(s) and signature(s) of the Accountant of the IPARD Agency and/or the National Fund)

Certified by:

.....

(Date, stamp and signature of the National Authorising Officer on behalf of the Republic of Macedonia)

Done at ....., ...

(Date)

FORM D 2 - ANNUAL DECLARATION OF ACCOUNTS FOR FINANCIAL YEAR (YEAR)
European Commission - IPARD

IPARD Programme: **CCI Number:**

Measure / Axis	Shortname	Community part that has been requested to IPARD in quarterly declarations for the financial year (YEAR)
		to be filled in by beneficiary country
101 Investments in agricultural holdings		
102 Support for the setting-up of producer groups		
103 Investments in the processing and marketing of agriculture and fishery products		
Total priority axis 1	Improving market efficiency and implementation of Community standards	
201 Actions to improve environment and countryside		
202 Preparation and implementation of local rural development strategies		
Total Axis 2	Preparatory actions	
301 Improvement and development of rural infrastructure		
302 Diversification and development of rural economic activities		
303 Improvement of training		
Total Axis 3	Development of rural economy	
Technical Assistance		
Grand Total		

Total amount of outstanding debt at 31.12.(YEAR)	
Closing balance of the IPARD Euro-account at 31.12.(YEAR)	

ANNEX IV

PAYMENT FORECASTS

FORECASTS OF THE AMOUNT TO BE PAID BY IPARD TO BE SUBMITTED NOT LATER THAN 28 FEBRUARY

Estimate of the amounts in euros to be paid by IPARD in year 'n' for:			
Programme	January - March	April - June	July - September
Estimate of the amounts in euros to be paid by IPARD in year 'n+1' for:			
October - December	January - March	April - June	July - September

ANNEX V FINANCIAL IDENTIFICATION

FINANCIAL IDENTIFICATION

PRIVACY STATEMENT http://ec.europa.eu/budget/execution/ftiers_fr.htm

ACCOUNT NAME

ACCOUNT NAME[1]

ADDRESS

TOWN/CITY POSTCODE

COUNTRY

CONTACT

TELEPHONE FAX

E-MAIL

BANK

BANK NAME

BRANCH ADDRESS

TOWN/CITY		POSTCODE	
COUNTRY			
ACCOUNT NUMBER			
IBAN[2]			

REMARKS:

BANK STAMP + SIGNATURE OF BANK REPRESENTATIVE (Both Obligatory)[3]	**DATE + SIGNATURE ACCOUNT HOLDER** (Obligatory)
	DATE

(1) The name or title under which the account has been opened and not the name of the authorized agent

(2) If the IBAN Code (International Bank account number) is applied in the country where your bank is situated

(3) It is preferable to attach a copy of recent bank statement, in which event the stamp of the bank and the signature of the bank's representative are not required. The signature of the account-holder is obligatory in all cases.

СПОГОДБА

помеѓу

ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

и

КОМИСИЈАТА НА ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

за

ПРАВИЛАТА ЗА СОРАБОТКА ВО ОДНОС НА ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ ОД ЕК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
И
СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОМОШТА СПОРЕД КОМПОНЕНТА V (ИПАРД) ОД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА)

СОДРЖИНА

ОДДЕЛ I: ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1 Опсег 7
Член 2 Општи одредби на Рамковната спогодба 7
Член 3 Усогласеност со спогодбите 8
Член 4 Конзистентност со други инструменти 8
Член 5 Заштита на финансиските интереси на Заедницата 8
Член 6 Државна помош 9

ОДДЕЛ II: СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Пододдел 1 Општи одредби

Член 7 Опсег 9
Член 8 Принципи на спроведување 9

Пододдел 2 Структури и органи

Член 9 Функции и заеднички одговорности на структурите, органите и на телата 10
Член 10 Функции и одговорности на надлежниот координатор за акредитасијаакредитација 10
Член 11 Функции и одговорности на националниот координатор за авторизација и на националниот фонд 11
Член 12 Назначување на оперативната структура 11
Член 13 Функции и одговорности на Телотото за управување 12
Член 14 Функции и одговорности на ИПАРД Агенцијата 13
Член 15 Назначување на Ревизорско тело 14
Член 16 Функции и одговорности на Ревизорското тело 14
Член 17 Соопштување на информации 18

Пододдел 3 Контроли

Член 18 Општи начела за контрола 19
Член 19 Административни проверки 19
Член 20 Проверки на самото место 20
Член 21 Последователни проверки 21

Пододдел 4 Акредитирање и пренесување на надлежностите за управување

Член 22 Општи критериуми 22
Член 23 Постапка за акредитирање на НАО и на Националниот фонд од страна на НКА 24
Член 24 Постапка за акредитирање на Оперативната структура 25
Член 25 Постапка за пренесување на надлежностите за управување од страна на Комисијата 27
Член 26 Надзор, контрола и ревизија од страна на Комисијата и на Европскиот суд на ревизори 28
Член 27 Изјава за гаранција од НАО 30
Член 28 Подготвување извештаи и мислења од страна на Ревизорското тело и нивно следење од страна на НАО и Комисијата 31

Член 29 Посебни тела

ОДДЕЛ III: ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

Пододдел 1 Општи одредби

Член 30 Опсег 32
Член 31 Општи правила за финансиска помош 32
Член 32 Прифатливост на трошоци 33
Член 33 Правила за набавки 36
Член 34 Интензитет на помошта и стапка на учество од Заедницата 36

Пододдел 2 Управување со финансиски средства

Член 35 Одлуки за финансирање и Повеќегодишни спогодби за финансирање 37
Член 36 Задолженија од Комисијата 38
Член 37 Финансиски план на ИПАРД Програмата 38
Член 38 Исплати од Комисијата 38
Член 39 Изјава за трошоците 39
Член 40 Претходно финансирање 41
Член 41 Меѓу-исплати 42
Член 42 Пресметување на износот што треба да се исплати 42
Член 43 Исплата на крајното салдо 43
Член 44 Исплати на крајните корисници 44
Член 45 Девизен курс и каматна стапка 46
Член 46 Одложување на исплати 47
Член 47 Затворање на ИПАРД Програмата 48
Член 48 Чување на документи 48

Пододдел 3 Финансиски корекции

Член 49 Заштита на финансиските интереси на Заедницата и осигурување во однос на управувањето со средства на Заедницата 49
Член 50 Содржина на годишните сметки 49
Член 51 Предавање на информацијата за преглед и одобрување на сметки 50
Член 52 Форма и содржина на сметководствените информации 51
Член 53 Финансиско прегледување и одобрување 52
Член 54 Потврда за финансиска усогласеност 53
Член 55 Враќање на средства во случај на неправилност или измама 55
Член 56 Дефинирање на административните или на судските наоди 56

Пододдел 4 Исклучителни природни непогоди

Член 57 Исклучителни природни непогоди 56

ОДДЕЛ IV: УПРАВУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Пододдел 1 Општи одредби

Член 58 Опсег 57
Член 59 Партнерство 57

Пододдел 2 Следење на ИПАРД Програма

Член 60	Следење на програмата и показатели за следење	58
Член 61	Комитет за следење на ИПАРД	58
Член 62	Показатели	60
Пододдел 3	***Оценување***	
Член 63	Принципи на оценување на ИПАРД Програмата	60
Член 64	Претходно оценување на ИПАРД Програмата	61
Член 65	Тековно оценување	62
Член 66	Меѓу оценување	62
Член 67	Последователно оценување	63
Пододдел 4	***Известување***	
Член 68	Годишни и завршни извештаи	63
Пододдел 5	***Информирање и транспарентност***	
Член 69	Информирање и достапност за јавноста	65
Член 70	Транспарентност	66
ОДДЕЛ V:	**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**	
Член 71	Завршни одредби на Рамковната Спогодба	67
Член 72	Влегување во сила	68
Член 73	Потпишување	69
АНЕКСИ		70
Анекс I	Критериуми за акредитирање	71
Анекс II	Формулар Д1- Изјава за трошоците	84
Анекс III	Формулар Д2- Годишни сметки	85
Анекс IV	Предвидувања за исплати	88
Анекс V	Финансиска идентификација	89

СПОГОДБА

Комисијата на Европските заедници, во понатамошниот текст „Комисијата“, постапувајќи за и во име на Европската заедница, во понатамошниот текст „Заедницата“

од една страна, и

Владата на Република Македонија, постапувајќи во име на Република Македонија, во понатамошниот текст „Република Македонија“

од друга страна,

во понатамошниот текст заеднички наведени како „договорни страни“,

со оглед на тоа што:

(1) На 17 јули 2006 година Советот на Европската унија ја донесе Регулативата (ЕЗ) бр. 1085/2006[1] за утврдување на инструмент за претпристапна помош (во понатамошниот текст „Рамковна регулатива за ИПА"). Тој инструмент со важност од 1 јануари 2007 година ја претставува законската основа за обезбедување финансиска помош на земјите-кандидатки и на можните земји-кандидатки во нивните напори да ги засилат политичките, економските и институционалните реформи со цел да станат членки на Европската унија.

(2) На 12 јуни 2007 година Комисијата ја донесе Регулативата (ЕЗ) бр. 718/2007 на Комисијата[2] за спроведување на Рамковната регулатива за ИПА, во која детално се дадени применливите одредби за управување и контрола (во понатамошниот текст „Регулатива за спроведување на ИПА").

(3) Инструментот за претпристапна помош (ИПА) ги заменува петте претходни претпристапни инструменти: Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3906/89 на Советот од 18 декември 1989 година за економска помош на Република Унгарија и на Народна Република Полска[3], Регулативата (ЕЗ) бр. 1267/1999 на Советот од 21 јуни 1999 година за воспоставување инструмент за структурни политики за претпристапување[4], Регулативата (ЕЗ) бр. 1268/1999 на Советот од 21 јуни 1999 година за поддршка од Заедницата за претпристапни мерки за земјоделство и рурален развој во земјите-барателки за членство од Централна и Источна Европа во претпристапниот период[5], Регулативата (ЕЗ) бр. 2500/2001 на Советот од 17 декември 2001 година за претпристапна финансиска помош на Турција[6] и Регулативата (ЕЗ) бр. 2666/2000 на Советот од 5 декември 2000 година за помош за Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Сојузна Република Југославија и Република Македонија[7].

(4) Тие инструменти продолжуваат да се применуваат за правните акти и обврските за спроведување на буџетските години пред 2007 година.

(5) Република Македонија се квалификува за добивање помош според ИПА како што е предвидено во Рамковната регулатива за ИПА и во Регулативата за спроведување на ИПА.

(6) Република Македонија фигурира во Анекс I од Рамковната регулатива за ИПА и затоа треба да има пристап до петте компоненти воспоставени според ИПА, т.е. компонентата за помош во период на транзиција и за институционална надградба, компонентата за регионална и меѓугранична соработка, компонентата за регионален развој, компонентата за развој на

[1] Сл. весник на ЕУ L 210, 31.7.2006 год., стр. 82.
[2] Сл. весник на ЕУ L 170, 29.6.2007 год., стр. 1.
[3] Сл. весник на ЕУ L 375, 23.12.1989 год., стр. 11. Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2257/2004 (Сл. весник на ЕУ L 389, 31.12.2004 год., стр. 1).
[4] Сл. весник на ЕУ L 161, 26.6.1999 год., стр. 73. Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2112/2005 (Сл. весник на ЕУ L 344, 27.12.2005 год., стр. 23).
[5] Сл. весник на ЕУ L 161, 26.6.1999 год., стр. 87. Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2112/2005.
[6] Сл. весник на ЕУ L 342, 27.12.2001 год., стр. 1. Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2112/2005.
[7] Сл. весник на ЕУ L 306, 7.12.2000 год., стр. 1. Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 2112/3005.

човечки ресурси и компонентата за рурален развој (во понатамошниот текст „ИПАРД").

(7) Република Македонија има одобрено и доставено програма за одобрување до Комисијата во согласност со член 184 од Регулативата за воспоставување на ИПА, како нејзина Програма за земјоделство и рурален развој (во понатамошниот текст „ИПАРД Програма").

(8) ИПАРД Програмата беше одобрена со Одлуката на Комисијата од 25 февруари 2008 година[8], донесена во согласност со член 7(3) од Рамковната регулатива за ИПА. Затоа, потребно е да се одредат условите за спроведување на ИПАРД Програмата, како и на сите нејзини измени, од страна на Република Македонија.

(9) Во согласност со член 17 од Рамковната регулатива за ИПА, Комисијата и земјите-корисници склучуваат Рамковни спогодби за спроведување на помошта. Секторските спогодби за спроведување на ИПАРД Програмата се склучуваат помеѓу Комисијата и земјите-корисници или нивните надлежни органи во согласност со потребите.

(10) На 4 март 2008 година, беше склучена Рамковна спогодба[9] помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Заедницата за Република Македонија и за спроведување на помошта според ИПА.

(12) Помошта според ИПА се спроведува преку целосно децентрализирано управување во согласност со член 10 од Регулативата за спроведување на ИПА.

(13) Поради тоа, неопходно е да се утврдат понатамошни детални правила за Република Македонија за спроведување и управување со ИПАРД Програмата во Секторска спогодба (во понатамошниот текст „Спогодба"),

СЕ ДОГОВОРИЈА КАКО ШТО СЛЕДУВА:

ОДДЕЛ I: ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Опсег

Оваа Спогодба се однесува на управување и спроведување на ИПАРД Програмата на Република Македонија и ја надополнува Рамковната спогодба.

Во случај на можни несогласувања меѓу Рамковната спогодба и оваа Спогодба, како и ненамерни пропусти во оваа спогодба, се применува член 2 од Рамковната спогодба.

---

[8] C (2008) 677

[9] C (2007) 3208, 6.7.2007 год.

Член 2

Општи одредби на Рамковната спогодба

Членовите 1 и 2 од Рамковната спогодба се применуваат *мутатис мутандис* во оваа Спогодба. Исто така, упатувањата во тие одредби кон Рамковната регулатива за ИПА и Регулативата за воспоставување на ИПА се однесуваат и на Рамковната спогодба .

Член 3

Усогласеност со спогодбите

1. Република Македонија ги презема сите неопходни чекори со цел да обезбеди правилно извршување на сите активности поврзани со помошта и со цел да го олесни спроведувањето на ИПАРД Програмата во согласност со Рамковната спогодба и со оваа Спогодба. Упатувањата за усогласеност со овие спогодби се смета дека исто така опфаќа и усогласеност со ИПАРД Програмата, Повеќегодишната спогодба за финансирање како и Одлуката на Комисијата наведена во член 25.
2. Во случаи на спротивставеност, предвид се земаат одредбите на спогодбите, а не оние на ИПАРД Програмата.

Член 4

Конзистентност со други инструменти

1. Покрај член 4(1)(а) од Рамковната спогодба, Комисијата и Република Македонија обезбедуваат конзистентност и координација на помошта во рамките на ИПАРД Програмата и помеѓу ИПАРД Програмата, другите компоненти според Рамковната регулатива за ИПА и помошта од Европската банка за инвестиции (ЕБИ) и други меѓународни финансиски инструменти, на нивоата на планирање, изработување програма и спроведување.
2. Се избегнува секаков вид совпаѓање на дејностите опфатени со помошта предвидена со различните ИПА компоненти и едни исти трошоци нема да биде финансирани со повеќе од една компонента.
3. Република Македонија обезбедува, особено во случаи каде што одреден проект од ИПАРД Програмата заради неговиот карактер, постои можност исто така да се прифати, целосно или делумно, за помош од еден од другите инструменти наведени во став 1, дека нема да постои ризик од трошоци за помош со иста намена по вторпат. За таквите проекти, сите добиени фактури како што е наведено во член 44(1)(б), јасно треба да бидат означени со „ИПАРД“ од овластено лице пред истите да бидат предмет на исплата од ИПАРД Агенцијата, како што е наведено во член 12.
4. Спроведувањето на ИПАРД Програмата е во согласност со релевантните правила кои се применуваат за програмите за рурален развој во земјите-членки. Сепак, се применуваат само одредбите од спогодбите и ИПАРД Програмата кои се одобрени од Комисијата.

Член 5

Заштита на финансиските интереси на Заедницата

1. При спроведувањето на членовите 28 и 29 од Рамковната спогодба од Република Македонија, одредбите утврдени во Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 2988/95 од 18 декември 1995 година[10] на Советот за заштита на финансиските интереси на Европските заедници се применуваат *мутатис мутандис.*

2. Без да е во спротивност со став 1, во случај на сомневање или докажано неисполнување на обврските на крајниот корисник во врска со ИПАРД Програмата, како и обидите за добивање средства од ИПАРД Агенција, како што е наведено во член 12, и исплатите од Националниот фонд на кој истиот нема право, Република Македонија ги гони сите такви непочитувања и обиди во согласност со националните законски постапки на начин кој не е помалку ригорозен од случаите кога се работи за национални јавни фондови.

Член 6

Државна помош

Република Македонија обезбедува да за секоја јавна помош која ја нарушува или може да ја наруши конкуренцијата со фаворизирање на одредени претпријатија или производство на одредена стока доделена со ИПАРД, која се однесува на производи различни од оние кои се наведени во Наслов IV, Поглавје II од Спогодбата за стабилизација и асоцијација[11], се почитува член 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

ОДДЕЛ II

СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Пододдел 1

Општи одредби

Член 7

Опсег

Овој оддел го одредува системот за управување и контрола при спроведување на ИПАРД Програмата и ги дополнува одредбите од Одделите II и III од Рамковната спогодба.

---

[10] Сл. весник L 312 23.12.1995 год., стр.1, Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 1233/2007 од 22 октомври 2007 година на Комисијата (Сл. весник L 279, 23.10.2007 год., стр.10

[11] Одлука бр. 2004/239/ЕЗ, Евроатом на Советот и на Комисијата од 23 февруари 2004 год. (Сл. весник на ЕУ L 84, 20.3.2004 год., стр. 0001-0081).

Член 8

Начела за спроведување

1. Спроведувањето на ИПАРД Програмата се врши од Република Македонија врз основа на децентрализирано управување без претходни контроли, при што Комисијата го пренесува управувањето со ИПАРД Програмата на системот за управување и контрола назначен за ИПАРД, задржувајќи ја целосната крајна одговорност за спроведувањето на општиот буџет во согласност со член 53в од Финансиската регулатива и релевантните одредби на ЕЗ. Таа се спроведува во согласност со одредбите утврдени во член 53в од Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002 на Советот од 25 јуни 2002 година[12].

2. Финансиската година е од 1 јануари до 31 декември.

Пододдел 2

Структури и органи

Член 9

Функции и заеднички одговорности на структурите, органите и телата

1. На структурите, органите и телата наведени во член 6 од Рамковната спогодба им се доделуваат функциите и одговорностите одредени во Анекс I на истата.

2. Република Македонија, со формален акт на министерско ниво, решава за назначувањето на структурите, органите и телата наведени во став 1 откако утврдила дека административните капацитети на соодветните структури, органи и тела обезбедуваат доволна сигурност дека тие можат да ги исполнуваат нивните функции и одговорности.

3. Структурите, органите и телата споменати во член 6 (г), (д) и (ѓ) од Рамковната спогодба и секоја од нивните функции и одговорности, вклучувајќи ги и функциите делегирани на други тела, го сочинуваат системот за управување и контрола и заради тоа се, по нивното назначување, предмет на акредитирање од страна на Република Македонија и пренесување на правото за управување од страна на Комисијата. Ним им се доделуваат главните функции и одговорности како што се одредени во Анекс I (во понатамошниот текст: критериуми за акредитација), вклучувајќи ги сите неопходни спогодби донесени за заштита на интересите на Заедницата.

4. Сите други структури, органи и тела, утврдени во целосната рамка дефинирана во член 6 од Рамковната спогодба, но надвор од системот за управување и контрола, се определуваат пред првото акредитирање на системот за управување и контрола. Тие не се предмет на акредитирање од

[12] Сл. весник на ЕУ L 248, 16.9.2002 год., стр. 1. Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1525/2007 (Сл. весник на ЕУ L 343, 27.12.2007 год., стр. 9).

страна на Република Македонија ниту на пренесувањето на правото за управување од страна на Комисијата.

5. Националниот фонд и ИПАРД Агенција, наведена во член 12, како и сите нивни делегирани тела, имаат одделен сметководствен систем или одделни сметководствени кодификации кои ги исполнуваат меѓународните општоприфатени сметководствени стандарди. Тие, исто така, утврдуваат постапки за да осигурат чување на сите документи потребни за гарантирање на соодветна ревизорска трага.

Член 10

Функции и одговорности на надлежен координатор за акредитација

1. Надлежниот координатор за акредитација (во понатамошниот текст „НКА“) е единствено лице за контакт за сите прашања поврзани со ИПАРД во однос на комуникацијата со Комисијата за информации наведени во членовите 22, 23 и 25(1) од оваа спогодба.

2. Во извршувањето на своите задачи, НКА може, во согласност со националните постапки, да се обрати до други тела или сектори, особено до оние за сметководствена или стручна експертиза.

3. НКА обезбедува да сите предложени измени во начинот за плаќање и спроведување на системот за управување и контрола по нивното акредитирање и пренесување на правото за управување се доставуваат до Комисијата, со примерок до Ревизорското тело, со цел проверка и одобрување пред нивното спроведување. Тој/таа наведува, во писмена форма, по соодветна проверка на предложените измени, дали е задоволен/на со тоа што постојаното исполнување на сите побарувања утврдени во спогодбите е потврдено.

Член 11

Функции и одговорности на Националниот координатор за авторизација и на Националниот фонд

1. На Националниот службеник за авторизација (во понатамошниот текст „НАО“), вклучувајќи го и Националниот фонд (НФ) им се доделуваат функциите и одговорностите во согласност со Анекс I.

2. НАО има целосна одговорност за финансиското управување со фондовите на Заедницата во Република Македонија и е одговорен за законитоста и правилноста на главните трансакции. НАО е единствено лице за контакт со Комисијата за сите прашања поврзани со ИПАРД во однос на:

(а) распределбата на текстови на Заедницата и упатствата поврзани со нив на системот за управување и контрола и на сите други тела кои се одговорни за нивното спроведување, како и за нивната усогласена примена;

(б) соопштувањето на информациите наведени во член 24 на Комисијата;

(в) ставањето на располагање на Комисијата на целосниот запис на сите сметководствени информации потребни за целите на статистиката и на контролата.

3. НАО обезбедува да сите предложени измени во начинот за спроведување или плаќање на ИПАРД Агенција, како што е наведено во членовите 12 и 14, по нивното акредитирање се доставуваат до НАО и до Комисијата, со примерок за Ревизорското тело, со цел проверка и одобрување пред нивното спроведување.

Член 12

Назначување на Оперативна структура

1. Оперативната структура која треба да се назначи за ИПАРД во согласност со член 28 од Регулативата за спроведување на ИПА, член 6(1)(ѓ) и Анекс А од Рамковната спогодба се состои од следниве посебни тела:

(а) Телото за управување,

(б) ИПАРД Агенцијата.

2. Истите се формираат во согласност со членовите 13 и 14.

3. Раководителите на телата кои ја сочинуваат Оперативната структура се јасно назначени и се одговорни за задачите кои им се доделени на нивните тела, во согласност со член 8(3) од Рамковната спогодба.

Член 13

Функции и одговорности на Телото за управување

1. На Телото за управување му се доделуваат функциите и одговорностите во согласност со Анекс I.

2. Телото за управување ги извршува следниве задачи:

(а) изработување на ИПАРД Програмата;

(б) обезбедување дека активностите се одобрени и финансирани во согласност со критериумите и механизмите кои се применуваат за ИПАРД Програмата и дека истите се во согласност со релевантните правила на Заедницата и со националните правила;

(в) следење на ИПАРД Програмата и помош во работата на Комитетот за следење на ИПАРД како што е дефинирано во член 61, особено со обезбедување на неопходните документи за надзор врз квалитетот при спроведувањето на ИПАРД Програмата.

(г) изработување на годишните и на завршните извештаи за спроведување како што е дефинирано во член 68 и, по консултации со ИПАРД Агенцијата и по проверката од страна на Комитетот за следење на ИПАРД, нивно доставување до Комисијата, Националниот

ИПА координатор (НИПАК) и НАО;

(д) воспоставување, одржување и ажурирање на системот за известување и информирање.

3. Во согласност со членовите од 63 до 67, Телотото за управување воспоставува систем за прибирање на финансиски и статистички информации за напредокот на ИПАРД Програмата, доколку воспоставувањето на таквиот систем не било извршено од страна на ИПАРД Агенцијата и ги доставува овие податоци до Комитетот за следење на ИПАРД, во согласност со режимите договорени помеѓу Република Македонија и Комисијата, користејќи каде што е можно компјутеризирани системи кои овозможуваат размена на податоци со Комисијата.

4. Телотото за управување на Комисијата и на НИПАК им предлага приспособувања на ИПАРД Програмата по консултации со ИПАРД Агенција и по договор со Комитетот за следење на ИПАРД. Телотото за управување е одговорно за информирање на соодветните органи во врска со потребата од извршување на соодветни административни промени кога таквите промени се потребни по донесувањето на Одлука од страна на Комисијата за изменување на ИПАРД Програмата.

5. Секоја година Телотото за управување подготвува акциски план за предвидените активности во согласност со мерката за техничка помош кој се доставува до Комитетот за следење на ИПАРД заради добивање согласност.

6. Секоја година Телотото за управување ја консултира и ја информира Комисијата, по советувањето со Комитетот за следење на ИПАРД, за преземените иницијативи и иницијативите кои треба да бидат преземени, во однос на информирањето на општата јавност за улогата која ја има Заедницата во ИПАРД Програмата и за нејзините резултати.

7. Телотото за управување обезбедува оценувањата на ИПАРД Програмата да се извршуваат во временските рокови утврдени со оваа спогодба и истите да ја почитуваат заедничката рамка за надзор и оценување во согласност со член 63(5), како и за доставувањето на проценките до надлежните национални органи и до Комисијата.

8. Телото за управување обезбедува почитување на обврските поврзани со јавното претставување наведено во член 24 од Рамковната спогодба.

9. Кога одреден дел од неговите задачи се доделени на друго тело, Телотото за управување ја задржува целосната одговорност за ефикасноста и точноста на управувањето и спроведувањето на тие задачи.

Член 14

Функции и одговорности на ИПАРД Агенцијата

1. На ИПАРД Агенцијата ѝ се доделуваат функциите и одговорностите во согласност со Анекс I.

2. ИПАРД Агенцијата ги извршува, меѓу другото, следниве задачи за

спроведување и исплата:

(а) правење повици за доставување на барања и објавување на условите и критериумите за прифатливост;

(б) активности на селекција и проверка во согласност со критериумите и механизмите кои се применуваат за ИПАРД Програмата и почитување на соодветните правила на Заедницата и на националните правила;

(в) проверка на поднесените барања за одобрување на проекти во однос на условите и критериумите за прифатливост, како и почитување на договорите вклучувајќи ги, каде што е соодветно, одредбите за јавни набавки;

(г) утврдување на договорни обврски во писмена форма помеѓу ИПАРД Агенција и крајните корисници кои вклучуваат информации за можните санкции во случај на неисполнување на тие обврски и, каде што е неопходно, издавање на одобрение за започнување со работа;

(д) регулирање на спроведувањето на шемите за добивање грантови и склучување договори како резултат на тоа;

(ѓ) вршење исплати на, и враќање на средства од крајниот корисник;

(е) извршување на проверки на самото место за утврдување на прифатливоста пред и по одобрувањето на проектот;

(ж) вршење проверки со цел да се обезбеди дека пријавениот трошок навистина бил направен во согласност со применливите правила, дека производите и услугите се обезбедуваат во согласност со одлука за одобрување и дека барањата за исплата на крајниот корисник се правилни. Овие проверки ги опфаќаат финансиските, административните, техничките и физичките аспекти на активностите, како што е соодветно;

(з) последователна активност за обезбедување напредок на проектите кои се спроведуваат;

(ѕ) известување за напредокот на мерките кои се спроведуваат во однос на показателите;

(и) осигурување дека крајниот корисник е свесен за придонесот на Заедницата за проектот;

(ј) обезбедување пријавување на неправилности;

(к) обезбедување да НАО, Националниот фонд и Телотото за управување ги добиваат сите информации кои им се неопходни за извршување на нивните задачи.

Во однос на инвестициите во инфраструктурни проекти од вид кој вообичаено се очекува да создаде значителен нето приход, ИПАРД Агенција проценува, пред да склучи спогодба со можниот корисник, дали проектот е

од таков вид. Кога може да се заклучи дека проектот е од таков вид, ИПАРД Агенцијата обезбедува да јавната помош од сите извори не надминува 50% од вкупните трошоци кои се поврзани со проектот и истиот се смета прифатлив за ко-финансирање од Заедницата.

3. Во однос на инвестициите во проекти различни од оние за инфраструктурата од вид кој не создава значителен нето-приход, ИПАРД Агенцијата обезбедува да за кој било проект од ИПАРД Програмата вкупната јавна помош доделена од сите извори не ги надминува максималните плафони за јавни расходи одредени во член 34. Мерките за обука се сметаат за човечки капитал, а не за инвестиција за целите на овој став.

Член 15

Назначување на Ревизорско тело

1. Ревизорското тело кое треба да е назначено за ИПАРД во согласност со член 29 од Регулативата за спроведување на ИПА и член 6(е) и Анекс А од Рамковната спогодба се назначува од страна на Република Македонија.

2. Ревизорското тело е оперативно и функционално независно од системот за управување и контрола и располага со соодветна техничка стручност.

Член 16

Функции и одговорности на Ревизорското тело

1. Ревизорското тело е единствено тело за контакт со Комисијата за сите прашања поврзани со ИПАРД во однос на дистрибуција на текстовите и упатствата на Заедницата а во врска со неговите функции и одговорности.

2. Ревизорското тело функционира под одговорност на својот раководител. Ревизорското тело првенствено ги исполнува следниве функции и ги презема следниве одговорности:

(а) Во текот на секоја година, донесува и исполнува годишен работен план за ревизија кој опфаќа ревизии со цел верификување на:

i.ефективното функционирање на системите за управување и контрола;

ii.веродостојноста на сметководствените информации доставени до Комисијата.

Годишниот работен план за ревизија се доставува до Комисијата и до НКА, со примерок до НАО, пред почетокот на секоја предметна година.

(б) Поднесува извештаи и мислења како што следува:

i. годишен извештај за ревизорска активност според моделот

даден во Анекс С од Рамковната спогодба во кој се утврдени средствата користени од Ревизорското тело, со краток осврт на евентуалните слабости констатирани во системот за управување и контрола или во наодите за трансакции од ревизиите извршени во согласност со годишниот работен план за ревизија во текот на претходниот период од 12 месеци, заклучно со 30 септември во предметната година.. Годишниот извештај за ревизорска активност се доставува до Комисијата и до НКА, со примерок до НАО до 31 декември секоја година. Првиот таков извештај го опфаќа периодот од 1 јануари 2007 година до 30 септември 2008 година;

ii. годишно ревизорско мислење според моделот даден во Анекс D од Рамковната спогодба, придружен со извештај кој го поддржува ова мислење во однос на тоа дали системот за управување и контрола функционира ефективно и ги исполнува критериумите од спогодбите и од Регулативата за спроведување на ИПА. Мислењето се доставува до Комисијата и до НКА, со примерок за НАО. Во него се опфаќа истиот период и има ист краен рок како и годишниот извештај за ревизорска активност;

iii. годишно ревизорско мислење за сметките и изводот од трошоците, придружен со извештај кој го поддржува тоа мислење, или ревизорско мислење за конечно затворање на ИПАРД Програмата, заедно со конечен ревизорски извештај за завршниот извод од трошоците во согласност со Анекс Е од Рамковната спогодба. Ревизорското мислење се доставува до Комисијата и до НКА во исто време кога релевантен завршен извод од трошоците се поднесува од НАО, или во рок од три месеци од поднесувањето на тој завршен извод од трошоци.

3. Извештаите и мислењата наведени во став 2 се базираат на проверка на постапки и на избор на примерок од трансакциите.

4. Годишното ревизорско мислење на системот за управување и контрола, и поврзаните ревизорски извештаи треба да ја потврдат усогласеноста на акредитираните структури со спогодбите како и тоа дали системот за управување и контрола - дизајниран на начин кој ќе придонесе за изработка на веродостојни сметки и изводи од трошоци кои се презентираат на Комисијата и притоа ќе помогнат да се обезбеди, меѓу другото, законитост и регуларност на трансакциите опфатени во овие изводи - функционирал ефективно.

Ревизорското тело наведува, во мислењето од овој став, дали е добиено разумно уверување за:

(а) системот за управување и контрола воспоставен за функционирање на компонентата на ИПАРД за односниот период функционирал ефективно во сите значајни аспекти, и

(б) ревизорските наоди се од репрезентативна природа во однос на изјавата за гаранција на НАО.

Извештајот спомнат во овој став треба да наведе дали:

(а) системот за управување и контрола ги исполнува критериумите за акредитирање;

(б) постапките и функциите во системот за управување и контрола, обезбедуваат разумно уверување дека предвидените активности со ИПАРД Програмата се усогласени со оваа спогодба, и кои препораки се дадени за подобрување на системот,

(в) препораките за подобрување на системот за управување и контрола дадени на НАО се следат;

(г) ревизорските наоди се конзистентни со присуството или отсуството на резервираност од страна на НАО во изјавата за гаранција;

(д) одредени исклучителни трансакции или технички проблеми се појавиле во односниот период;

(ѓ) било какви значајни измени се направени по претходниот извештај за информациите.

Извештајот е пропратен со информација за бројот и квалификациите на кадарот кој ја извршил ревизијата, за извршената работа, за бројот на ревидирани трансакции, за обезбеденото ниво на материјалност и доверба, за какви било констатирани слабости и препораки дадени за подобрување, како и за активностите на ревизорското тело и на други внатрешни и надворешни ревизорски тела на системот за управување и контрола, врз основа на кои е стекнато дел или целосно уверување на ревизорското тело во однос на прашањата кои се предмет на извештајот.

5. Годишното ревизорско мислење за сметките и изводот од трошоците или, при конечно затварање на ИПАРД Програмата, ревизорско мислење за завршниот извод од трошоците, за затварање на ИПАРД Програмата или делови од ИПАРД Програмата и поврзаните ревизорски извештаи, ја опфаќаат усогласеноста на плаќањата со спогодбите само во однос на способноста на акредитираните административни структури за да се обезбеди дека усогласеноста е проверена пред да се изврши плаќањето.

Ревизорското тело наведува, во мислењето наведено во овој став, дали е добиено разумно уверување дека:

(а) потврдените сметки и изводи од трошоци, и изјавата за трошоци за конечниот биланс на придонесот на Заедницата за ИПАРД Програмата при затварање на ИПАРД Програмата или на делови од истата, доставени до Комисијата се ослободени од материјални неправилности.

(б) никакви значајни промени не влијаеле на годишното ревизорско мислење за системот на управување и контрола

За потребите на конечното затварање, ова мислење се однесува на валидноста на завршната изјава за трошоците, точноста на финансиските информации и се поткрепува со завршниот извештај за ревизорска активност.

Извештајот споменат во овој став наведува дали:

(а) годишните сметки наведени во член 50 се во согласност со книгите и податоците на националниот фонд и со ИПАРД Агенција,

(б) изјавите за трошоци од член 39 се материјално вистинити, целосни и точно ги евидентираат активностите кои се однесуваат на ИПАРД Програмата,

(в) финансиските интереси на Заедницата се правилно заштитени во однос на износите кои треба да се наплатат и, каде што е соодветно, се добиени гаранции;

(г) одредени исклучителни трансакции или технички проблеми кои се појавиле во односната финансиска година;

(д) одредени значајни промени влијаеле на системот за управување и контрола, особено во поглед на усогласеноста со критериумите за акредитација и, онаму каде што биле идентификувани области за подобрување, извршено е соодветно следење на препораките по издавањето на претходниот извештај и мислење наведени во став 4.

Извештајот е пропратен со информација за бројот и квалификациите на кадарот кој ја извршил ревизијата, за извршената работа, за бројот на ревидирани трансакции, за обезбеденото ниво на материјалност и доверба, за какви било констатирани слабости и препораки дадени за подобрување, како и за активностите на ревизорското тело и на други внатрешни и надворешни ревизорски тела на системот за управување и контрола, врз основа на кои е стекнато дел или целосно уверување на ревизорското тело во однос на прашањата кои се предмет на извештајот.

6. Ревизорското тело ја спроведува проверката на системот на управување и контрола согласно општо прифатените меѓународни ревизорски стандарди, и кои било други упатства за примена на овие стандарди утврдени од Комисијата. Во случај кога назначеното тело е државна ревизорска институција, тоа може да делегира дел или сите задачи за проверка наведени во став 2 под услов задачите да се исполнуваат ефективно. Во сите случаи, ревизорското тело ја задржува целосната одговорност за задачите.

Проверките се спроведуваат, како во текот, така и по завршувањето на секоја финансиска година.

7. Во мислењето на Ревизорското тело за годишната сметка и ревизорскиот извештај за наодите споменати во став 2 (б) (iii) првенствено се наведува дали е стекнато разумно уверување дека сметките поднесени до Комисијата се вистинити, комплетни и точни, како и дали внатрешните контроли и постапки функционирале задоволително. Мислењето и извештајот се подготвени најкасно до 15 април во годината која следи по односната финансиска година и доставени од ревизорското тело до Комисијата најдоцна до 30 април.

8. Примерок од мислењата и извештаите се доставува и до Комитетот за следење на ИПАРД наведен во член 61 .

Член 17

Соопштување информации

Република Македонија ѝ ги испраќа на Комисијата следниве информации, изјава и документи:

1. за акредитираните структури, органи и тела на системот за управување и контрола, како што е дефинирано во членовите 9, 10, 11, 13 и 14 од Рамковната спогодба:

   (а) нивниот акт за акредитирање;

   (б) нивните функции и одговорности;

   (в) каде што е соодветно, повлекувањето на нивната акредитација;

   (г) и сите други релевантни информации побарани од Комисијата.

2. за НИПАК, НКА и Ревизорското тело:

   (а) неговото/нејзиното име;

   (б) податоците за неговата/нејзината адреса;

   (в) сите други релевантни информации побарани од Комисијата.

3. за мерките кои се однесуваат на активностите финансирани од ИПАРД:

   (а) изјави за трошоците, кои исто така претставуваат побарувања за исплата, потпишани од НАО и придружени со потребните информации во согласност со член 39;

   (б) проценките за нејзините финансиски побарувања во согласност со член 38(4);

   (в) ревизорски мислења и ревизорски извештаи за системот за управување и контрола подготвени од Ревизорското тело наведено во член 28;

   (г) годишните сметки наведени во член 50 со Изјава за гаранција потпишана од страна на НАО, како што е одредено во член 27, придружени со потребните информации за нивно појаснување во согласност со член 51 и ревизорските мислења и извештаи за сметките и за изводите за трошоците подготвени од Ревизорското тело кои се наведени во член 28.

Размената на информации и документи помеѓу Комисијата и органите на Република Македонија се врши по електронски пат, со користење на сигурен систем. Кога постои неправилно функционирање на одреден компјутерски систем или нема стабилна врска, Република Македонија може, со претходно одобрување од Комисијата, да ги испрати документите во друга форма, под условите утврдени

од нејзина страна. Начините поврзани со размената на потребни податоци треба да бидат договорени помеѓу Комисијата и Република Македонија не подоцна од назначувањето на соодветните структури, органи и тела дефинирани во член 6 од Рамковната спогодба.

Пододдел 3

Контроли

Член 18

Општи начела за контрола

1. Контролите, каде што е соодветно, опфаќаат проверки пред избор на проектот, повторно мерење, проверки на квантитетот и на квалитетот на стоките и услугите кои се обезбедуваат, анализа или проверка на примерок, проверки пред исплатата, проверки по исплатата и на сите посебни одредби за спроведување на спогодбите во однос на правилноста и законитоста на трошоците.

2. Без тоа да биде во спротивност со специфичните одредби од спогодбите, Република Македонија обезбедува да законитоста и правилноста на износот кој треба да биде исплатен на барателот или на неговиот(-ите) застапник(-ици), вклучувајќи ги сите критериуми за прифталивост утврдени од страна на Заедницата или со ИПАРД Програмата, можат да бидат проверени во согласност со група показатели кои можат да се проверат а се одредени од страна на Република Македонија.

3. Без тоа да биде во спротивност со специфичните одредби на спогодбите, ниедна исплата нема да им биде извршена на барателот или на неговиот (-ите) застапник (-ици) за кои е утврдено дека вештачки ги создале условите потребни за добивање на таквите исплати, со цел да се стекнат со корист која е спротивна на целите на помошта.

4. Република Македонија определува соодветни критериуми, методи и средства за проверка на условите за доделување на помош за секоја мерка за помош.

5. Проверката на критериумите за соодветност се состои од административни проверки и проверки на самото место, кои се вршат за сите барања за одобрување и барања за исплата и ги опфаќа сите елементи кои е можно и соодветно да се контролираат. Овие проверки исто така се извршуваат по извршувањето на последната исплата за проектот, како што е одредено во член 21. Постапките обезбедуваат евидентирање на преземаниот надзор, на резултатите од проверката и на мерките преземени во врска со разликите.

6. Каде што е применливо, проверката на критериумите за прифатливост ги зема предвид резултатите од проверките извршени од други служби, тела или организации кои вршат проверки на субвенциите во земјоделството.

Член 19

Административни проверки

1. Административните проверки на барањата за одобрување првенствено опфаќаат проверка на:

   (а) прифатливост на дејноста за која се бара помошта;

   (б) почитување на критериумите за избор утврдени во ИПАРД Програмата;

   (в) усогласеност на дејноста за која се бара помошта со применетите национални правила и правилата на Заедницата, првенствено и каде што е соодветно, за јавни набавки, државна помош и други соодветни задолжителни стандарди утврдени со националното законодавство или утврдени со ИПАРД Програмата;

   (г) разумност на предложените трошоци, која се оценува со користење на соодветен систем за оценување, како што се референтните трошоци, споредбата на различни понуди или комитет за оценување;

   (д) сигурност на барателот, преку информации од трета страна.

2. Административните проверки за барањата за исплата првенствено опфаќаат, доколку тоа е соодветно за предметното барање, проверка на:

   (а) обезбедување на кофинансираните производи и услуги;

   (б) реалност на пријавените расходи;

   (в) споредба на завршената дејност со дејноста за која било поднесено барање за помош и истата била доделена.

3. Исплатите од корисниците се потврдуваат со оригинални фактури и документи кои ја докажуваат исплатата. Кога тоа не може да се направи, исплатите се потврдуваат со документи со иста вредност на докажување.

4. Административните проверки вклучуваат постапки за избегнување на неправилното двојно финансирање со други шеми на Заедницата или со национални шеми. Кога постои финансирање од други извори, овие проверки обезбедуваат дека вкупната добиена помош не ги надминува максималните дозволени граници за помош.

5. Укажувањата за неправилности се проследуваат со која било друга соодветна административна постапка.

Член 20

Проверки на самото место

1. Проверките на самото место ги опфаќаат сите обврски и задолженија на барателот или на крајниот корисник кои можат да се проверат при посетата.

2. Пред да се изврши било каква исплата, Република Македонија организира

проверки на самото место за сите барања за одобрување и за сите барања за исплата.

3. Резултатите од проверките на самото место се оценуваат за да се утврди дали утврдените проблеми се од општ карактер, носејќи ризик за други слични дејности, крајни корисници или други тела. Оценката, исто така, ги определува причините за таквите ситуации, евентуалното понатамошно испитување кое може да биде побарано и неопходната корективна и превентивна активност.

4. Може да биде дадено претходно известување за проверките на самото место, доколку целта на контролата не е загрозена. Доколку претходното известување надминува 48 часа, тоа треба да биде ограничено на неопходниот минимум, во зависност од природата на мерката и активноста која е кофинансирана.

5. Преку проверките на самото место, Република Македонија се обидува да го провери следново:

(а) дека исплатите извршени на крајниот корисник можат да се потврдат со сметководствени или со други документи кои ги поседуваат телата или фирмите кои ги спроведуваат поддржаните активности;

(б) за соодветен број на ставки на расходи, дека карактерот и времето на соодветниот расход се во согласност со одредбите на Заедницата и одговараат на одобрените спецификации за активноста и работите кои биле фактички извршени или услугите кои биле обезбедени;

(в) дека употребата или намерата за користење на активноста одговара на употребата опишана во барањето за помош од Заедницата;

(г) дека јавно финансираните активности се спроведуваат во согласност со спогодбите, особено со правилата за јавни тендери и со соодветните задолжителни стандарди утврдени со ИПАРД Програмата.

6. Освен во исклучителни ситуации, прописно евидентирани и објаснети од националните органи, проверките на самото место вклучуваат посета на местото каде што се врши активноста или, доколку таа е нематеријална, на обезбедувачот на активноста.

7. Кога на одредените контролори им е дадена обврска за проверка на барање за одобрување, тие не треба да бидат вклучени во проверките за барање за исплата за истата инвестициска активност.

Член 21

Последователни проверки

1. Кога е наложено со договорните обврски помеѓу ИПАРД Агенцијата и крајниот корисник или со одредбите од ИПАРД Програмата, проверките на крајните корисници по исплатата на помошта се извршуваат со цел да се утврди дали продолжуваат да се почитуваат условите и критериумите за

прифталивост за помошта.

2. Контролорите за последователните проверки не смеат да се вклучени во какви било претходни проверки на истата инвестициска активност

3. Целите на последователните проверки се да:

(а) се провери законитоста и правилноста на главните трансакции на инвестициските активности;

(б) се провери реалноста и сигурноста на плаќањата извршени од крајниот корисник;

(в) се обезбеди дека истата инвестиција не е финансирана на неправилен начин од различни национални извори или извори на Заедницата.

4. Последователните проверки се спроведуваат во рок од 5 години од датумот на последната исплата на крајниот корисник и за секоја година опфаќаат најмалку 50% од монетарната вредност на соодветните расходи за активностите наведени во став 1 и за кои последната исплата била направена во текот на годината. Сите инвестиции се проверуваат најмалку еднаш.

5. Секоја инвестиција, за која максималниот плафон од 50% од вкупните оправдани трошоци за инвестицијата во согласност со член 34(2) е надминат, се проверува еднаш во текот на четири години од датумот на последните исплати и втор пат во текот на петтата година од датумот на последната исплата на крајниот корисник.

6. Последователните проверки се темелат врз анализа на ризиците и на финансиските импликации на различните активности, групи на активности или мерки.

7. Примерокот на одобрените активности кои треба да се проверат во согласност со ставовите 4 и 5 првенствено го зема предвид следново:

(а) потребата за проверка на соодветна мешавина на типови и големини на активностите;

(б) сите фактори на ризик кои биле дефинирани по националните проверки или по проверките на Заедницата;

(в) потребата за одржување рамнотежа помеѓу оските и мерките.

Пододдел 4

Акредитирање и пренесување на правото за управување

Член 22

Заеднички побарувања

1. Кога на одредени лица им е дадена одговорност за дејност поврзана со управувањето, спроведувањето и следењето на ИПАРД Програмата, Република Македонија им овозможува на таквите лица да ги исполнуваат своите должности поврзани со таа одговорност, вклучувајќи и случаи кога не постои хиерархиска поврзаност помеѓу нив и телата кои учествуваат во таа дејност. Република Македонија првенствено им дава на тие лица овластување да установат преку формални работни спогодби помеѓу нив и соодветните тела:

   (а) соодветен систем за размена на информации, вклучувајќи го овластувањето за барање на информации и правото на пристап до документите и персоналот на самото место, доколку е неопходно;

   (б) исполнување на стандардите;

   (в) следење на постапките.

2. Со цел да бидат акредитирани и да имаат пренесено правото за управување со одредена мерка, структурите, органите и телата на системот за управување и контрола, како што е дефинирано во членовите 6, 7 и 8 од Рамковната спогодба, треба да имаат добро дефинирана административна организација и систем за внатрешни контроли со целосни внатрешни правилници за работа, јасни институционални и лични одговорности, кои се во согласност со критериумите утврдени во Анекс I во однос на следниве области:

   (а) внатрешна контролна средина;

   (б) планирање и управување со ризици;

   (в) контролни активности;

   (г) информации и комуникација;

   (д) активности за следење.

   Кога се работи за Телотото за управување, не се применуваат критериумите одредени во Анекс I во однос на контролни активности, активностите за планирање и управување со ризиците и следење.

3. Република Македонија може да утврди дополнителни критериуми за акредитирање за да ја земе предвид големината, одговорностите и другите специфични карактеристики на системот на управување и контрола.

4. Пред да изврши акредитирање на соодветните структури, органи и тела на системот за управување и контрола, Република Македонија треба да утврди дека нивните функции, постапки и одговорности ги опфаќаат сите потребни режими донесени за заштита на интересите на Заедницата во однос на трансакциите кои треба да бидат финансирани со ИПАРД Програмата, имено:

   (а) извршување на исплатите;

(б) безбедно чување на трезорот;

(в) сигурност на компјутерските системи;

(г) водење на сметководствена евиденција;

(д) поделба на должностите и соодветност на внатрешните и на надворешните контроли;

(ѓ) добивање на гаранциите;

(е) наплата на износите;

(ж) избор на проекти, тендерски постапки, склучување на спогодби; и

(з) почитување на правилата за набавки.

5. Националната акредитација може условно да се додели за период кој се определува во однос на сериозноста на проблемот поврзан со спроведувањето на сите неопходни промени на административните и на сметководствените режими. Во случаите кога е предвидена таква условна акредитација, мора да постои задоволително исполнување на критериумите за акредитирање, особено во следниве области;

(а) внатрешна контролна средина;

(б) контролни активности;

(в) активности за следење.

Во однос на став 2, кога се работи за Телотото за управување, критериумите утврдени во Анекс I во однос на контролните активности, не се применуваат активностите за планирање и управување со ризиците и следење.

6. Соопштението предвидено во член 17 се врши веднаш откако структурите, органите и телата дефинирани во член 6 од Рамковната спогодба за прв пат се назначуваат и, кога е соодветно, се акредитираат, а во секој случај пред било каков трошок предизвикан од нив да се наплати од ИПАРД. Тие се придружени со следниве декларации и документи поврзани со:

(а) нивните функции и одговорности;

(б) распределбата на одговорности помеѓу нивните сектори;

(в) нивниот однос со другите тела, јавни или приватни, кои се одговорни за спроведување на какви било мерки според ИПАРД;

(г) постапките со кои се обезбедуваат главните функции во однос на трошоците за ИПАРД;

(д) одредбите поврзани со безбедноста на информатичките системи; и

(ѓ) сите други релевантни информации побарани од Комисијата.

Член 23

Постапка за акредитирање на НАО и на Националниот фонд од страна на НКА

1. Пред акредитирање на НАО и на Националниот фонд, НКА треба да утврди дека режимите за административна и внатрешна контрола на тие структури ги нудат следниве гаранции:

   (а) извршени се проверките утврдени со спогодбите;

   (б) потребните документи се претставени во временскиот рок и во формата наведена во спогодбите;

   (в) документите се достапни и се чуваат на начин кој ја обезбедува нивната целосност, валидност и читливост со текот на времето, вклучително кога се работи за електронските документи во однос на спогодбите.

2. Проверката наведена во став 1 се спроведува во согласност со Меѓународните општоприфатени ревизорски стандарди.

3. НКА обезбедува да сметководствениот систем на Националниот фонд ги задоволува меѓународните општоприфатени сметководствени стандарди.

4. Соопштението за акредитацијата на НАО и на Националниот фонд се доставува до Комисијата со примерок до Ревизорското тело. Тоа ги содржи следниве податоци за НАО и за Националниот фонд кои се акредитирани да ги спроведуваат функциите и одговорностите утврдени во член 11:

   (а) името и статутот на соодветните структури, тела и органи;

   (б) условите за административна, сметководствена и внатрешна контрола под кои се вршат плаќањата поврзани со спроведувањето на ИПАРД Програмата;

   (в) актот за акредитирање кој се состои од писмена потврда дека соодветните структури, тела и органи ги исполнуваат критериумите за акредитирање и, кога е соодветно, ги наведува насоките во однос на промените и утврдениот период;

   (г) информации за следново:

   - одговорностите пренесени на НАО и на Националниот фонд,
   - распределбата на одговорности помеѓу нивните сектори,
   - нивниот однос со други тела, јавни или приватни, кои, исто така, се одговорни за спроведување на мерки со кои наплатува расходи од ИПАРД Програмата,
   - постапките кои обезбедуваат дека системот за управување и внатрешна контрола е спроведен на соодветен начин, со цел да ги исполни критериумите утврдени во Анекс I, каде што е применливо, дека соодветно планираните постапки и структури,

кои се предмет на акредитирање, вистински функционираат,

- одредбите за внатрешните ревизии.

5. НКА обезбедува да сите предложени измени во податоците наведени во член 22 и 23 по нивната акредитација се доставуваат до Комисијата, со примерок до Ревизорското тело, за проверка и одобрување пред нивното спроведување.

6. Доколку НКА утврди дека НАО и/или Националниот фонд не ги исполнуваат критериумите за акредитирање, тој се осврнува на упатствата за НАО во кои се наведени потребните услови кои треба да бидат исполнети пред да може да се даде акредитација.

7. По акредитирањето на НАО и на Националниот фонд, НКА врши надзор над истите. За таа цел, тој/таа ги користи информациите кои му се на располагање, вклучувајќи ги, меѓу другото, изјавите за потврдување на НАО и извештаите и мислењата на Ревизорското тело. Најмалку на секои две години, тој/таа проверува дали НАО и Националниот фонд продолжуваат да ги исполнуваат критериумите за акредитирање. Тој/таа ја известува Комисијата за резултатите од проверката.

8. Република Македонија воспоставува систем кој обезбедува сите информации кои укажуваат на тоа дека НАО и/или Националниот фонд не ги исполнуваат критериумите за акредитирање му се соопштуваат на НКА без одложување.

Член 24

Постапка за акредитирање на Оперативната структура

1. Пред акредитирањето на ИПАРД Агенција, НАО утврдува дали неговите режими за административна, сметководствена, платежна и внатрешна контрола ги нудат следниве гаранции:

   (а) прифатливоста на апликациите и исполнувањето на спогодбите се проверуваат пред да бидат потпишани договорите со барателите и пред да се евидентираат обврските;

   (б) прифаќањето на барањата за исплата, како и нивната соодветност со спогодбите, се проверуваат пред да биде одобрена исплатата;

   (в) обврските и извршените исплати се точно и целосно евидентирани во сметките;

   (г) извршени се проверките утврдени со спогодбите;

   (д) потребните документи се претставени во временскиот рок и во формата наведена во спогодбите;

   (ѓ) документите се достапни и се чуваат на начин кој ја обезбедува нивната целосност, валидност и читливост со текот на времето, вклучително кога се работи за електронските документи во однос на

спогодбите.

2. Доколку НАО утврди дека ИПАРД Агенцијата не ги исполнува критериумите за акредитирање, тој/таа се обраќа кај раководителот одговорен за задачите дадени како инструкции на неговото тело во кои се наведени потребните услови кои треба да бидат исполнети пред да може да се даде акредитација.

3. ИПАРД Агенцијата ги чува документите кои ги оправдуваат извршените исплати и документите кои се однесуваат на спроведувањето на пропишаните административни и физички проверки. Кога соодветните документи се чуваат од телата одговорни за одобрување на расходот, тие тела треба да поднесуваат извештаи до ИПАРД Агенцијата за бројот на спроведените проверки, нивната содржина и преземените дејствија во однос на резултатите.

4. НАО обезбедува да сметководствениот систем на ИПАРД Агенцијата ги задоволува меѓународните општоприфатени сметководствени стандарди.

5. НАО утврдува дали начинот за административна и внатрешна контрола на Телото за управување ги нудат следниве гаранции:

(а) потребните документи се претставени во временскиот рок и во формата наведена во спогодбите;

(б) документите се достапни и се чуваат на начин кој ја обезбедува нивната целосност, валидност и читливост со текот на времето, вклучително кога се работи за електронските документи во однос на спогодбите.

6. Проверките наведени во ставовите 1 и 5 се спроведуваат во согласност со меѓународните општоприфатени ревизорски стандарди.

7. Доколку НАО утврди дека Оперативната структура ги исполнува сите релевантни критериуми, тој/таа продолжува со акредитацијата. Во спротивен случај, тој се осврнува на упатствата за Оперативната структура поврзани со административните и сметководствените режими, а особено со сите услови кои Оперативната структура треба да ги исполни пред да може да биде дадена акредитација.

8. Соопштението за акредитацијата на Оперативната структура се доставува до НКА и до Комисијата, со примерок за Ревизорското тело. За таа цел, НАО ги соопштува следниве податоци за Оперативната структура која е акредитирана да ги спроведува функциите и одговорностите одредени во членовите 13 и 14.

(а) името и статутот на телата во состав на Оперативната структура;

(б) условите за административна, сметководствена и внатрешна контрола под кои се вршат плаќањата поврзани со спроведувањето на ИПАРД Програмата;

(в) актот за акредитирање кој се состои од писмена потврда дека телата во состав ги исполнуваат критериумите за акредитирање и, кога е

соодветно, ги наведува насоките во однос на промените и утврдениот период;

(г) информација за следново:

- одговорностите пренесени на телата во состав на Оперативната структура,
- распределбата на одговорности помеѓу нивните сектори,
- нивниот однос со други тела, јавни или приватни, кои, исто така, се одговорни за спроведување на мерки со кои наплатува расходи од ИПАРД Програмата,
- постапките со кои се добиваат, проверуваат и потврдуваат барањата за исплата од крајните корисници и со кои трошоците се потврдуваат, исплаќаат и оправдуваат,
- одредбите за внатрешните ревизии.

Соопштенијата за резултатите од двете проверки наведени во ставовите 1 и 5 од овој член исто така се доставуваат до Комисијата и до НКА, со примерок за Ревизорското тело.

9. НАО обезбедува да сите предложени измени во податоците наведени во член 22 и 23(1) и (5) по нивната акредитација се доставуваат до Комисијата и до НКА, со примерок до Ревизорското тело, за проверка и одобрување пред нивното спроведување.

10. НАО постојано ја следи работата на Оперативната структура. Најмалку на секои две години, тој/таа проверува дали Оперативната структура продолжува да ги исполнува критериумите за акредитирање. Тој/таа го известува НКА и Комисијата, со примерок за Ревизорското тело, за резултатите од проверката.

11. Република Македонија воспоставува систем кој обезбедува сите информации кои укажуваат на тоа дека Оперативната структура не ги исполнува критериумите за акредитирање да му се соопштуваат на НАО без одложување.

Член 25

Постапка за пренесување на правото за управување од страна на Комисијата

1. НКА ја известува Комисијата за акредитацијата на НАО и на Националниот фонд и за назначувањето на другите структури, органи и тела утврдени во целосната рамка дефинирана во член 6 од Рамковната спогодба, но надвор од системот за управување и контрола, не подоцна од известувањето за првата акредитација на Оперативната структура.

2. Република Македонија ѝ дозволува на Комисијата да го провери исполнувањето на условите утврдени во член 9 пред да донесе одлука за пренесување на правото за управување.

3. За утврдување на усогласеноста со условите и со членовите споменати во вториот став, Комисијата:

- ги проверува акредитираните постапки и структури на НАО, Националниот фонд и на Оперативните структури поврзани со спроведувањето на ИПАРД Програмата и, каде што е соодветно, постапките и структурите на другите тела на кои можеле да им бидат делегирани функции во согласност со Анекс I,

- обезбедува ефективно функционирање на другите структури, органи и тела утврдени во целосната рамка дефинирана во член 6 од Рамковната спогодба, но надвор од системот за управување и контрола,

- спроведува проверки на самото место.

4. Пренесувањето на надлежностите од Комисијата на Република Македонија може да се разгледа за соодветната структура, орган или тело на системот за управување и контрола кога се исполнети следниве услови, во понатамошниот текст „условите“:

(а) обврската на НАО за поднесување на целосната финансиска одговорност и обврска за ИПАРД Програмата;

(б) исполнување на минималните критериуми како што се одредени во ставовите 1, 2, 3 и 4 од член 22;

(в) неодамнешна финансиска и оперативна ревизија која покажува ефективно и навремено управување со помошта на Заедницата или национални мерки од сличен карактер;

(г) правила за набавки за кои е потврдено од Комисијата дека ги исполнуваат критериумите од член 23 од Рамковната спогодба;

(д) сите други структури, органи и тела (утврдени во целосната рамка дефинирана во член 6 од Рамковната спогодба, но надвор од системот за управување и контрола) се воспоставени и функционираат ефективно.

5. За целите на став 4, соодветните структури, органи и тела имаат подготвено постапки за да обезбедат:

(а) сите соопштенија до Комисијата да се темелат на информации од соодветно потврдени извори;

(б) сите соопштенија до Комисијата да се соодветно одобрени пред да бидат предадени;

(в) постоење на ревизорска трага за потврдување на информациите предадени на Комисијата;

(г) евиденцијата за информациите кои се добиени и предадени да се чува на сигурно место, во хартиен или компјутерски формат.

6. Одлуката за пренесување на правото за управување со помошта на системот за управување и контрола во Република Македонија може условно да се изврши за период кој се определува во однос на сериозноста на проблемот поврзан со спроведувањето на сите неопходни услови. Во случаите кога е предвидено такво условно пренесување на надлежностите, треба да постои задоволително исполнување на првите два услови утврдени во став 4.

7. НКА ја известува Комисијата, со примерок за Ревизорското тело, за секој план направен во согласност со став 6, како и за неговото спроведување.

8. Доколку Комисијата установи дека Република Македонија не ја исполнила обврската за правење на корективен план во согласност со став 6 или дека системот за управување и контрола продолжува да биде акредитиран без целосно да го спроведе таквиот план во определениот рок, таа го одложува или повлекува пренесувањето на правата за управување и ги следи евентуалните останати недостатоци во согласност со член 54.

9. Комисијата го известува Комитетот за земјоделските фондови за одлуката за пренесување на правото за управување на Република Македонија или за секоја друга значителна промена која влијае на оваа одлука.

Член 26

Надзор, контрола и ревизија од страна на Комисијата и на Европскиот суд на ревизори

1. Примената од страна на Република Македонија на спогодбите, како и на ИПАРД Програмата и последователните спогодби кои произлегуваат од нив е предмет на контрола од Комисијата, вклучувајќи ја Европското биро за борба против измама (ОЛАФ) и ревизиите на Европскиот суд на ревизори. Соодветно овластените агенти или претставници на Комисијата и на ОЛАФ имаат право да спроведуваат било каква техничка и финансиска проверка која Комисијата и ОЛАФ ја сметаат за неопходна заради следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата, вклучувајќи посета на работните места и на просториите во кои се спроведуваат дејности финансирани од страна на Заедницата. Комисијата ѝ дава доволно претходно известување за таквите инспекции на Република Македонија. Службеници на Република Македонија можат исто така да учествуваат во инспекциите.

2. Република Македонија ги обезбедува сите потребни информации и документи, вклучувајќи компјутеризирани податоци и ги презема сите соодветни мерки за олеснување на работата на лицата кои имаат насоки да извршат ревизии или инспекции.

3. Република Македонија чува евиденција и сметки соодветни за определување на услугите, испораките, работите и грантовите финансирани со Повеќегодишната финансиска спогодба наведена во член 35 во согласност со сигурни сметководствени постапки. Република Македонија, исто така, обезбедува агентите и претставниците на Комисијата,

вклучувајќи ја и ОЛАФ, да имаат право да ги проверуваат сите релевантни документи и сметки кои се однесуваат на ставки финансирани со соодветната Повеќегодишна финансиска спогодба и да му помагаат на Европскиот суд на ревизори во извршувањето на ревизиите поврзани со употребата на фондовите на Заедницата. Со цел да ги подобри проверките, Комисијата, во договор со Република Македонија, може да побара помош од националните органи за одредени инспекции и истраги.

4. Со цел да обезбеди ефикасна заштита на финансиските интереси на Заедницата, Комисијата, вклучувајќи ја и ОЛАФ, може исто така да спроведе проверки и контроли на самото место на документацијата и во согласност со Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 2185/1996 на Советот од 11 ноември 1996 година[13].

5. Контролите и ревизиите опишани погоре се применуваат за сите изведувачи и подизведувачи кои добиле средства од Заедницата, вклучувајќи ги сите соодветни информации кои се наоѓаат во документите на Националниот фонд на Република Македонија поврзани со националниот придонес.

6. Без тоа да биде во спротивност со одговорностите на Комисијата и на Европскиот суд на ревизори, сметките и активностите на Националниот фонд и, каде што е применливо, на ИПАРД Агенцијата можат да бидат проверени по избор на Комисијата од самата Комисија или од надворешен ревизор определен од страна на Комисијата.

Член 27

Изјава за гаранција од НАО

1. Изјавата за гаранција е во согласност со содржината и форматот утврден во Анекс В од Рамковната спогодба и може да биде квалификувана со резервираност која го одредува можното финансиско влијание. Во тој случај, таа треба да вклучува корективен акциски план и прецизен распоред за негово спроведување за потоа да дава потврда за спроведувањето на мерките и повлекувањето на соодветната резервираност.

2. Изјавата за гаранција се темели на ефективниот надзор на системот за управување и контрола кој функционира во текот на годината.

3. Изјавата за гаранција е придружена со информација која го опфаќа периодот од претходните 12 месеци, особено за:

(а) бројот на побараните исплати за секоја мерка на ИПАРД, како и вкупниот проверен износ;

(б) резултатите од претходните проверки спроведени во согласност со членовите 19 и 20 кои ги наведуваат намалувањата и исклучувањата;

(в) бројот на последователните проверки спроведени во согласност со член 21, износот на трошоците кој е проверен и резултатите од проверките, наведувајќи ги намалувањата и исклучувањата;

[13] Сл. весник L 292, 15.11.1996 год., стр.2

4. НАО ја врши својата проверка на системот за управување и конт согласност со спогодбите и сите други упатства за примена на овие од утврдени од Комисијата. Тој може да делегира некои или сите зада проверка под услов задачите да се исполнуваат ефективно. Во сите слу НАО ја задржува целосната одговорност за задачите.

5. Комитетот за следење на ИПАРД наведен во член 61 добива примерок од изјавата за гаранција.

Член 28

Подготвување извештаи и мислења од страна на Ревизорското тело и нивно следење од страна на НАО и Комисијата

1. Ревизорското тело првенствено ги подготвува следниве извештаи и мислења:

   (а) годишен извештај за ревизорска активност според моделот даден во Анекс С од Рамковната спогодба;

   (б) годишно ревизорско мислење, придружено со извештај кој го поддржува ова мислење, за системот за управување и контрола во согласност со моделот даден во Анекс D од Рамковната спогодба;

   (в) годишното ревизорско мислење за сметките и изводот од трошоци, придружен со извештај кој го поддржува ова мислење, или ревизорско мислење за конечно затварање на ИПАРД Програмата, заедно со конечен ревизорски извештај за завршниот извод од трошоците, во согласност со моделот даден во Анекс Е од Рамковната спогодба.

2. По добивањето на годишниот извештај за ревизорска активност и годишните ревизорски мислења наведени во став 1, НКА проценува дали е потврдено постојаното исполнување на сите критериуми за ова акредитирање. Доколку некој од применливите критериуми одредени во член 23 не се исполнети, или повеќе не се исполнуваат, НКА постапува во согласност со член 13(2) од Рамковната спогодба.

3. По добивањето на годишниот извештај за ревизорска активност и годишното ревизорско мислење наведено во став 1, НАО треба да:

   (а) одлучи дали е потребен корективен план или конкретни утврдени подобрувања на системот за управување и контрола, доколку се побарани, ги забележува одлуките во тој поглед и обезбедува навремено спроведување на тие корективни дејствија или подобрувања;

   (б) ги направи потребните прилагодувања на изјавата за трошоци за Комисијата во согласност со член 55.

Комисијата може да реши самата да преземе последователна активност како одговор на извештаите и мислењата, на пример преку иницирање на финансиска корективна постапка, или да бара Република Македонија да преземе активности,

информирајќи ги НКА и НАО за својата одлука.

Член 29

Посебни тела

Во целосната рамка определена од структурите и органите наведени во член 9, функциите опишани во членовите 13 и 14 можат да се групираат и доделуваат на специфични тела во рамките или надвор од оперативната структура која е првично определена. Ова групирање или доделување ја почитува соодветната поделба на задолженија наложена со Регулативата (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002 и обезбедува крајната одговорност за функциите опишани во наведениот член да остане кај Оперативната структура која е првично определена. Таквото преструктуирање се формализира со спогодби во писмена форма и е предмет на акредитирање од НАО и, доколку НКА утврди дека постојаното исполнување на сите критериуми наведени во спогодбите е потврдено, се доставува за пренесување на правото за управување од Комисијата.

ОДДЕЛ III

ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

Пододдел 1

Општи одредби

Член 30

Опсег

Овој оддел ги утврдува финансиските одредби за извршување на ИПАРД Програмата и ги надополнува Оддел I и IV од Рамковната спогодба.

Член 31

Општи правила за финансиската помош

1. Сите дејности кои добиваат помош од ИПАРД Програмата треба да бидат заеднички финансирани од Република Македонија и од Заедницата. Кога извршувањето на дејностите зависи од финансиските придонеси од сопствените извори на Република Македонија или од други извори и фондови, финансирањето од Заедницата станува достапно во исто време со финансискиот придонес на Република Македонија и/или другите средства и фондови. Меѓутоа, кога се работи за крајни корисници од јавниот сектор, придонесот на Заедницата може да се добие подоцна од придонесот од другите јавни тела. Во ниеден случај придонесот на Заедницата не може да се добие пред придонесот од јавните тела во Република Македонија.

2. Во случаи кога билансот на ИПАРД евро сметката е недоволен за да се покријат барањата за исплати доставени од крајните корисници во

очекување на добивањето на плаќања од Комисијата, Република Македонија користи национални фондови за претходно да го финансира придонесот на ЕУ. Во вакви случаи, националните фондови се сметаат како фондови на Заедницата и одредбите на член 45(1) и (2) се применуваат во моментот кога целосната исплата на националниот придонес и на придонесот на Заедницата кој е претходно финансиран од националните фондови ќе се евидентира во сметките на Националниот фонд.

3. Придонесот на Заедницата ќе го кофинансира јавниот расход кој е фактички платен од страна на крајниот корисник.

4. Финансирањето на Заедницата е предмет на исполнување на обврските на Република Македонија според спогодбите и според Повеќегодишната спогодба за финансирање во согласност со член 35.

5. Националниот фонд, во име на Република Македонија, отвора сметка во евра за ИПАРД Програмата, во понатамошниот текст „ИПАРД евро сметка", во финансиска или трезорска институција од која се добива камата. Сметката се користи за добивање на исплатите наведени во член 38 и се користи исклучиво за трансакции поврзани со таа програма. Истата е во евра и не е подложна на било какви давачки или даноци.

Република Македонија ја известува Комисијата за името или бројот на сметката во согласност со форматот од Анекс V.

6. Република Македонија ѝ доставува на Комисијата примерок со потписите на сите учесници вклучени во побарувањата за исплата од Заедницата според член 39. НАО е контакт лице за финансиските информации кои се испраќаат помеѓу Комисијата и Република Македонија. Размената на информации, каде што е соодветно, се врши по пат на сигурниот систем наведен во член 17, користејќи постапки кои се договорени помеѓу Комисијата и Република Македонија.

Член 32

Прифатливост на трошоци

1. Трошоците исплатени пред датумот на пренесување на правото за управување во ниеден случај не се прифатливи, со исклучок на техничката помош и на општите трошоци, опфатени со мерката за техничка помош на ИПАРД Програмата и дејностите наведени во став 6(в).

2. Трошоците се прифатливи доколку се во согласност со принципите на стабилно финансиско управување и, особено, со економијата и рентабилноста.

3. Република Македонија ја известува Комисијата за правилата во врска со прифатливоста на трошоците за секоја мерка. Таа, исто така, ја известува Комисијата за трошоците кои јасно се предвидени во стандардниот (-ите) договор (-и) за секоја мерка издадена од ИПАРД Агенцијата за корисниците. Комисијата ја известува Република Македонија за тоа дали ги прифаќа или не ги прифаќа предложените правила во рок од три месеци по добивањето на истите, но во секој случај не подоцна од датумот кога Одлуката на

Комисијата за пренесување на правото за управување со помошта предвидено во член 25 е донесена. Правилата и трошоците се применуваат оттогаш.

4. Следниве трошоци не се прифатливи, според ИПАРД Програмата:

(а) даноци, вклучувајќи даноци на додадена вредност;

(б) царини и увозни давачки, или некои други давачки;

(в) купување, изнајмување или закуп на земја и постојни објекти, независно од тоа дали закупот ќе доведе до пренесување на сопственоста на закупецот;

(г) казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови;

(д) оперативни трошоци;

(ѓ) користени машини и опрема;

(е) банкарски давачки, трошоци за гаранции и слични давачки;

(ж) трошоци за конверзија, давачки и загуби од девизниот курс поврзани со ИПАРД евро сметката, како и други исклучиво финансиски трошоци;

(з) придонеси во натура;

(ѕ) купување на права за земјоделско производство, животни, годишни растенија и нивно засадување;

(и) секое одржување, амортизирање и трошоци за наем;

(ј) какви било трошоци на јавната администрација во управување и спроведување на помошта, имено оние на Оперативната структура и, особено, режиски трошоци, наеми и плати на персоналот ангажиран за активности на управување, спроведување, следење и контрола.

По пат на отстапување од потставовите (в) и (д), точките споменати во овие потставови може да се прифатливи според мерките „подготовка и спроведување на стратегиите за локален рурален развој„ и „поддршка за воспоставување на производствени групи„.

5. Освен ако Комисијата јасно и недвосмислено не реши поинаку, следниве трошоци, исто така, не се прифатливи:

(а) трошоците за сите услуги, испораки и работи кои имаат износ поголем од оној кој одговара на ЕУР 10 000 за кој корисникот не добил понуди од најмалку три испорачатели, чии оригинали се вклучуваат во барањата за одобрување на проекти,

(б) трошоците за проекти кои, пред завршувањето, им наплатиле надоместоци на корисници или учесници, освен доколку добиените надоместоци се одземени од пријавените трошоци,

(в) трошоци за промоции, различни од промоциите од колективен интерес;

(г) трошоците направени од крајниот корисник кога повеќе од 25% од неговиот капитал е во сопственост на јавно тело или тела, освен доколку Комисијата така решила во специфичен случај врз основа на целосно оправдано барање од Република Македонија. Комисијата ја донесува својата одлука во рок од три месеци од приемот на барањето. Овој исклучок не се применува за трошоците за инфраструктура или човечки капитал.

6. Независно од ставовите 4 и 5, кога се работи за инвестиции:

(а) прифатливите трошоци се ограничени на изградба или подобрување на недвижен имот;

(б) купувањето или закупот со купување (лизинг) на нови машини и опрема, вклучувајќи компјутерски софтвер, до пазарната вредност на имотот се смета за прифатливо; другите трошоци поврзани со договорот за закуп, како добивка на закуподавачот, каматни трошоци за рефинансирање, режиски трошоци и трошоци за осигурување, не се прифатливи;

(в) општите трошоци поврзани со расходите наведени во точките (а) и (б) од овој став како надоместоци за консултирање на архитекти, инженери и други надоместоци за консултации, физибилити студии, добивање на патент права и лиценци се прифатливи до плафон од 12% од трошоците наведени во споменатите точки (а) и (б) во согласност со следниве услови:

- за проектите со прифатливи трошоци за инвестициите наведени во потставовите (а) и (б) поголеми од 3 милиони евра, трошоците за подготовка на деловниот план не можат да бидат поголеми од 3% од прифатливите трошоци за тие инвестиции,

- за проектите со прифатливи трошоци за инвестициите наведени во точките (а) и (б) од најмалку 1 милион евра, но не повеќе од 3 милиони евра, трошоците за подготовка на деловниот план не можат да бидат поголеми од 4% од прифатливите трошоци за тие инвестиции, и

- за проектите со прифатливи трошоци за инвестициите наведени во точките (а) и (б) помали од 1 милиони евра, трошоците за подготовка на деловниот план не можат да бидат поголеми од 5% од прифатливите трошоци за тие инвестиции.

Деталните одредби за максималниот прифатлив износ според овој став се утврдуваат во ИПАРД Програмата врз основа на проценка на нивото на трошоците за слични дејности во Република Македонија.

7. Инвестициските проекти останууваат прифатливи за финансирање од Заедницата под услов тие, во петте години од последната исплата од ИПАРД Агенција, да не подлегнале на значителни промени. Значителни

промени на одреден проект се оние кои:

- влијаат на неговиот карактер или на условите за спроведување или даваат неправилна предност на фирма или на јавно тело, и/или

- произлегуваат или од промена на карактерот на сопственоста на дел од инфраструктурата, или од прекин или менување на локацијата на кофинансираната производствена дејност.

Кога некоја таква промена ќе се установи од Република Македонија, истата без одлагање ја информира Комисијата.

8. Ниеден проект не е прифатлив за кофинансирање во случај кога Република Македонија ги намалила износите кои се плаќаат или се исплатени на крајниот корисник, кога ова намалување се применува само за исплати според ИПАРД Програмата. Меѓутоа, ИПАРД Агенција може да ги намали износите заради:

- поголеми исплати според ИПАРД Програмата,

- крајниот корисник не ги исполнува условите според ИПАРД Програмата.

9. Во случај Комисијата да утврдила дека исклучителна природна непогода ја зафатила Република Македонија, таа може, врз основа на основано барање од Република Македонија, за соодветни проекти во погодениот регион и за одреден период да одобри отстапувања од одредбите на ставовите 5(а), (г) и 7.

10. Во случај Комисијата да утврдила дека трошоците не се целосно во согласност со спогодбите, а особено со начелата одредени во овој член, таа ги проценува износите кои не се прифатливи според ИПАРД Програмата врз основа на сериозноста на забележаната несообразност. Таа ја зема предвид природата и сериозноста на несообразноста и финансиската штета која ѝ е предизвикана на Заедницата. Во случаите кога е предвидена таква одлука, треба да постои задоволително исполнување на првите два услови утврдени во став 4 од член 25.

Член 33

Правила за набавки

1. За целите на оваа спогодба, договорниот орган во согласност со член 167 од Финансиската регулатива е национално тело од јавниот сектор кое е краен корисник на помошта од програмата.

2. Во однос на член 23(4) од Рамковната спогодба, кога крајниот корисник е тело од јавниот сектор, секое барање за претходно одобрување од Комисијата вклучено во постапките и стандардните документи наведени во него не се применува.

3. Во случај Комисијата да утврдила дека исклучителна природна непогода ја зафатила Република Македонија, и врз основа на основано барање од

Република Македонија, Комисијата може во согласност со член 57 (2) (г) да одобри поедноставни постапки за соодветни проекти во погодениот регион и за одреден период.

Член 34

Интензитет на помошта и стапка на учество од Заедницата

1. За целите на ИПАРД Програмата, учеството на Заедницата се пресметува врз основа на јавните расходи.

2. Јавните расходи не го надминуваат прагот од 50% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата. Сепак, овој праг е:

   (а) 55% за инвестиции во земјоделските стопанства направени од млади земјоделци;

   (б) 60% за инвестиции во земјоделските стопанства во планинските области;

   (в) 65% за инвестиции во земјоделските стопанства во планинските области направени од млади земјоделци;

   (г) 75% за инвестициите наведени во став 4(б) и за инвестициите во земјоделските стопанства за спроведување на Директивата 91/676/ЕЕЗ на Советот од 12 декември 1991 година[14], која е предмет на постоење на национална стратегија за нејзино спроведување;

   (д) 100% за инвестиции во инфраструктура која нема карактер да создаде значителен нето-приход;

   (ѓ) 100% за мерките наведени во член 182 од Регулативата за спроведување на ИПА.

3. Во определување на стапката на јавните расходи за целите на овој член, нема да се води сметка за националната помош за олеснување на пристапот до заеми доделени без било какво учество на Заедницата обезбеден во согласност со Регулативата за спроведување на ИПА.

4. Придонесот на Заедницата не го надминува плафонот од 75% од јавните расходи. Меѓутоа, тој праг е:

   (а) 80% за мерките опфатени со приоритетната оска 2 наведена во член 171(3) од Регулативата за спроведување на ИПА и за дејностите опфатени со член 182 од Регулативата за спроведување на ИПА;

   (б) 85% кога се работи за инвестициски проекти спроведени во региони за кои Комисијата определила дека се случиле исклучителни природни непогоди.

Пододдел 2

[14] Сл. весник на ЕУ L 375, 31.12.1991, стр. 1.

Управување со финансиски средства

Член 35

Одлуки и спогодби за финансирање

По донесувањето на одлука за финансирање од Комисијата за одобрување на ИПАРД Програмата во согласност со член 39 од Регулативата за воспоставување на ИПА и по склучувањето на Рамковната спогодба и на оваа спогодба, во согласност со член 8 од Регулативата за воспоставување на ИПА се склучува Повеќегодишна финансиска спогодба (во понатамошниот текст „ МФА"). МФА ги расчленува повеќегодишните законски обврски и периодот на важност на тие обврски, кои се расчленети за неколку години во годишни износи. МФА се ревидира на годишна основа за да се земат предвид износите предвидени во соодветниот Повеќегодишен индикативен плански документ (МИПД) и, каде што е соодветно, измените на оваа спогодба.

Член 36

Задолженија од Комисијата

Комисијата автоматски се ослободува од кој било дел од буџетската обврска за ИПАРД Програмата кога до 31 декември од третата година по годината во која е преземена буџетската обврска:

- тој не е искористен за целите на претходно финансирање во согласност со член 40, или
- тој не е искористен за вршење на меѓу-исплати во согласност со член 41, или
- не е доставена изјава за трошоците во врска со истиот.

Член 37

Финансиски план на ИПАРД Програмата

1. Финансискиот план за ИПАРД Програмата го утврдува првенствено максималниот износ на учеството на Заедницата, неговото расчленување по години, расчленување по приоритет и стапките за кофинансирање применливи за секој приоритет и за целите на следење на програмата, индикативно расчленување по мерки.

2. Финансискиот план влегува во сила и финансиските активности на ИПАРД Агенцијата почнуваат исклучиво по донесувањето на ИПАРД Програмата од Комисијата и по донесувањето на одлуката за пренесување на правото за управување на системот за управување и контрола.

3. Финансискиот план за ИПАРД Програмата и сите прилагодувања на истиот се внесуваат во сигурен систем за размена на информации и документи помеѓу Комисијата и Република Македонија како што е наведено во член 17.

Член 38

Исплати од Комисијата

1. Само помошта според ИПАРД Програмата доделена во согласност со спогодбите и исплатена од ИПАРД Агенцијата е предмет на кофинансирање од страна на Заедницата.

2. Исплатите од Комисијата на учеството на Заедницата се вршат во границите на достапните средства во согласност со ПСФ наведено во член 35. Секоја исплата се книжи во најрано отворената буџетска обврска преземена за ИПАРД Програмата.

3. Исплатите се во вид на претходно финансирање, меѓу-исплати и исплата на крајниот биланс. Тие се пресметуваат врз основа на учеството на Заедницата за финансирање на соодветните дејности до износот добиен со примена на стапката за кофинансирање утврдена за секоја приоритетна оска во важечкиот финансиски план на прифатливи трошоци, кои се предмет на максимално учество на Заедницата за секоја приоритетна оска.

4. До 28 февруари секоја година, Република Македонија, користејќи го моделот од Анекс IV, доставува до Комисијата прогноза за нејзините можни изјави за трошоците за соодветната финансиска година и за следната финансиска година, во врска со ИПАРД Програмата. Комисијата може да побара ажурирање на прогнозата доколку е соодветно.

5. Комбинираниот вкупен износ на исплатите за претходно финансирање и меѓу-исплатите не надминува 95% од учеството на Заедницата утврден во табелата за финансирање на ИПАРД Програмата.

6. Кога е достигнат прагот наведен во став 5, НАО продолжува да ги доставува до Комисијата потврдените изјави за трошоците во согласност со член 39, како и информациите за враќање на средства.

7. Исплатите од Комисијата за Националниот фонд се вршат во евра на ИПАРД евро сметката, при достапност на буџетските одобрувања и во согласност со одредбите утврдени во членовите 40, 41, 42 и 43 и во МФА, под услов проверките наведени во овие членови да не утврдиле какви било проблеми.

8. Република Македонија обезбедува да крајните корисници го добијат вкупниот износ од јавниот придонес навреме и во целост. Никаква конкретна давачка или друга давачка со сличен ефект со која би се намалиле овие износи за крајните корисници нема да биде воведена.

9. Расходите можат да се покријат со финансирање од Заедницата само доколку биле реално направени и платени од крајниот корисник. Трошоците платени од крајните корисници се поткрепуваат со примени фактури или сметководствени документи со иста вредност на докажување. Кога помошта не е во функција на расход, може да бидат прифатени други соодветни документи, како што е наведено во ИПАРД Програмата. Во сите случаи, трошоците се потврдуваат од НАО.

Член 39

Изјава за трошоците

1. НАО изработува изјави за трошоците за ИПАРД Програмата. Овие изјави исто така претставуваат барања за исплата и за секоја мерка на ИПАРД Програмата го покриваат износот на прифатливите јавни расходи за кои ИПАРД Агенцијата всушност го исплатила соодветното учество на Заедницата во текот на референтниот период.

2. Изјавите за трошоците се подготвуваат во согласност со моделот од Анекс II. Тие се потпишуваат, потврдуваат и доставуваат од НАО, во име на Република Македонија до Комисијата, со примероци за НКА и за Ревизорското тело.

3. Откако ќе бидат исполнети одредбите од член 37(2), Република Македонија ги доставува до Комисијата своите изјави за трошоците до следниве рокови:

   (а) најдоцна до 30 април, кога се работи за расходи во периодот од 1 јануари до 31 март;

   (б) најдоцна до 31 јули, кога се работи за расходи во периодот од 1 април до 30 јуни;

   (в) најдоцна до 31 октомври, кога се работи за расходи во периодот од 1 јули до 30 септември;

   (г) најдоцна до 31 јануари, кога се работи за расходи во периодот од 1 октомври до 31 декември;

   Трошоците пријавени за одреден период може да содржи исправки на податоците пријавени за претходните периоди од истата финансиска година.

   Изјавите се испраќаат и во случаи кога не се бара враќање на средствата.

4. Кога постојат несогласувања, разлики во толкувањето или неусогласености поврзани со изјавите за трошоците за одреден референтен период, кои произлегуваат првенствено од несоопштување на информациите кои се бараат според спогодбите и за истите се потребни понатамошни проверки, Република Македонија е обврзана да обезбеди дополнителни информации. Таквите информации се обезбедуваат во согласност со членовите 40, 41 и 43.

   Временскиот рок за плаќање утврден во став 6 во таквите случаи може да се прекине за целиот или за дел од износот за кој се бара исплата, од датумот на кој е испратено барањето за информации до приемот на бараните информации, но не подоцна од датумот на кој е доставена изјавата за трошоците за следниот период.

   Доколку не се пронајде решение во тој временски рок, Комисијата може да ги одложи или намали исплатите во согласност со член 46.

5. Кумулативните податоци поврзани со трошоците направени до 30 септември, кои треба да се достават до Комисијата најдоцна до 31 октомври,

можат да се коригираат само во годишните сметки кои се испраќаат до Комисијата во согласност со членовите 50 и 51.

6. Меѓу-исплатите се вршат од Комисијата во рок од 45 дена од евидентирањето на изјавата за трошоците за која се исполнети барањата утврдени во член 41, без тоа да биде во спротивност со одлуките наведени во членовите 53 и 54, под услов:

(а) пријавениот расход да биде соодветен за финансирање од Заедницата во согласност со член 32;

(б) проверките во член 41 да не утврдиле какви било проблеми;

(в) нема одлука за одложување на плаќањата во однос на мерката(-ите) која е или кои се предмет на соодветната примена;

(г) донациите да се достапни.

Член 40

Претходно финансирање

1. Исплатите за претходно финансирање можат да изнесуваат 30% од придонесот на Заедницата за првите три години од ИПАРД Програмата. Тие можат да се поделат во неколку финансиски години и да се исплатат во три или во повеќе рати.

2. Комисијата ја врши првата исплата за претходно финансирање во износ кој одговара најмалку на 50% од износот наведен во став 1 како прв дел.

3. Првиот дел од исплатата за претходно финансирање се извршува од страна на Комисијата кога ќе бидат исполнети следниве услови:

(а) НАО ја известил Комисијата за отворањето на ИПАРД евро сметката за ИПАРД Програмата;

(б) акредитациите доставени од НКА и НАО се во сила и пренесувањето на управувањето од Комисијата останува да важи;

(в) МФА стапи во сила.

Дополнителните рати може да се исплатат по приемот на барањето од Република Македонија во согласност со критериумите предвидени во став 1 и 4 од овој член.

4. Кога исплатите за претходно финансирање наведени во став 1 не се доволни за да се обезбеди навремена исплата на барањето од крајните корисници, тие може да се зголемат. Зголемувањето е износот потребен за оваа цел. Тој се темели на сумата на потврдениот расход направен од корисниците, но сè уште неисплатен заради исцрпување на средствата на Заедницата од ИПАРД евро сметката. Меѓутоа, кумулативниот износ на исплатите за претходно финансирање не треба да надмине 30% од учеството на

Заедницата за трите последни години утврдени во МФА.

5. Вкупниот износ исплатен за претходно финансирање ѝ се враќа на Комисијата со целата насобрана камата, доколку не е испратена изјава за трошоците за ИПАРД Програмата во рок од 15 месеци од датумот на кој Комисијата ја извршила првата исплата за претходно финансирање. Тоа враќање на средства нема да има влијание врз учеството на Заедницата за ИПАРД Програмата.

6. Во согласност со членовите 31 и 45, каматите за претходното финансирање се признаваат на месечна основа. Каматната стапка која се применува, во ниеден случај не може да биде пониска од каматната стапка што Република Македонија ја добива за своите депозити во странски валути во тој месец.

Член 41

Меѓу-исплати

1. Во случаите изјави за трошоци за меѓу-исплата, за Комисијата да го одобри барањето, треба да бидат исполнети најмалку следниве критериуми:

(а) НАО доставил до Комисијата барање за исплата и извештај за трошоците поврзани со предметната исплата; извештајот за трошоците треба да биде потврден од НАО;

(б) почитувани се максималните праг за помош од Заедницата за секоја приоритетна оска во согласност со член 42(4);

(в) годишните извештаи за спроведување наведени во член 68, вклучувајќи го и последниот, се испратени до Комисијата;

(г) обезбедени се информациите побарани од Комисијата кои се неопходни за разјаснување на сите елементи кои се релевантни за изјавата за трошоците, вклучувајќи ги информациите за пријавување на неправилности во согласност со член 28 од Рамковната спогодба.

Доколку еден или повеќе од условите наведени погоре не се исполнети, Република Македонија, кога тоа го бара Комисијата и во временскиот рок определен од Комисијата, ги презема неопходните чекори за поправање на ситуацијата пред да биде извршена исплатата.

2. Доколку се воспостави дека применливите правила не биле почитувани или дека средствата на Заедницата биле користени на несоодветен начин, Комисијата може да ги намали меѓу-исплатите за Република Македонија или привремено да ги прекине, во согласност со одредбите од член 39(4) и 46. Таа соодветно ја информира Република Македонија.

3. Прекинувањето или намалувањето на меѓу-исплатите треба да биде соодветно на начелото на пропорционалност и да не биде во спротивност со одлуките за сообразност и прегледување и одобрување на сметката и за финансиски корекции.

Член 42

Пресметување на износот што треба да се исплати

1. Учеството на Заедницата кој треба да се исплати за секој прифатлив јавен расход пријавен за секоја приоритетна оска за секој референтен период се пресметува врз основа на финансискиот план кој е во сила на првиот ден од тој период.

2. Износите на учеството на Заедницата кои се вратени од крајните корисници според ИПАРД Програмата во текот на секој референтен период и долговите кои не се наплатени во рок од две години од нивното евидентирање во книгата на должници се одземаат од износот кој треба да го исплати Комисијата според изјавите за трошоците за тој период во согласност со член 55.

3. Износите кои произлегуваат од прегледот и одобрувањето на сметките спроведено во согласност со член 53 кои можат повторно да се користат за ИПАРД Програмата се додаваат или одземаат од износот на учеството на Заедницата при следната изјава.

4. Без тоа да биде во спротивност со плафонот од 95% како што е предвидено во член 38(5), кога комбинираниот вкупен износ од изјавите за трошоците го надминува вкупниот износ утврден за одредена приоритетна оска, износот кој се исплаќа е затворен на износот утврден за таа приоритетна оска во финансискиот план кој е во сила. Трошокот кој се исклучува како резултат на тоа може да биде земен предвид во дополнителна изјава на трошоците, под услов прилагоден финансиски план да биде доставен од Република Македонија и истиот да биде прифатен од Комисијата.

Член 43

Исплата на крајниот биланс

1. При исплата на крајниот биланс, се применува рокот од член 36 утврден во ПСФ и треба да бидат исполнети најмалку следниве критериуми за Комисијата да го одобри барањето:

   (а) НАО доставил до Комисијата завршна изјава за трошоците и завршен извод за трошоците; завршниот извод за трошоците треба да биде одобрен од НАО и потврден со последната изјава за гаранција;

   (б) Телотото за управување го испратил завршниот извештај за ИПАРД Програмата до Комисијата, како што е наведено во член 68;

   (в) одлуката наведена во член 53 е донесена.

2. Исплатата не треба да влијае врз донесувањето на подоцнежните одлуки во согласност со член 54.

3. Исплатата, исто така, не треба да влијае врз последователните активности во врска со одредбите утврдени во член 44(8), член 48 и член 55.

4. Ниедна понатамошна финансиска трансакција не смее да биде направена од Република Македонија на ИПАРД евро сметката по последното барање за исплата кое е испратено до Комисијата. Република Македонија обезбедува да се почитуваат сите критериуми наведени во став 1 додека не се исполнат критериумите споменати во член 48. Во однос на одредбите од член 55, Комисијата треба да биде известена секогаш кога вратените износи се евидентираат во националните сметки.

5. Република Македонија воспоставува систем кој ѝ овозможува да ги проследува критериумите утврдени во став 4. Република Македонија определува одговорно тело и ја известува Комисијата за практичните спогодби поврзани со пренесувањето на одговорностите на тоа тело.

Член 44

Исплати на крајните корисници

1. Република Македонија обезбедува исплатите на крајните корисници да бидат:

(а) извршени во националната валута и задолжени како што е соодветно од ИПАРД евро сметката. Налог(-ози)те што може да се исплатат и другите сметководствени документи со еднаква вредност на докажување на крајниот(-ите) корисник(-ици) или нивниот(-ните) застапник (-ици) како општо правило се издава во рок од три работни дена од ова задолжување;

(б) врз основа на изјавите за трошоците направени од крајниот корисник и докажани со оригинални примени фактури. Кога помошта не е во функција на трошок, можат да бидат прифатени други соодветни документи, како што е наведено во ИПАРД Програмата.

2. За да бидат прифатливи, трошоците не треба да се направени пред датумот на склучување на спогодбата со која барателот станал краен корисник според ИПАРД Програмата. Во случај кога помошта не е во функција на расходот, настаните кои бараат помош не треба да се случат пред тој датум. Овие ограничувања за датумот не се применуваат за физибилити и слични студии и за мерката за техничка помош.

3. Освен за дејностите од мерката за техничка помош и дејностите наведени во став 6(в) од член 32, трошоците во ниеден случај не треба да се однесуваат на проекти кои се избрани, на спогодби кои се склучени од или во име на ИПАРД Агенцијата и крајните корисници и трошоците кои се платени пред датумот (-ите) наведени во Одлуката на Комисијата наведена во член 25.

4. Ниедна исплата не се врши во готово.

5. Кога оригиналните фактури или другите релевантни документи наведени во став 1(б) не се задржани од ИПАРД Агенцијата по примањето, ИПАРД Агенцијата обезбедува копии и спогодби за да овозможи оригиналите да

бидат на располагање за целите на ревизијата и инспекцијата.

6. НАО и ИПАРД Агенцијата обезбедуваат вкупниот јавен расход од сите јавни тела во Република Македонија за секоја мерка и проект да можат да се идентификува во сметките на ИПАРД Агенцијата.

7. ИПАРД.

8. ИПАРД Агенцијата има евиденција за секоја исплата која ги вклучува најмалку следниве информации:

(а) износот во национална валута,

(б) соодветниот износ во евра.

9. Соодносот на учеството на Заедницата и на националните придонеси во јавните расходи и на вкупниот јавен расход и вкупните прифатливите трошоци се определува во националната валута.

10. НАО и ИПАРД Агенцијата обезбедуваат да износот(-ите) за кои ќе утврдат дека се исплатени по грешка над должената сума, се евидентирани од нивна страна и вклучени во изјавите за расходи наплатени од ИПАРД евро сметката, се евидентираат во рок од три работни дена на ИПАРД евро сметката и се одземаат од следното барање за исплата до Комисијата наведено во член 39.

11. НАО и ИПАРД Агенцијата обезбедуваат навремена обработка на барањата за исплата од крајните корисници. Во случаите кога интервалот помеѓу примањето на документите за потврдување потребни за извршување на исплатата и издавањето на налогот за исплата е поголем од три месеци, кофинансирањето од Заедницата може да се намали, во согласност со следниве правила:

(а) кога трошоците направени по роковите се еднакви или помали од 4% од трошоците направени пред роковите, не се врши намалување, независно од бројот на месеците на задоцнувањето;

(б) кога трошоците направени по роковите се поголеми од 4% од трошоците направени пред роковите, сите понатамошни трошоци направени со задоцнување до:

i. еден месец, се намалуваат за 10%

ii. два месеци, се намалуваат за 25%

iii. три месеци, се намалуваат за 45%

iv. четири месеци, се намалуваат за 70%

v. пет месеци или повеќе, се намалуваат за 100%.

12. Меѓутоа, Комисијата може да примени различна динамика и/или помали или нулти намалувања, доколку се појават исклучителни услови за управување за одредени мерки, или доколку се дадени соодветно основани

оправдувања од Република Македонија.

13. Пред да ја донесе својата одлука, Комисијата ја известува Република Македонија, дозволувајќи ѝ да го објави својот став во рок од 10 работни дена. Комисијата ја известува Република Македонија за својата крајна одлука, наведувајќи ги причините на кои се темели одлуката.

14. За секој расход направен по роковите, Република Македонија доставува до Комисијата детално оправдување на задоцнувањето, писмен доказ за потврдување на оправдувањето, како и прикажување на директната врска помеѓу оправдувањето и соодветниот трошок направен по роковите.

Член 45

Девизен курс и каматна стапка

1. Република Македонија обезбедува да курсот евидентиран за размена помеѓу еврото и националната валута е месечната пресметковна стапка на еврото утврдена од Комисијата за Република Македонија за месецот во кој е регистриран трошокот во сметките на Националниот фонд и ИПАРД Агенцијата. Меѓутоа,:

(а) за исплати од ИПАРД Агенцијата, датумот на налогот за исплата издаден за крајниот корисник или од неговиот застапник е датумот наведен во сметките;

(б) за поголеми исплати од ИПАРД Агенција, во согласност со член 44(9) и за долговите кои не се вратени, како и за долговите кои не се наплатени во рок од две години од нивното евидентирање во книгата на должници во согласност со член 55, стапката во месецот пред месецот во текот на кој поголемата исплата или долгот биле прв пат забележани;

(в) за износи одредени со прегледување и одобрување на сметките и/или со одлуките за усогласување, стапката во месецот пред месецот во текот на кој била донесена одлуката;

(г) за долгови и камата вратена во согласност со член 55, стапката во месецот пред месецот во текот на кој бил вратен долгот;

(д) за неправилни исплати вратени во согласност со член 28 од Рамковната спогодба, стапката во месецот пред месецот во текот на кој бил вратен износот;

(ѓ) за каматата добиена за сметката(-ите) на Националниот фонд и на ИПАРД Агенцијата, стапката во месецот во кој каматата била впишана во сметката (-ите) што мора да биде најмалку на месечно ниво.

Овие одредби исто така се променуваат за случаите опфатени со член 31(2).

2. Кога стапката за одреден месец не е објавена, се користи стапката за последниот месец која била објавена.

3. Кога временските ограничувања во одлуките донесени во согласност со членовите 53 и 54 не се испочитувани, секој заостанат износ создава камата со стапка еднаква на Euribor стапката за тримесечни депозити објавена од Европската централна банка плус 1,5% поени. Таа стапка е месечниот просек од месецот во кој биле донесени тие одлуки.

4. Секоја камата акумулирана на ИПАРД евро сметката останува во сопственост на Република Македонија. Каматата создадена со финансирањето од Заедницата на ИПАРД Програмата се книжи исклучиво на ИПАРД Програмата и се смета како средство за Република Македонија во вид на национален јавен придонес и ѝ се пријавува на Комисијата при затворањето на ИПАРД Програмата.

5. Сметките поврзани со фондовите на ИПАРД Програмата кои ги поседува ИПАРД Агенцијата создаваат камата. Каматата собрана на тие сметки која се припишува на придонесот на Заедницата исто така се користи исклучиво за ИПАРД Програмата и не подлежи на било какви давачки или даноци. Целокупната камата која се припишува на придонесот на Заедницата се додава на сметките вклучени во МФА и се смета за средство за Република Македонија.

Член 46

Одложување на исплати

1. Сите или дел од исплатите можат да бидат одложени од Комисијата кога:

(а) постои сериозен недостаток во системот за управување и контрола на ИПАРД Програмата што влијае на сигурноста на постапката за одобрување на исплатите и за кој не се преземени корективни мерки; или

(б) акредитациите дадени од НКА и/или НАО се прекинати или повлечени; или

(в) одлуката на Комисијата за пренесување на правото за управување е одложена или повлечена; или

(г) трошокот во одобрен извод за трошоците е поврзан со сериозна неправилност која не е исправена; или

(д) потребни се дополнителни објаснувања на информациите содржани во изјавата за трошоците; или

(ѓ) последните извештаи и мислења за ревизиите не се испратени до Комисијата во согласност со член 28; или

(е) НАО не ги испратил до Комисијата годишните изјави за гаранција наведени во член 27, вклучувајќи го последниот извештај.

2. На Република Македонија ѝ се дава можност да ги претстави своите ставови во период од 1 месец пред Комисијата да донесе одлука за одложување на исплатите во согласност со став 1 од овој член.

3. Комисијата го прекинува одложувањето откако Република Македонија ќе ги преземе неопходните мерки за поправање на недостатокот, неправилноста или недоволната јасност наведени во став 1 од овој член.

4. Доколку овие мерки не се преземени од Република Македонија, Комисијата може да донесе одлука да го откаже целиот или дел од придонесот на Заедницата на ИПАРД Програмата во согласност со член 54.

Член 47

Затворање на ИПАРД Програмата

1. По добивањето на барањето за последната исплата од Комисијата, ИПАРД Програмата се смета за затворена веднаш штом ќе се случи една од следниве ситуации:

(а) исплата на крајниот биланс од Комисијата;

(б) издавање на налог за враќање на средства од Комисијата;

(в) престанување на финансиската обврска на Комисијата.

2. Затворањето на ИПАРД Програмата не е во спротивност со правото на Комисијата да спроведе финансиска корекција во согласност со член 54 во подоцнежна фаза.

3. Затворањето на ИПАРД Програмата не влијае врз обврските на Република Македонија во согласност со членовите 44 (9), 48 и 55 и обврската за продолжување на чувањето на сродните документи, во согласност со член 48.

Член 48

Чување на документи

1. Сите документи поврзани со ИПАРД Програмата, вклучувајќи ги оние кои се однесуваат на проекти кои не се избрани, се чуваат во Република Македонија најмалку 3 години по затворањето на ИПАРД Програмата или кога се работи за инвестициски проекти, за период од 5 години по датумот на последната исплата утврден во член 172(4) од Регулативата за спроведување на ИПА. Овој период се прекинува во случај на судска постапка или на соодветно основано барање на Комисијата.

2. ИПАРД Агенцијата и Националниот фонд обезбедуваат да, доколку самите не ги чуваат овие документи, документите се на располагање на Комисијата за тој период. Кога станува збор за неправилности или за небрежност, документите за потврдување наведени во став 1 ќе се стават на располагање на Комисијата најмалку пет години по годината во која целосно ќе се вратат сумите од страна на крајниот корисник и истите ќе ѝ се препишат на ИПАРД Програмата или во која се определуваат финансиските последици за неизвршено враќање на средствата, во согласност со член 55.

3. Во случај на постапка за усогласување предвидена во член 54, документите за потврдување наведени во став 1 ќ се стават на располагање на Комисијата најмалку една година по завршувањето на таа постапка или, доколку одлуката за усогласување е предмет на судска постапка пред Судот на правдата на Европските заедници, најмалку една година по завршувањето на таа постапка.

Пододдел 3

Финансиски корекции

Член 49

Заштита на финансиските интереси на Заедницата и осигурување во однос на управувањето со средствата на Заедницата

1. Република Македонија ги донесува сите законски, регулаторни и административни одредби и ги презема сите неопходни мерки за да обезбеди ефикасна заштита на интересите на Заедницата, а особено со цел да:

   i. ја провери оригиналноста и усогласеноста на дејностите финансирани од Заедницата;

   ii. ги спречи и гони неправилностите;

   iii. ги врати сумите изгубени како резултат на неправилности или на небрежност.

2. Република Македонија ја известува Комисијата за донесените одредби и за преземените мерки во согласност со став 1 и за преземените мерки за управување и контрола во согласност со правото на Заедницата поврзано со поддршката за ИПАРД Програмата, со цел да се заштитат финансиските интереси на Заедницата.

Член 50

Содржина на годишните сметки

1. Годишните сметки наведени во член 27(3) од Рамковната спогодба вклучуваат:

   (а) цела група на финансиски извештаи во согласност со книгите и евиденцијата на Националниот фонд и на ИПАРД Агенцијата, во кои се покажани деловите на Заедницата и националните делови и се вклучени следниве елементи:

      i. биланс на состојба;

      ii. сметка за економски придонес (вклучувајќи извештај расчленет по поединечни мерки);

iii. извештаи за промени во нето актива/пасива;

iv. табела за готовинскиот тек, придружена со информации поврзани со ИПАРД евро сметката;

v. анекс кон финансиските извештаи.

(б) приходите и расходите на ИПАРД Програмата, покажувајќи ги приходите и расходите на Заедницата, националните приходи и расходи и вкупните приходи и расходи сумирани според мерките и претставени на годишна основа, како што е наведено во првиот потстав од став 1 и доставени со користење на Формуларот Г2 наведен во Анекс III.;

(в) информации за приходите и расходите за целиот период на спроведување на ИПАРД Програмата или потврда дека деталите за секоја трансакција се чуваат на компјутерска датотека кој е на располагање на Комисијата;

(г) табела на разлики по ИПАРД Програмата и по мерки помеѓу приходите и расходите пријавени во годишните сметки и тие кои се пријавени за истиот период во документите наведени во член 39, придружени со објаснување за секоја разлика;

(д) табелата на износите кои треба да се вратат на крајот од спроведувањето.

2. Формата и содржината на финансиските извештаи наведени во првиот потстав од став 1 се утврдува во согласност со Меѓународните општоприфатени сметководствени стандарди и сите упатства за примена на тие стандарди утврдени од Комисијата.

Член 51

Предавање на информацијата за преглед и одобрување на сметки

1. За целите на прегледување и одобрување на сметките во согласност со член 30(1) од Рамковната спогодба, НАО ги доставува до Комисијата, со примерок за НКА:

(а) ставките вклучени во годишните сметки, наведени во член 50, заедно со сите извештаи од органите кои се делегирани од структурите, органите и телата наведени во член 9(3);

(б) мислењата и извештаите утврдени од Ревизорското тело, како што е наведено во член 16;

(в) целосен запис на сите сметководствени информации, наведени во член 50 и потребни за контролни цели;

(г) изјавата за гаранција наведена во член 27.

2. Документите и сметководствените информации наведени во став 1 треба да

бидат потпишани, одобрени и испратени од НАО, во име на Република Македонија, до Комисијата најдоцна до 30 април во годината по завршувањето на предметната финансиска година, со примероци за НКА и за Ревизорското тело. Документите наведени во точките (а) и (б) од тој став се испраќаат во еден примерок заедно со електронски примерок, во согласност со форматот и според условите утврдени од Комисијата, следејќи го моделот утврден во Анекс III и во табелата наведена во член 50(д).

3. На барање на Комисијата или на иницијатива на НАО, дополнителни информации за прегледување и одобрувањето на сметките можат да се достават до Комисијата во временски период утврден од страна на Комисијата, земајќи го предвид обемот на работа потребен за обезбедување на тие информации. Во отсуство на такви информации, Комисијата може да ги пречисти сметките врз основа на информациите кои ги поседува.

4. Во соодветно оправдани случаи, Комисијата може да прифати барање за подоцнежно доставување на информации, доколку тоа барање е упатено до неа пред соодветниот краен рок за доставување.

Член 52

Форма и содржина на сметководствените информации

1. Формата и содржината на сметководствените информации наведени во член 51(1)(в) се утврдува во согласност со меѓународните општоприфатени сметководствени стандарди и сите упатства за примена на тие стандарди утврдени од Комисијата и обезбедува да вкупниот јавен расход од сите јавни тела во Република Македонија за секоја мерка и проект може да се идентификува во книгите и записите на националниот фонд и на ИПАРД Агенција преку соодветна сметководствена шифра.

2. Кога постојат несогласувања, разлики во толкувањето или неусогласености поврзани со документите и сметководствените информации наведени во став 1 од овој член за одреден референтен период, кои произлегуваат првенствено од несоопштување на информациите кои се бараат според оваа спогодба и за истите се потребни понатамошни проверки, од Република Македонија се бара да обезбеди дополнителни информации.

3. Сметките наведени во член 50 се доставуваат со користење на Формуларот Г2 утврден во Анекс III.

4. Кога исплатите доспеани според ИПАРД Програмата се оптоварени со барања, се смета дека тие се извршени целосно:

(а) на датумот на исплата на сумата која се уште му се должи на корисникот, доколку барањето е помало од порамнетиот расход;

(б) на датумот на порамнувањето на расходот, доколку вториот е помал или еднаков на барањето.

5. Сметководствените информации се користат од страна на Комисијата

исклучиво за цели на:

(а) исполнување на нејзините функции во контекст на прегледување и одобрување на сметките во согласност со Правилата за спроведување на ИПА;

(б) следење на развојот и давање на прогнози во земјоделскиот сектор;

(в) во овој контекст, Европскиот суд на ревизори и Европското биро за борба против измами (ОЛАФ) имаат пристап до тие информации.

6. Налозите за исплати кои не се извршени и исплатите кои се должат од сметката, а потоа повторно се впишуваат во примања се покажуваат во Формуларот Г2 како одбитоци од расходот во однос на месецот во текот на кој неисплатувањето или откажувањето ѝ е пријавено на ИПАРД Агенцијата.

7. Република Македонија, за ИПАРД Програмата, воспоставува систем за признавање на сите суми што се должат и за забележување во книгата на должници на сите такви долгови, вклучувајќи и неправилности пред нивното примање. Без тоа да биде во спротивност со член 44(6) или кои било национални одредби за враќање на долгови, секој финансиски придонес наплатен на Заедницата во однос на овие суми вклучително и неправилности, се отпишува на крајот на втората година по неговото евидентирање во книгата на должници и одземање од следното барање за исплата предвидено во член 42(2). Секоја камата вратена од ИПАРД Агенцијата која му се припишува на придонесот на Заедницата во однос на вратените долгови се регистрира во сметката(-ите) на ИПАРД Агенцијата и се користи исклучиво за ИПАРД Програмата. ИПАРД Агенцијата и националниот фонд обезбедуваат да секој вратен износ е впишан како приход во ИПАРД евро сметката во рок од 3 работни дена од датумот на враќањето.

8. Сите лични податоци вклучени во собраните сметководствени информации се обработуваат само за целите наведени во став 2. Особено, доколку сметководствените информации се користат од Комисијата за целта наведена во став 5, Комисијата таквите податоци ги прави анонимни и ги обработува исклучиво во збирна форма.

9. Сите прашања во однос на обработката на нивните лични податоци заинтересираните лица ги упатуваат до Комисијата, како што е утврдено во Оддел 5 од Регулативата (ЕЗ) бр. 1828/2006 на Комисијата од 8 декември 2006 година[15].

10. Комисијата обезбедува доверливост и сигурност на сметководствените информации.

[15] Сл. весник на ЕУ L 371, 27.12.2006 год., стр.1

14

Член 53

Финансиско прегледување и одобрување

1. Одлуката за прегледување и одобрување на сметките наведена во член 30(1) од Рамковната спогодба ги определува износите на трошоците направени во Република Македонија во текот на предметната финансиска година кои се прифаќаат за наплата од ИПАРД Програмата врз основа на сметките наведени во член 50 и средствата кои можат повторно да се користат од Република Македонија во согласност со член 35 од Рамковната спогодба.

2. Најдоцна до 30 септември во годината кој следи по предметната финансиска година и врз основа на информациите наведени во став 1, Комисијата донесува одлука за прегледување и одобрување на сметките на Националниот фонд и на ИПАРД Агенцијата (во понатамошниот текст „одлука за прегледување и одобрување на сметките").

   Одлуката за прегледување и одобрување на сметките ја опфаќа единственоста, точноста и вистинитоста на доставените сметки и нема да влијае врз донесувањето на подоцнежна одлука за прегледување и одобрување на сметките, во согласност со член 54.

   Одлуката за прегледување и одобрување на сметките исто така го опфаќа прегледување и одобрувањето на ИПАРД евро сметката и износите кои треба да се впишат во приходи на таа сметка, во согласност со член 55 и член 52(6).

3. Комисијата исто така ѝ ги соопштува на Република Македонија резултатите од нејзината проверка на доставените информации, заедно со евентуалните измени кои ги предлага, најдоцна до 15 јули по крајот на финансиската година.

4. Доколку, од причини кои ѝ се припишуваат на Република Македонија, Комисијата не може да ги прегледа и одобри сметките пред 30 септември следната година, Комисијата го известува НАО, со примерок за НКА и за Ревизорското тело, за дополнителните испитувања кои предлага да ги преземе во согласност со член 26.

5. Износот кој, како резултат на одлуката за прегледување и одобрување на сметките, вообичаено се враќа од или ѝ се исплаќа на Република Македонија, се утврдува со одземање на времените исплати за соодветната финансиска година од признаениот расход за истата година во согласност со став 1 од овој член. Тој износ Комисијата го одзема од или додава на следната времена исплата или на крајната исплата.

6. Меѓутоа, кога износот кој треба да се одземе определен со одлуката за прегледување и одобрување на сметките го надминува нивото на можни следни исплати, НАО обезбедува износот кој не е опфатен со билансот на состојба да ѝ се впишува на Комисијата во евра во рок од два месеци од известувањето за таа одлука. Меѓутоа, Комисијата може, според случајот, да реши секој износ кој треба да ѝ се припише да биде порамнет со исплатите кои Комисијата треба да ѝ ги изврши на Република Македонија според било кој инструмент на Заедницата.

7. Овој член се применува *мутатис мутандис* на исплатите за претходно финансирање во смисла на член 40.

8. Член 42 од Рамковната спогодба не се применува за финансиско прегледување и одобрување.

Член 54

Потврда за финансиска усогласеност

1. Доколку Комисијата утврди дека определен расход според ИПАРД Програмата е направен на начин со кој се прекршени правилата што се применуваат, таа решава кои износи треба да се исклучат од финансирањето на Заедницата.

2. Комисијата ги проценува износите кои треба да се исклучат врз основа на сериозноста на забележаната несообразност. Таа ја зема предвид природата и сериозноста на неусогласеноста и финансиската штета која ѝ е предизвикана на Заедницата.

3. Кога, како резултат на некоја проверка, Комисијата смета дека расходот не бил направен во согласност со правилата што се применуваат, таа своите наоди му ги соопштува на НКА и на НАО и ги наведува корективните мерки потребни за обезбедување понатамошна сообразност со тие правила.

Соопштението треба да содржи упатување на овој член. НАО одговара во рок од два месеци од добивањето на соопштението, со примерок за НКА и за Ревизорското тело, а Комисијата како резултат на тоа може да го промени својот став. Во оправдани случаи, Комисијата може да се согласи да го продолжи периодот за одговарање.

По завршувањето на периодот за одговарање, Комисијата свикува билатерален состанок и двете страни ќе се обидат да се договорат за мерките кои треба да се преземат и во однос на оценувањето на сериозноста на прекршокот и на финансиската штета која му е предизвикана на буџетот на Заедницата.

4. Во рок од два месеци од датумот на примање на записникот од билатералниот состанок наведен во третиот потстав од став 3, НАО ги соопштува сите информации побарани во текот на тој состанок или секоја друга информација која ја смета за корисна за тековното испитување.

Во оправдани случаи, Комисијата може, при образложено барање од НАО, да одобри продолжување на периодот наведен во првиот потстав. Барањето се упатува до Комисијата, со примерок за НКА и за Ревизорското тело, пред истекот на тој период.

По истекот на периодот наведен во првиот потстав, Комисијата формално му ги соопштува своите заклучоци на НАО, со примерок за НКА и за Ревизорското тело, врз основа на информациите добиени во рамките на постапката за проверка на финансиската усогласеност. Во соопштението се оценува расходот кој Комисијата предлага да го исклучи од финансирањето

на Заедницата.

Кога Комисијата предлага финансиска корекција врз основа на екстраполација или според паушална стапка, на НАО му се дава можност да го утврди вистинското ниво на неправилноста, преку испитување на достапните документи. Во договор со Комисијата, НАО може да го ограничи обемот на ова испитување на соодветен дел или примерок од достапните документи. Освен во соодветно оправдани случаи, испитувањето и соопштувањето на неговите резултати на Комисијата се врши во рок од два месеци од датумот на примање на предлогот на Комисијата за финансиска корекција.

5. НАО ја известува Комисијата, со примерок за НКА и за Ревизорското тело, за корективните мерки кои ги презел со цел да овозможи усогласеност со применливите правила и датумот на отпочнување на нивната примена.

6. Одземањата од финансирањето на заедницата се врши од Комисијата од следната меѓу-исплата или од крајната исплата. Меѓутоа, на барање на Република Македонија и при гаранции со материјалноста на одбитоците, Комисијата може да определи различен датумот за одбитоците.

7. Во согласност со член 35(1) од Рамковната спогодба, одбитоците кои се вршат од Комисијата не се предоделуваат на ИПАРД Програмата.

8. Член 42 од Рамковната спогодба не се применува за потврда на финансиската усогласеност.

Член 55

Враќање на средства во случај на неправилност или измама

1. НАО врши враќање на придонесот на Заедницата исплатен на крајните корисници од оние кои ја направиле неправилноста, измамата или корупцијата или имале корист од неа, во согласност со член 29(2) од Рамковната спогодба.

2. НАО прави финансиски прилагодувања кога ќе се утврдат неправилности или небрежност во активностите на ИПАРД Програмата преку целосно или делумно укинување на придонесот на Заедницата за соодветните активности. НАО ја зема предвид природата и сериозноста на откриените неправилности и финансиската загуба за придонесот на Заедницата.

3. Придонесот на Заедницата што е вратен во согласност со став 1 и е укинат во согласност со став 2, може повторно да се користи во согласност со став 4(в).

4. Финансиските прилагодувања и повторното користење на средствата се врши од НАО и е предмет на следниве услови:

(а) кога ќе се откријат неправилности, НАО ги проширува своите испитувања за да ги опфати сите активности на кои можат да влијаат таквите неправилности;

(б) за соодветните прилагодувања НАО ја известува Комисијата, со примерок за НКА и за Ревизорското тело;

(в) износите од учеството на Заедницата кои се откажани и повратените износи, како и каматата за нив, се предоделуваат на соодветната ИПАРД Програма. Меѓутоа, укинатиот или повратениот придонес на Заедницата може да се користи повторно само за операција според истата ИПАРД Програмата и под услов учеството да се пренасочи на активности кои не биле предмет на финансиско прилагодување.

5. Кога ќе се испратат годишните сметки, како што е предвидено во член 51, НАО доставува до Комисијата, со примерок за НКА и за Ревизорското тело, краток извештај за постапките за враќање на средства преземени како одговор на неправилностите. Во него треба да бидат расчленети износите кои сè уште не се повратени, по административна и/или по судска постапка и по година на првиот административен или судски наод на неправилноста.

6. По следењето на постапката утврдена во член 54(3) и во првите три потстановии од член 54(4), Комисијата може да реши да ги наплати сумите кои треба да се вратат од Република Македонија во следниве случаи:

(а) кога НАО не ги започнал сите административни или судски постапки за враќање на придонесот исплатен на крајните корисници во годината која следи по првиот административен или судски наод;

(б) кога НАО не ги исполнил обврските според став 4.

7. Учеството на Заедницата кој не е повратен од ИПАРД Агенцијата од крајните корисници во рок од две години од нивното евидентирање во книгата на должници се рефундира од НАО во буџетот на Заедницата. Кога е можно, повратениот придонес се одзема од страна на Комисијата од следната времена исплата или од крајната исплата на Република Македонија. Секоја камата добиена од Република Македонија која се припишува на придонесот на Заедницата во однос на вратените долгови се впишува во сметката(-ите) на Република Македонија.Република Македонија обезбедува секој вратен износ да биде впишан како приход во ИПАРД евро сметката во рок од 3 работни дена од датумот на враќањето.

8. Кога дошло до можност за извршување на враќањето наведено во став 1, кога комбинираниот вкупен износ на изјавите за расходи го надминува нивото од 95% како што е предвидено во член 38(5) или по затворањето на ИПАРД Програмата, НАО ги рефундира повратените суми на буџетот на Заедницата во согласност со постапките утврдени во член 34 од Рамковната спогодба.

9. Овој член престанува да се применува пет години по затворањето на ИПАРД Програмата. Секој придонес кој не е повратен на тој датум се отпишува од книгата на должници и соодветниот износ се рефундира на буџетот на Заедницата. Оваа исплата не треба да влијае на донесувањето на подоцнежните одлуки во согласност со член 54.

Член 56

Дефинирање на административните или на судските наоди

Главните административни и судски наоди наведени во член 55 се првата писмена проценка на надлежен орган, административен или судски, која заклучува врз основа на вистинските факти дека е направена неправилност, без тоа да влијае на можноста овој заклучок подоцна да може да се прилагоди или повлече како резултат на развојните текови во административната или судската постапка.

Пододдел 4

Исклучителни природни непогоди

Член 57

Исклучителни природни непогоди

1. Во случај Комисијата да утврдила дека исклучителна природна непогода ја зафатила Република Македонија, таа може, врз основа на основано барање од Република Македонија, за соодветни проекти во погодениот регион и за одреден период, да одобри стапки на кофинансирање на Заедницата на вкупниот јавен расход над оние кои се наведени во ИПАРД Програмата, но до праг од 85%.

2. Покрај тоа, Комисијата може да ги одобри следниве отстапувања од одредбите на оваа спогодба, како што следува:

   (а) праговите од 50% предвидени во член 34(2) можат да бидат заменети со прагови до 75%;

   (б) барањата за дополнителни исплати за пред-финансирање исто така можат да се темелат на проценките за потреби кои произлегуваат од очекуваното влијание на исклучителната природна непогода покрај условите наведени во член 40(4);

   (в) барањето изјавите за трошоците направени од крајниот корисник да бидат потврдени со примените фактури може да биде заменето со формална одлука на ИПАРД Агенцијата за поддршка на проектот. Критериумите за таквите одлуки се наведуваат во основаното барање кое е доставено од Република Македонија и е одобрено од страна на Комисијата. Крајниот корисник презема обврска во период кој не надминува една година да обезбеди изјави за трошоците кои се вистински направени како што е предвидено во член 44(1)(б). Ниедна исплата на некој краен корисник во согласност со ова отстапување не смее да надмине 20% од вкупниот трошоци на инвестицијата одобрена од ИПАРД Агенцијата и секоја таква исплата е предмет на соодветни гаранции. Одредбата за ограничување на изјавите за трошоците на настани кои не се случиле порано од датумот на склучување на спогодбата со кој барателот станал краен корисник може да се замени со ограничување кое не е порано од датумот на кој се случила исклучителната природна непогода;

   (г) обврската на јавните тела за набавка на услуги, работа и набавки,

наведени во член 23(4) од Рамковната спогодба, може во согласност со член 33(3) да се замени со одредби кои не носат толкав товар, вклучувајќи ги и оние кои дозволуваат постапки за договарање со кои органите консултираат даватели на услуги по нивни избор и ги договараат условите на спогодбата со еден или со неколку од нив.

ОДДЕЛ IV

УПРАВУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Пододдел 1

Општи одредби

Член58

Опсег

Овој оддел ги утврдува одредбите за управување, следење и оценување на ИПАРД Програмата и ги надополнува соодветните одредби од Оддел V од Рамковната спогодба. Република Македонија ја обезбедува примената на тие одредби.

Член 59

Партнерство

1. Помошта од ИПАРД Програмата се спроведува преку блиски консултации (во понатамошниот текст „партнерство“) помеѓу Комисијата и Република Македонија и со органите и телата назначени од Република Македонија во согласност со националните правила и практики, вклучувајќи ги:

(а) надлежните регионални, локални власти и други јавни органи;

(б) економските и социјалните партнери;

(в) секое друго соодветно тело кое го претставува граѓанското општество, невладините организации, вклучувајќи ги организациите за животна средина и телата одговорни за унапредување на еднаквоста помеѓу мажите и жените.

2. Република Македонија ги назначува најпретставителните партнери на национално, регионално и на локално ниво и во економската, социјалната, сферата на животната средина или во други сфери (во понатамошниот текст „партнери"). Таа создава услови за широко и ефективно вклучување на сите соодветни тела, во согласност со националните правила и практики, имајќи ја предвид потребата за унапредување на еднаквоста помеѓу мажите и жените и за одржлив развој преку интегрирање на барањата за заштита и подобрување на животната средина.

3. Партнерството се спроведува со должно почитување на соодветните институционални, законски и финансиски одговорности на секоја категорија на партнери дефинирана во став 1.

4. Партнерството се вклучува во подготвувањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на ИПАРД Програмата. Република Македонија ги вклучува сите соодветни партнери во различните фази на програмирање, со соодветно почитување на временскиот рок утврден за секој чекор.

Пододдел 2

Следење на програмата

Член 60

Следење на програмата и показатели за следење

1. Телотото за управување и комитетот за следење за компонентата за рурален развој (во понатамошниот текст „комитет за следење за ИПАРД") ги следат ефективноста и квалитетот на спроведувањето на ИПАРД Програмата. Тие поднесуваат извештаи до комитетот за следење за ИПА и до Комисијата за напредокот на мерките.

2. Следењето на програмата се врши преку соодветните физички показатели, показателите за животна средина и финансиските показатели. Тие показатели, за влезните податоци, излезните податоци и резултатите на ИПАРД Програмата, се поврзуваат со специфичниот карактер на соодветната помош, нејзините цели и социо-економската, структуралната ситуација и ситуацијата со животната средина на Република Македонија.

Член 61

Комитет за следење за ИПАРД

1. Во согласност со член 36 од Рамковната спогодба за ИПА, Комитетот за следење на ИПАРД се формира од Република Македонија во рок од шест месеци од влегувањето во сила на ПСФ, по консултирањето на Комисијата и на партнерите наведени во член 59.

2. Комитетот за следење на ИПАРД треба да биде задоволен во однос на ефективноста и на квалитетот на спроведувањето на ИПАРД Програмата, со

цел да се постигнат нејзините цели.

3. Комитетот за следење на ИПАРД е составен од претставници на релевантните органи и тела и на соодветните економски, социјални партнери и партнери за животната средина. Тој составува и одобрува свој деловник за работа во консултација со Телотото за управување, ИПАРД Агенција и Комисијата. Тој деловник за работа се одобрува од Комитетот за следење на ИПАРД на неговиот прв состанок. Истиот може да се промени од комитетот за следење доколку има потреба. За таквите промени однапред се известува Комисијата.

4. Комитетот за следење на ИПАРД поднесува извештаи до комитетот за следење за ИПА. Тој на Комитетот за следење за ИПА му доставува информации кои првенствено се однесуваат на:

(а) постигнатиот напредок во спроведувањето на ИПАРД Програмата, по приоритетна оска и, каде што е соодветно, по мерки или активности; тука се вклучуваат и постигнатите резултати, финансиските показатели за спроведување и други фактори кои се утврдуваат заради подобрување на спроведувањето на ИПАРД Програмата;

(б) сите аспекти на функционирањето на системот за управување и контрола покренати од ревизорското тело, од НАО или од НКА.

5. Со Комитетот за следење на ИПАРД претседава претставник на Република Македонија. Назначеното лице не треба да биде вработено во ИПАРД Агенција.

6. Комисијата, раководителот на ИПАРД Агенција, и НАО учествуваат во работата на Комитетот за следење на ИПАРД без право на глас.

7. Во врска со критериумите за избор на финансираните активности се консултира Комитетот за следење на ИПАРД во рок од четири месеци од одлуката за одобрување на ИПАРД Програмата. Критериумите за избор се ревидираат во согласност со потребите на програмата.

8. Комитетот за следење на ИПАРД ги испитува резултатите од ИПАРД Програмата, особено постигнувањето на поставените цели за различните мерки и напредокот во користењето на финансиските средства доделени за тие мерки и оние кои се доделени за подмерките во рамките на мерките кога ИПАРД Програмата вклучува такви доделувања на средства. Во тој поглед, Телотото за управување обезбедува да сите релевантни информации за напредокот на мерките и, доколку е соодветно, на подмерките, им се стават на располагање на комитетот за следење и на НИПАК.

9. Комитетот за следење на ИПАРД периодично го ревидира направениот напредок во постигнувањето на целите утврдени во ИПАРД Програмата. За таа цел, нему првенствено треба да му биде на располагање следново:

(а) информации за сите сектори во кои постојат тешкотии;

(б) информации за резултатите од спроведените проверки; и

(в) список на карактеристиките на одобрените проекти и на проектите кои не се одобрени.

10. Комитетот за следење на ИПАРД го разгледува и одобрува, кога е соодветно, секој предлог до Комисијата за измена на ИПАРД Програмата.

11. Комитетот за следење на ИПАРД може, по консултирањето на Телотото за управување и ИПАРД Агенција, да им предложи на Комисијата и на НИПАК, со примероци за НАО и за НКА, измени или ревизии на ИПАРД Програмата за да го обезбеди постигнувањето на целите на програмата и да ја подобри ефикасноста на обезбедената помош.

12. Комитетот за следење на ИПАРД ги разгледува и одобрува годишните и завршните извештаи за спроведување пред тие да се испратат до Комисијата, НКА, НИПАК и НАО, со примерок за ревизорското тело.

13. Комитетот за следење на ИПАРД го проверува тековното и среднорочното оценување на ИПАРД Програмата наведено во членовите 65 и 66.

14. Комитетот за следење на ИПАРД го разгледува и одобрува планот за соопштување наведен во член 70, како и сите подоцнежни ажурирања на планот.

15. Кога според ИПАРД Програмата е потребно да се даде мислење за некое прашање, Комитетот за следење на ИПАРД постапува соодветно.

Член 62

Показатели

1. Напредокот, ефикасноста и ефективноста на ИПАРД Програмата во однос на нејзините цели се мери со показатели поврзани со основната состојба, како и со финансиското извршување, излезните податоци, резултатите и влијанието на програмата.

2. ИПАРД Програмата утврдува ограничен број на дополнителни показатели карактеристични за истата.

Пододдел 3

Оценување

Член 63

Принципи на оценување на ИПАРД Програмата

1. Оценувањата имаат за цел да го подобрат квалитетот, ефективноста и конзистентноста на помошта од фондовите на Заедницата, како и стратегијата и спроведувањето на ИПАРД Програмата.

2. ИПАРД Програмата е предмет на претходно и тековно оценување, во вид на поседователни проверки и, каде што е соодветно, на времени оценувања спроведени од независни оценувачи под одговорност на Република Македонија.

3. Со оценувањата се проценува спроведувањето на ИПАРД Програмата во насока на постигнување на целите утврдени во член 12 од Рамковната регулатива за ИПА. Особено, ефективноста на мерките на ИПАРД Програмата се оценува врз основа на нивното целосно влијание врз:

(а) придонесот во подготвувањето на Република Македонија за спроведување на правните акти на ЕУ поврзани со заедничката земјоделска политика и сродните политики;

(б) придонесот во одржливото прилагодување на земјоделскиот сектор и на руралните области во Република Македонија;

(в) целите на ИПАРД Програмата.

4. Оценувањата го испитуваат степенот на искористеност на средствата, ефективноста и ефикасноста на програмирањето, неговото социо-економско влијание и неговото влијание врз определените приоритети. Тие ги опфаќаат целите на ИПАРД Програмата и имаат за цел да извлечат лекции поврзани со политиката за рурален развој. Тие ги определуваат факторите кои придонесуваат за успешното или за неуспешното спроведување на ИПАРД Програмата, вклучувајќи ја одржливоста на дејностите и идентификувањата на најдобри практики.

5. Оценувањата се одговор на заедничка рамка за следење и оценување определена од страна на Комисијата во консултација со Република Македонија и, како општо правило, се придружени со критериуми и показатели за постигнувањата. Покрај тоа, оценувањата можат да бидат потребни за одговарање на конкретни прашања поврзани со целите на ИПАРД Програмата.

6. Република Македонија ги собира соодветните ресурси и ги прибира потребните податоци, со цел да обезбеди дека оценувањата можат да се спроведуваат на најефективен начин. Во таа смисла, оценувањата ги користат различните податоци кои произлегуваат од режимите за следење на програмата, дополнети кога е неопходно, со прибирање информации за подобрување на релевантноста.

7. Извештаите за оценувањето ги објаснуваат применетите методологии и вклучуваат проценка на квалитетот на податоците и наодите.

8. Квалитетот и импликациите од оценувањата се проценуваат од страна на управувачкиот орган, Комитетот за следење на ИПАРД и Комисијата.

9. Резултатите од претходните и од времените оценувања се земаат предвид при циклусот на програмирање и спроведување.

Член 64

Претходно оценување на ИПАРД Програмата

1. Претходното оценување претставува дел од составувањето на ИПАРД Програмата и има за цел да го оптимизира доделувањето на буџетски средства и да го подобри квалитетот на програмирање. Тоа ги определува и оценува среднорочните и долгорочните потреби, целите кои треба да се постигнат, очекуваните резултати, квантифицираните цели, особено во однос на влијанието поврзано со основната состојба, додадената вредност на Заедницата, степенот до кој определените приоритети биле земени предвид, научените лекции и квалитетот на постапките за спроведување, следењето на програмата, нејзиното оценување како и финансиското управување.

2. Република Македонија е одговорна за спроведувањето на претходното оценување.

Член 65

Тековно оценување

1. Република Македонија воспоставува систем за тековно оценување на ИПАРД Програмата. Овој систем се организира на иницијатива на Телотото за управување во соработка со Комисијата на повеќегодишна основа и го опфаќа целокупниот период на програмата.

2. Телотото за управување и Комитетот за следење на ИПАРД за програмата ги користат тековните оценки за:

   (а) испитување на напредокот на ИПАРД Програмата во однос на нејзините цели преку показатели за резултатите и, каде што е соодветно, преку показатели за влијанието;

   (б) подобрување на квалитетот на ИПАРД Програмата и нејзиното спроведување;

   (в) разгледување предлози за значителни промени во програмата;

   (г) подготовка за среднорочно и последователно оценување.

3. Секоја година Телотото за управување поднесува извештаи за активностите за тековно оценување до Комитетот за следење на ИПАРД со примероци за НКА и за ревизорското тело. Резиме на активностите се вклучува во годишниот извештај предвиден во член 68.

Член 66

Среднорочно оценување

1. Доколку Комисијата смета дека е соодветно, во третата година по годината на донесување на првата одлука за пренесување на правото за управување со помошта од ИПАРД Програмата, тековното оценување е во вид на посебно среднорочно оценување.

2. Среднорочното оценување предлага мерки за подобрување на квалитетот на ИПАРД Програмата и на нејзиното спроведување. Особено, Република Македонија обезбедува среднорочното оценување да ги прегледува првичните резултати од ИПАРД Програмата, а нивната соодветност со претходното оценување, релевантноста на целите и стремежите и степенот до кој истите се постигнати. Тоа, исто така, го проценува квалитетот на следењето и спроведувањето на програмата и стекнатото искуство во воспоставувањето систем за спроведување на ИПАРД Програмата.

3. Среднорочното оценување се доставува до Комитетот за следење на ИПАРД и до Комисијата до 31 декември од годината наведена во став 1 од овој член.

4. Покрај проценувањето наведено во член 63(8), Комитетот за следење на ИПАРД, Телотото за управување и Комисијата ги разгледуваат импликациите од оценувањето заради ревидирање на ИПАРД Програмата.

5. Телотото за управување ја известува Комисијата за последователните активности во однос на препораките од извештајот за оценување.

6. Доколку Република Македонија не го поднесе извештајот за среднорочно оценување до датумот наведен во став 3, се применуваат одредбите од член 39(4).

Член 67

Последователно оценување

1. Во текот на последната година од важноста на обврската утврдена во последната ПСФ склучена со Република Македонија, тековното оценување е во вид на посебно последователно оценување. Тоа се завршува и доставува до Комисијата пред завршувањето на таа година.

2. Врз основа на резултатите од оценувањето кои се веќе достапни, како и прашањата за оценување соодветни за ИПАРД Програмата, последователното оценување го опфаќа користењето на средствата и ефективноста и ефикасноста на ИПАРД Програмата, нејзиното влијание и соодветноста со претходното оценување. Тоа ги опфаќа факторите кои придонесуваат за успешното или за неуспешното спроведување, постигнувањата на ИПАРД Програмата и резултатите, вклучувајќи ја нивната одржливост. Тоа извлекува заклучоци соодветни за ИПАРД Програмата и за процесот на проширување.

3. Доколку Република Македонија не го поднесе извештајот за последователно оценување до датумот наведен во став 1, се применуваат одредбите од член 39(4).

Пододдел 4

Известување

Член 68

Годишни и завршни извештаи

1. Телотото за управување, по консултација со ИПАРД Агенција, подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведувањето на ИПАРД Програмата.

2. Годишните извештаи за спроведување на ИПАРД Програмата ја опфаќаат календарската година и вклучуваат кумулативни финансиски податоци и податоци од следењето за целиот период на спроведување на ИПАРД Програмата. Завршните извештаи за спроведување на ИПАРД Програмата го опфаќаат целиот период на спроведување и можат да го вклучуваат и последниот годишен извештај.

3. Извештаите наведени во став 1 од овој член се испраќаат до Комисијата, до НИПАК и до НАО, со примероци за НКА и за ревизорското тело, по нивна проверка и одобрување од страна на Комитетот за следење на ИПАРД.

4. Годишните извештаи се доставуваат во рок од шест месеци од завршувањето на секоја целосна календарска година на спроведување на ИПАРД Програмата. Завршниот извештај се доставува најдоцна шест месеци по крајниот датум за прифатливост на трошоците според ИПАРД Програмата.

5. Сите годишни и завршни извештаи за спроведување ги вклучуваат следниве информации:

   (а) секоја промена во општите услови што е релевантна за спроведувањето на ИПАРД Програмата, особено, главните социо-економски трендови, промена во националните, регионалните или секторските политики и, каде што е применливо, нивните импликации врз соодветноста помеѓу помошта според ИПАРД Програмата и помошта од другите финансиски инструменти на Заедницата;

   (б) напредокот во спроведувањето на приоритетите и мерките во однос на постигнувањето на целите на ИПАРД Програмата, нивните конкретни цели во ИПАРД Програмата, со квантификација, секогаш кога тие се сведуваат на квантификација, на физичките показатели и показателите на резултатите и на влијанието, во ИПАРД Програмата;

   (в) чекорите преземени од Телотото за управување, од ИПАРД Агенција, каде што е соодветно, и од Комитетот за следење на ИПАРД за помош при обезбедување на квалитет и на ефективност при спроведувањето, особено:

      i. мерки за следење и оценување на програмата, вклучувајќи режими за прибирање на податоци;

      ii. резиме на сите значителни проблеми сретнати во спроведувањето на ИПАРД Програмата и сите преземени дејствија, вклучувајќи ги оние за препораки за прилагодувања во согласност со став 9;

      iii. резиме на резултатите од спроведените контроли по мерка и

на откриените неправилности;

iv. користење на техничка помош;

v. преземени чекори за вклучување на локалните тела во поголем степен;

vi. преземени чекори за обезбедување јавно претставување на ИПАРД Програмата;

vii. податоци за прикажување дека фондовите на Заедницата го надополнуваат финансирањето кое е на располагање во Република Македонија;

(г) преземените чекори за обезбедување координираност на целата претпристапна помош на Заедницата наведена во член 4;

(д) финансиски табели кои ги покажуваат трошоците за Заедницата, националните и вкупните расходи по мерка и, каде што е соодветно, по подмерка;

(ѓ) резиме на активностите за тековно оценување во согласност со член 65;

(е) опис на активностите спроведени за спроведување на планот за соопштување наведен во член 70.

6. Откако Комисијата ќе го добие годишниот извештај, таа ја известува Република Македонија во рок од еден месец, доколку извештајот се смета за целосен. Во спротивно, извештајот се оценува за соодветен.

7. Комисијата има три месеци да даде коментар за годишниот извештај по неговото испраќање од страна на Телотото за управување. Тој временски рок се зголемува на пет месеци за последниот извештај за ИПАРД Програмата. Доколку Комисијата не одговори во определениот временски рок, извештајот се смета за прифатен.

8. Секоја година, кога се испраќа и прифаќа годишниот извештај, Комисијата, НАО и Телотото за управување и, каде што е соодветно, ИПАРД Агенција, ги ревидираат главните резултати од претходната година. Комисијата се консултира со НАО и со Телотото за управување и, каде што е соодветно, со ИПАРД Агенција за режимите кои се определуваат за таквата ревизија.

9. Доколку, по ревизијата, Комисијата достави коментари до Република Македонија, таа ја известува Комисијата за преземената активност во однос на тие коментари. Кога Комисијата, без тоа да биде во спротивност со донесените одлуки во согласност со членовите 53 и 54, ќе достави препораки до Република Македонија за прилагодувања чија цел е подобрување на ефективноста на следењето на програмата или на режимите за управување со ИПАРД Програмата, Република Македонија потоа ги претставува чекорите кои се преземени за подобрување на следењето на програмата или на режимите за управување или објаснува зошто не постапила на тој начин во рок од три месеци од примањето на коментарите на Комисијата. Комитетот за следење на ИПАРД се известува за тие

активности.

Пододдел 5

Информирање и транспарентност

Член 69

Информирање и јавно претставување

1. Република Македонија обезбедува информации и јавно ја претставува ИПАРД Програмата и придонесот на Заедницата во согласност со Анекс VI од Регулативата (ЕЗ) бр. 1974/2006 на Комисијата од 15 декември 2006 година[16], кој применува *мутатис мутандис* за оваа спогодба. Овие информации се наменети за општата јавност. Таа ја истакнува улогата на Заедницата и ја обезбедува транспарентноста на помошта на Заедницата.

2. Телотото за управување за ИПАРД Програмата е одговорно за нејзиното јавно претставување, како што следува:

   (а) тоа ги известува потенцијалните корисници, професионалните организации, економските и социјалните партнери, телата вклучени во унапредувањето на еднаквоста помеѓу мажите и жените и соодветните невладини организации, вклучувајќи ги организациите за животна средина за можностите кои ги нуди ИПАРД Програмата и правилата за добивање пристап до средствата од ИПАРД Програмата;

   (б) тоа ја информира општата јавност за улогата која ја игра Заедницата во ИПАРД Програмата и за резултатите од истата.

3. ИПАРД Агенција е одговорна за објавување на списокот на крајните корисници во согласност со условите утврдени во член 24(2) од Рамковната спогодба. Таа ги информира крајните корисници за придонесот на Заедницата.

Член 70

Транспарентност

1. Активностите за ставање на располагање и објавување во Република Македонија информации за помошта од ИПАРД Програмата како што е наведено во член 24(4) од Рамковната спогодба ќе се спроведуваат врз основа на план за соопштување кој треба да се договори помеѓу Телотото за управување и Комисијата пред донесувањето на одлуката наведена во член 25 од страна на Комисијата. Овој план за соопштување се оценува од страна на комитетот за следење на ИПАРД Програмата и ги утврдува:

[16] Сл. весник L 368, 23.12.2006 год., стр.15, Регулатива како што е последен пат изменета со Регулативата (ЕЗ) бр. 1236/2007 од 22 октомври 2007 година (Сл. весник L 280, 24.10.2007 год., стр.3)

(а) целите и целните групи;

(б) содржината и стратегијата на мерките за соопштување и информирање, наведувајќи ги мерките кои треба да се преземат;

(в) неговиот индикативен буџет;

(г) административните сектори или тела одговорни за спроведување;

(д) критериумите кои треба да се користат за оценување на влијанието на мерките за информирање и достапност за јавноста во однос на транспарентноста, запознаеноста со ИПАРД Програмите и улогата која ја игра Заедницата.

2. Износот доделен за информирање и јавно претставување може да биде дел од мерката за техничка помош од ИПАРД Програмата.

3. На состаноците на Комитетот за следење на ИПАРД, претседавачот поднесува извештај за напредокот во спроведувањето на мерките за информирање и достапност за јавноста и на членовите на Комитетот им дава примери за таквите мерки.

4. Кога спроведувањето на овој член вклучува специфични информации и активности за јавно претставување на ниво на проекти, за тие активности се одговорни крајните корисници и тие се финансираат од износот доделен за соодветниот проект.

ОДДЕЛ V

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 71

Завршни одредби на Рамковната спогодба

1. Оддел VI од Рамковната спогодба се применува *мутатис мутандис* на оваа спогодба.

2. Меѓутоа, во однос на член 44(2) од Рамковната спогодба, адресатите се следниве:

(а) за целокупната кореспонденција, освен онаа која е наведена во точка (б):

За Заедницата:

Commission of the European Communities
Directorate General for Agriculture and Rural Development
Unit for Pre-accession assistance
Rue de la Loi 130
BE - 1049 Brussels
телефон: + 32 2 296 73 37

факс: + 32 2 295 17 46
електронска пошта: agri-ipard@ec.europa.eu

За Република Македонија

Секретаријат за европски прашања
Влада на Република Македонија
Илинденска бб
1000 Скопје
Република Македонија
телефон: +389 2 3 239 165
факс: +389 2 3 114 569
електронска пошта: sep.contact@sep.gov.mk

(б) За кореспонденцијата поврзана со информациите наведени во член 28 од Рамковната спогодба, адресатите се следниве:

За Заедницата:

Commission of the European Communities
OLAF – European Anti-Fraud Office
Directorate C
Rue Joseph II 30
BE – 1049 Brussels

За Република Македонија

Министерство за финансии
Финансиска полиција
ул. Вељко Влаховиќ 11
1000 Скопје
Република Македонија
телефон: +389 2 3 106 383
факс: +389 2 3 231 578
електронска пошта: suzana.petrovska@finance.gov.mk

3. Меѓутоа, во однос на член 48 од Рамковната спогодба, кога Комисијата открила непочитување на одредбите од оваа спогодба, таа:

(а) ја известува Република Македонија за своите намери, со оправдување (-а), и

(б) има право, во однос на ИПАРД Програмата, но без тоа да биде во спротивност со одлуките наведени во членовите 53 и 54:

i. да врши финансиски корекции во однос на Република Македонија,

ii. да престане да ѝ префрла средства на Република Македонија,

iii. да се откаже од преземање нови финансиски обврски во име на Заедницата, и

iv. доколку е соодветно, да ја раскине оваа спогодба со важност

од моментот на првото откривање на непочитување.

Член 72

Влегување во сила

Оваа спогодба влегува во сила на денот кога двете договорни страни се известуваат меѓусебно за завршувањето на сите потребни формалности за влегување во сила на истата.

Член 73

Потпишување

Оваа спогодба е изготвена во примерок и на англиски јазик.

Потпишано, за и во име на

Владата на Република Македонија,

Ивица Боцевски
(Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија)

Потпишано, за и во име на Комисијата на Европските заедници

На _____ овој датум,, од _____

АНЕКС I

КРИТЕРИУМИ НА АКРЕДИТИРАЊЕ

СИСТЕМ НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА (ВОСПОСТАВУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ПЕРСОНАЛОТ)

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

труктурите, органите и телата на системот за управување и контрола како што е дефинирано во членовите од 6 до 8 од Рамковната спогодба имаат организациска структура која м овозможува да ги извршуваат следниве главни функции во однос на тропоците за ИПАРД:

сновниот пристап за распределба на функциите и одговорностите се воспоставува во согласност со следнава табела:

општи функции	специфични функции	НАО	национален фонд	оперативна структура ИПАРД Агенција	оперативна структура Телото за управување
ункции за правување	следење на програмата				*
	оценување				*
	известување				*
	координација				*
ункции за лакање	одобрување и контрола на обврските			*	
	одобрување и контрола на исплатите		(*)	*	
	извршување на исплатите			*	
	сметководство за обврските и исплатите		*	*	
	трезор		*		
ункции за проведување	избирање			*	
	достапност за јавноста			*	*
	осигурување	*			

околку е наведена како незадолжителна(*), функцијата може да се додели во зависност од големината, одговорностите и другите специфични карактеристики на системите за правување и контрола.

Освен доколку Комисијата не се произнесе јасно и недвосмислено поинаку, распределувањето на функциите и одговорностите не смее да биде во спротивност со основниот пристап прикажан во овој Анекс.

А.1. Функции за управување

(а) *Следење на програмата:* целта на оваа функција е следење на ефективноста и на квалитетот на спроведувањето на ИПАРД Програмата. Тоа се врши преку соодветните физички показатели, показателите за животната средина и финансиските показатели. Тоа, исто така, осигурува дека избирањето на активностите кои се финансираат е во согласност со критериумите и механизмот применлив за програмата и е во сообразност со соодветните правила на Заедницата и со националните правила.

(б) *Оценување:* целта на оваа функција е да го подобри квалитетот, ефективноста и конзистентноста на помошта од фондовите на Заедницата како и стратегијата и спроведувањето на ИПАРД Програмата. Оценувањата го испитуваат степенот на искористеност на средствата, ефективноста и ефикасноста на програмирањето и неговото социо-економско влијание на определените приоритети и, како општо правило, се придружени со критериумите и показателите кои се однесуваат на постигнувањата.

(в) *Известување:* целта на оваа функција е да обезбеди да за спроведувањето на програмата и за напредокот на посебните проекти и мерки, се поднесуваат извештаи на начин кој помага да се обезбеди ефективно и ефикасно спроведување на мерката, со користење на соодветни информатички и комуникациски системи.

(г) *Координација:* целта на оваа функција е да се насочува и следи работата на Комитетот за следење на ИПАРД како што е дефинирано во член 36(2) од Рамковната спогодба, особено со обезбедување на неопходните документи за следење на квалитетот на спроведување на програмите.

А.2. Функции за плаќање

(а) *Одобрување и контрола на обврските и исплатите:* целта на оваа функција е да се утврди дека барањата за одобрување на проекти и последователните суми кои треба да му се исплатат на барателот или на неговиот(-ите) застапник(-ици) се во сообразност со спогодбите и се квалификуваат за бараната помош од Заедницата, што вклучува, меѓу другото, административни контроли и контроли на самото место, особено оние кои се однесуваат на регуларноста и законитоста на расходот:

- проверка на прифатливоста на барањата за одобрување и на барањата за исплата,
- проверка на усогласеноста со обврските кои се внесени во однос на одобрувањата за проекти,
- и каде што е соодветно, проверка на тендерските постапки и постапките за склучување на спогодби и проверка на извршената работа или на обезбедените услуги.

Контролите се спроведуваат пред и по одобрувањето на проектот и можат да опфатат проверки пред избор на проектот, повторно мерење, проверки на квантитетот и на квалитетот на стоките и услугите кои се обезбедуваат, анализа или проверка на примерок, проверки пред исплатата, проверки по исплатата и на сите посебни одредби за спроведување на спогодбите во однос на регуларноста и законитоста на трошоците. Со цел да се утврди регуларноста и законитоста, контролите опфаќаат, каде што е соодветно, испитување на техничкиот карактер, што може да вклучува економско-финансиска проценка и проверки на специфичната земјоделска, техничка или научна природа.

(б) *Извршување на исплатите:* целта на оваа функција е издавање на упатство за банкарите на оперативната структура, или, во соодветни случаи, владина платежна служба, за плаќање на одобрениот износ на барателот (или на неговиот (-ите) застапник (-ици).

(в) *Сметководство за обврските и исплатите:* целта на оваа функција е регистрирање на сите обврски и исплати во одделни сметководствени книги за трошоците на ИПАРД, кои вообичаено се во вид на електронски систем за обработка на податоци и подготовка на периодични резимеа на трошоците,

вклучувајќи ги изјавите за трошоците за Европската комисија. Сметководствените книги исто така ги регистрираат средствата финансирани од фондовите, особено во однос на нерасчистени должници.

(г) *Трезор:* целта на оваа функција е организирање на банкарските сметки, барајќи средства од Комисијата, проверка на постоењето и правилноста на елементите за кофинансирање, одобрувајќи го префрлањето на средства од Комисијата на *ИПАРД Агенција* или на крајните корисници и финансиски соопштенија на Комисијата, што ги опфаќа кварталните и годишните изјави.

А.3. Функции за спроведување

Избирање: целта на оваа функција е

(а) *Избирање:* целта на оваа функција е да избере активности во согласност со критериумите, механизмите и правилата применливи за ИПАРД Програмата.

(б) *Јавно претставување:* целите на оваа функција се:

i. издавање на повици за пријавување и објавување на условите и на критериумите за прифаќање кои вклучуваат информации за договорните обврски и можните санкции во случај на неисполнување на тие обврски и, каде што е неопходно, издавање на одобрение за започнување со работа,

ii. и истакнување на улогата на Заедницата и обезбедување транспарентност за помошта на Заедницата.

(в) *Осигурување:* целта на оваа функција е обезбедување сигурност за НКА и за Комисијата во однос на регуларноста и законитоста на трошоците за ИПАРД и целосно идентификување и итно соопштување на сите неправилности поврзани со овој расход и правење на потребните финансиски прилагодувања во однос на откриените неправилности, во согласност со член 50 од Регулативата за спроведување на ИПА.

Организациската структура се грижи за јасно распределување на надлежноста и одговорноста на сите оперативни нивоа и за поделба на трите први платежни функции наведени во вториот потстав, чии одговорности се дефинираат во организациска шема. Таа ги вклучува техничките служби и службата за внатрешна ревизија наведена под точка 4.

Б. СТАНДАРД ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Структурите, органите и телата за системите за управување и контрола, како што е дефинирано во членовите од 6 до 8 од Рамковната спогодба, го обезбедуваат следново:

(а) Политиките за етика и интегритет кои се бараат од највисоката управувачка структура се подразбираат преку организацијата.

(б) Соодветните човечки ресурси (вклучувајќи одговорни позиции и чувствителни позиции [17]) се распределуваат за извршување на активностите, а присутни се и техничките вештини потребни на различни нивоа на активностите. Тие треба да имаат соодветни технички вештини и искуство, јазични вештини и комплетна обука за спроведување на Програми на Заедницата.

(в) Телата и поединците треба да имаат целосна законска надлежност за исполнување на нивните функции.

(г) Установувањето на одговорноста, обврзаноста, делегираната одговорност и сите потребни сродни надлежности за сите задачи и позиции во организацијата се дефинираат формално (во писмена форма), вклучувајќи го поставувањето на финансиски ограничувања за управителската надлежност. За обврските или исплатите на трети страни, еден управител треба да биде одговорен за сите аспекти на трансакцијата. Извештаите за мисијата, описите на работните места и слично се ажурирани и познати.

[17] Позиции во кои персоналот може да стане чувствителен на преголемо влијание заради карактерот на нивните контакти со трети страни или заради информациите кои ги имаат

(д) Поделбата на должностите е таква што ниедно лице не е одговорно за повеќе од една од трите функции за одобрување, извршување и сметководство на сумите наплатени од ИПАРД, ниедно лице не извршува една од тие задачи без неговата работа да биде под надзор преку повторно извршување од страна на второ лице и таа поделба на должности е во сообразност со начелата утврдени во Финансиската регулатива и нејзините правила за спроведување. За секоја од тие функции е задолжено посебно административно пододделение чии одговорности се дефинираат во организациска шема.

(ѓ) Планирањето на персоналот, ангажирањето, обучувањето и оценувањето постојат на сите нивоа на работа, а постои и политика за ротирање на персоналот на чувствителните позиции, или зголемување на надзорот, како друга опција.

(е) Се преземаат соодветни мерки:

i. за идентификување и избегнување на конфликт на интереси кога одредено лице кое е на одговорна позиција или на чувствителна позиција во смисла на потврдување, одобрување, исплата или сметководство на обврските и исплатите исто така исполнува други функции надвор од агенцијата, и за обезбедување примена на соодветните контроли. Сите лица од персоналот потпишуваат изјава за доверливост и непристрастност со цел да се избегне конфликтот на интереси.

ii. за обезбедување да можните неправилности забележани подолу во организацијата се соопштуваат и проследуваат соодветно, вклучувајќи заштита за „лицата што ги обелоденуваат нелегалните активности".

В. ДЕЛЕГИРАЊЕ

Дел од функциите или сите функции за оценување, известување, одобрување и контрола[18] можат да се делегираат на други тела под услов да бидат исполнети следниве услови:

(а) мора да биде склучена писмена спогодба помеѓу засегнатите структури, органи и тела на системите за управување и контрола од една страна, и тоа тело од друга, наведувајќи го карактерот на информациите и на документите за докажување кои треба да се достават и временскиот рок во кој тие мора да бидат доставени. Спогодбата треба да им овозможи на системите за управување и контрола да ги исполнат критериумите за акредитирање. Се остава доволен простор за евиденција на ревизија.

Целокупниот систем, вклучувајќи ги делегираните функции кои ги извршуваат други тела, се прикажува во организациска шема.

Спогодбата обезбедува пристап од соодветно овластени застапници или претставници на Република Македонија или на Заедницата до информациите кои ги поседуваат тие делегирани тела и испитување на апликациите од страна на тие службеници, што вклучува извршување проверки на проектите и примателите на помош и сите други информации кои им се потребни за извршување на нивните задачи.

(б) засегнатите структури, органи и тела на системите за управување и контрола во сите случаи остануваат одговорни за ефикасното управување со Фондот.

(в) одговорностите и обврските на другото тело, особено во однос на контролата и проверката на усогласеноста со спогодбите, треба да бидат јасно дефинирани.

(г) засегнатите структури, органи и тела за системите за управување и контрола во сите случаи обезбедуваат да телото располага со ефективен систем за да се обезбеди дека истото ги исполнува своите одговорности на начин кој задоволува.

(д) телото јасно им потврдува на засегнатите структури, органи и тела на системите за управување и контрола дека тоа навистина ги исполнува своите задачи и ги опишува користените средства.

(ѓ) засегнатите структури, органи и тела на системите за управување и контрола редовно ги ревидираат, вклучувајќи повторно извршување на примерок, делегираните

[18] Во ниеден случај функциите на извршување на исплатата и на сметководството на обврските и исплатите не може да се делегираат.

функции за да потврдат дека извршената работа е со задоволителен стандард и дека таа е во согласност со спогодбите.

(е) засегнатите структури, органи и тела на системите за управување и контрола се известуваат редовно и навремено за резултатите од спроведените проверки, така што меродавноста на проверките може секогаш да биде земена предвид пред одобрување или поramнување на одредено побарување или пред плаќање на фактура. Извршената работа се опишува детално во извештај кој го придружува секое барање или барање за исплата, група на барања или барања за исплата или, каде што е соодветно, во извештај кој опфаќа една година. Извештајот е придружуван со потврда за прифатливоста на одобрените барања и барања, за исплата и за карактерот, обемот и границите на извршената работа. Во извештајот се дадени извршените физички и административни проверки, опишан е методот, соопштени се резултатите од проверките и преземената активност во однос на разликите и неправилностите. Документите за докажување кои се доставуваат до соодветните структури, органи и тела на системот за управување и контрола се доволни за да се обезбеди потврда дека се извршени сите потребни проверки за прифатливоста на барањата за исплата или на фактурите одобрени за исплата.

(ж) *ИПАРД Агенција* мора да утврди, пред одобрување на проектот и пред доделување на помошта, дека другите тела следеле постапки кои се во согласност со критериумите утврдени во овој Анекс.

(з) Кога документите поврзани со одобрените побарувања, направените расходи и спроведените контроли, како и оние што се однесуваат на проекти кои не се избрани и се задржуваат од други тела, тие тела и *ИПАРД Агенција* воспоставуваат постапки да обезбедат дека локацијата на сите такви документи кои се релевантни за конкретни исплати извршени од *националниот фонд* или од *ИПАРД Агенција* е евидентирана и дека тие документи се достапни за проверка во нивните канцеларии на барање на лицата и телата кои вообичаено би имале право да ги проверуваат таквите документи, вклучувајќи:

i. персоналот на *ИПАРД Агенција* кој работи на барањето;

ii. службите за внатрешна ревизија на *националниот фонд* или на *ИПАРД Агенција:*

iii. *ревизорското тело* кој ја потврдува годишната изјава на НАО;

iv. соодветно овластени службеници или претставници на НАО или на НКА;

v. соодветно овластени застапници или претставници на Заедницата.

(s) *Ревизорското тело* поднесува извештаи за делегираните функции како истите да биле управувани од самата агенција.

2. ПЛАНИРАЊЕ /УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Структурите, органите и телата на системите за управување и контрола како што е дефинирано во членовите од 6 до 8 од Рамковната спогодба го обезбедуваат следново:

(а) Идентификување, проценување и управување со ризиците

– дека ризиците се идентификуваат и управуваат, особено дека се применуваат соодветни контролни ресурси во сите области, во функција на значењето на различните ризици кои тие ги намалуваат.

(б) Поставување на цели и распределба на ресурси за целите

– соодветни (и мерливи) цели на ниво на излезни информации и влијание се утврдуваат на сите нивоа и се разбирливи за сите во организацијата;

– ресурсите соодветно се распределуваат за тие цели, почитувајќи ги транспарентните цврсти начела за финансиско управување;

– одговорноста за тие цели е јасна.

(в) Планирање на процесот за спроведување

– јасно планирање на потребните чекори за реализирање на целите- вклучувајќи навременост и одговорност за секој чекор, а кога е потребно се донесуваат и анализи на критичните ситуации.

3. КОНТРОЛНИ АКТИВНОСТИ

За доследна внатрешна контрола потребни се следниве постапки, или оние постапки кои нудат еднакви гаранции:

А. ЗАЕДНИЧКИ ПОСТАПКИ

Генерално, се донесуваат соодветни постапки за да се обезбеди:

(а) двојна проверка на сите чекори во трансакцијата (претходна и последователна) и кога различни задачи во текот на истата трансакција се распределуваат на различен персонал да се обезбедат одредени вкрстени контроли по автоматски пат.

(б) одговорноста е поддржана со активен надзор преку одговорно управување со задачите кои им се делегираат на вработени со пониско звање (вклучувајќи годишни изјави за гаранција од вработените со пониско звање) – и не се смета исклучиво за пасивен или теоретски концепт.

(в) исклучоците (*меѓу другото,* исклучоците кај вообичаените постапки кои се одобрени на соодветно ниво, неодобрените исклучоци и пропусти во контролата секогаш кога се откриени) секогаш се евидентираат, впишуваат, ревидираат на соодветни нивоа и се соопштуваат.

(г) евидентирањето на секоја слабост на внатрешната контрола идентификувана од кој било извор и одговорите од управителите се регистрираат и проследуваат.

(д) значајните ризици за континуираност (на пр. во смисла на губење на податоци, отсуство на лица итн.) се идентификуваат и се подготвуваат планови за непредвидени случаи.

(ѓ) секоја промена на постапките и програмата, а особено оние кои се однесуваат на финансиските одредби, се регистрира, а прирачниците, упатствата, базите на податоци и контролните листови навремено се ажурираат.

Б. ПОСТАПКИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА и БАРАЊАТА ЗА ИСПЛАТА

Кога е соодветно, вклучените структури, органи и тела на системите за управување и контрола како што е дефинирано во членовите од 6 до 8 од Рамковната спогодба ги донесуваат следниве постапки или оние кои нудат еднакви гаранции:

(а) Тие утврдуваат детални писмени постапки за прием, регистрација и обработка на барањата за одобрување на проекти, барања за исплата, фактурите и документите за докажување и извештаите за контрола, вклучувајќи опис на сите документи кои ќе се користат. Тие постапки обезбедуваат да само барањата за исплата или избраните проекти кои ги исполнуваат критериумите за избор на проекти ќе се обработуваат и осигуруваат чување на проектно досие со сите релевантни документи за ревизија на проектот.

(б) Секое лице одговорно за одобрување има на располагање детална контролна листа за проверките кои треба да ги изврши и во документите за докажување на барањето вклучува потврда дека таквите проверки се извршени. Ваквата потврда мора да биде направена по електронски пат како предмет на барањето за контрола наведени во точка 5. Треба да има и доказ дека извршената работа е ревидирана од страна на вработен на повисоко ниво. Анализата, оценката и одобрувањето на проектите се евидентира во писмена форма. Анализата на проектот се раководи според начелата за стабилно финансиско управување.

(в) Одредено барање за доделување средства или барање за исплата се одобрува за исплата исклучиво по извршување на доволен број на проверки за да се потврди дека истото е во согласност со спогодбите. Тие проверки ги вклучуваат проверките кои се налагаат со регулативата која ја регулира конкретната мерка за која се бара помош и оние кое се потребни во согласност со член 28 од Рамковната спогодба за да се спречи и открие измама и неправилност особено во однос на постојните ризици.

Како дел од функцијата за одобрување, барањата се предмет на проверки кои вклучуваат почитување на условите и критериумите, квалификуваност, целосност на документите, правилност на документите за докажување, датум на прием. Сите проверки кои треба да се спроведат се наведуваат во контролниот лист и нивното извршување се потврдува за секоја апликација и побарување, или за секоја група на апликации или побарувања.

Во однос на обезбедените услуги и стоки, контролата се состои од:

(i) контрола на документацијата: за да се обезбеди дека податоците за квантитетот, квалитетот и цената на стоките или на услугите на фактурата се сложуваат со оние кои се нарачани;

(ii) физичка контрола: за да се обезбеди дека квантитетот и квалитетот на стоките или на услугите одговараат на оние кои се наведени во фактурата или во формуларот за барање.

Оваа контрола на услуги или на стоки исто така може да се врши постојано во текот на реализацијата, односно, кога се вршат првичните или времените исплати.

(г) Раководството, на соодветно ниво, се известува редовно и навремено за резултатите од спроведените контроли, така што задоволувачкото ниво на тие контроли секогаш може да биде земено предвид пред да се порамни барањето за исплата.

(д) Извршената работа се опишува детално во извештај кој го придружува секое барање за исплата, група на барања или, каде што е соодветно, во извештај кој опфаќа една финансиска година. Извештајот е придружуван со потврда за прифатливост на одобрените барања и за карактерот, обемот и границите на извршената работа. Покрај тоа, треба да постои потврда дека се почитувани критериумите за доделување на помош и дека се исполнети сите применливи правила од спогодбите, особено правилата за јавни набавки и почитување на животната средина. Доколку некои физички и административни проверки не се опширни, туку се извршени на примерок од побарувања, се идентификуваат избраните барања, се опишува методот и се соопштуваат резултатите од сите проверки и преземените мерки во однос на разликите и неправилностите. Документите за докажување треба да бидат доволни за да обезбедат потврда дека сите потребни проверки за прифатливоста на одобрените барања се извршени.

(ѓ) Побарувањата од барателите се обработуваат на начин кој обезбедува навременост.

(е) Кога документите (во хартиена или електронска форма) кои се однесуваат на одобрените барања и на спроведените контроли се задржани од други тела, тие тела и соодветните структури, органи и тела на системите за управување и контрола утврдуваат постапки за да обезбедат дека е регистрирано местото на чување на сите такви документи кои се релевантни за конкретните исплати извршени од агенцијата.

(ж) Без тоа да биде во спротивност со одредбите од член 61(7), критериумите за проценување на барањата и нивниот редослед по приоритетност треба да бидат јасно дефинирани и документирани.

В. ПОСТАПКИ ЗА БУЏЕТОТ И ИСПЛАТАТА

(а) Кога е соодветно, вклучените структури, органи и тела на системите за управување и контрола како што е дефинирано во членовите од 6 до 8 од Рамковната спогодба ги донесуваат потребните постапки со цел да обезбедат државната власт да може да ги исполни своите локални договорни обврски без оглед на задоцнувањата или прекините во финансирањето од Комисијата.

(б) Со постапка се обезбедува исплатите да се вршат само на крајните корисници, на нивната сметка во банка или на нивниот застапник.

(в) Исплатата се врши од банкарот на *ИПАРД Агенција* или, доколку е соодветно, владина платежна служба, или чекот се испраќа, како општо правило, во рок од три работни дена од датумот на задолжување на сметката во евра на ИПАРД. Ниедна исплата не се врши во готово.

(г) Сите исплати, за кои не се извршени префрлања, мора да се вратат на сметката во евра на ИПАРД во рок од три работни дена од известувањето за нивното неизвршување. Износите кои произлегуваат од чекови кои не се реализирани во периодот на нивната важност се впишуваат во приходи на сметката во евра на ИПАРД во рок од три работни дена од известувањето за нивното неизвршување.

(д) Одобрувањето на лицето кое го врши истото и/или неговиот претпоставен може да се врши по електронски пат, под услов да е обезбедено соодветно ниво на безбедност на тие средства и идентитетот на потписникот да е внесен во електронските записи.

(ѓ) Постапките обезбедуваат постоењето и правилноста на националниот кофинансирачки елемент да биде потврдено.

Г. ПОСТАПКИ ЗА СМЕТКОВОДСТВО

(а) Структурите, органите и телата на системите за управување и контрола донесуваат целосни и транспарентни сметководствени постапки следејќи ги меѓународните општоприфатени сметководствени стандарди и сите упатства за примена на овие стандарди утврдени од Комисијата.

(б) Тие утврдуваат детални постапки за да обезбедат кварталните и годишните изјави да бидат целосни, точни и навремени и дека се откриваат и поправаат сите грешки и пропусти, особено преку проверки и усогласувања (кога е возможно со информации од трета страна) кои се вршат во интервали кои не се подолги од три месеци. Се обезбедува целосна евиденција на ревизија за секоја ставка внесена во сметките.

(в) Сметководствените постапки на *ИПАРД Агенција* обезбедуваат дека сметководствениот систем може да ги произведе вкупните трошоци, направените расходи, делумните исплати и исплатите на биланс, и тоа во евра и во националната валута, за секоја подрачна служба и за секој проект, спогодба или мерка и подмерка. Се утврдуваат рокови за откажување на обврските кога работата не е завршена во рамките на договорениот распоред. Таквите откажувања соодветно се регистрираат во сметководствениот систем.

Д. ПОСТАПКИ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊА

Сите критериуми предвидени во точките од А до Г се применуваат *мутатис мутандис,* на даночните обврски, запленетите гаранции, вратените плаќања, итн. кои агенцијата треба да ги наплати во име на ИПАРД Програмата.

ПАРД Агенција воспоставува систем за признавање на сите должени суми и за регистрирање во книгата на должници на сите [illegible] вното примање. Книгата на должници се проверува во редовни интервали и се преземаат активности за наплата на долговите кои се неподмирени, особено во случај на пленети гаранции и вратени плаќања. Без тоа да биде во спротивност со член 44(9) или кои било национални одредби за враќање на долгови, секој финансиски придонес платен на Заедницата во однос на овие суми, вклучувајќи неправилности се отпишува на крајот на втората година по неговото евидентирање во книгата на должници и се фундира на буџетот на Заедницата како што е предвидено во член 55.

ПАРД Агенција може да ја делегира наплатата на одредени категории на враќање на средства на други тела, под условите наведени во точка 1В, прилагодени како што е одветно и под дополнителниот услов кој тие други тела редовно и навремено ѝ го соопштуваат на агенцијата за ИПАРД Агенција, најмалку еднаш месечно, на сите признаени иходи и добиени парични средства.

РЕВИЗРСОКА ТРАГА

нформациите за документираниот доказ за одобрување, сметководство и исплата на побарувањата и справување со долгови се стават на располагање со цел во секое време да де обезбедена доволно детална ревизорска трага.

ководството, на соодветно ниво, се известува редовно и навремено за резултатите од спроведените контроли, така што задоволителното ниво на тие контроли секогаш може да де земено предвид пред да се исплати барањето.

тие цели, структурите, органите и телата на системите за управување и контрола како што е дефинирано во член 9 ги воспоставуваат постапките за да обезбедат чување на сите кументи потребни за гарантирање на соодветна ревизорска трага.

АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ

ТЕКОВНО СЛЕДЕЊЕ ПРЕКУ АКТИВНОСТИ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

ктивностите за внатрешна контрола најмалку ги опфаќаат следниве области:

) надзор на стручните служби и делегираните тела одговорни за извршување на контролите и другите функции за обезбедување соодветна примена на регулативите, упатствата и постапките.

) започнување системски промени со цел општо подобрување на системите за контрола.

) ревидирање на барања за исплата и барања доставени до структурите, органите и телата на системите за управување и контрола како што е дефинирано во членовите 9 и 10 од Рамковната спогодба како и други информации кои укажуваат на сомнение за неправилности.

ековното следење е вградено во вообичаени, повторливи функционални активности. Дневните активности и контролните активности на сите нивоа постојано се следат за да се безбеди доволно детална ревизорска трага.

Б. ОДДЕЛНИ ОЦЕНУВАЊА ПРЕКУ СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

За секое од различните тела во својот состав, структури, органи и тела на системот за управување и контрола како што е дефинирано во членовите од 6 до 8 од Рамковната спогодба, се донесуваат следниве постапки:

(а) Службата за внатрешна ревизија е независна од другите сектори и поднесува извештаи директно до највисоката управувачка структура.

(б) Службата за внатрешна ревизија проверува дали постапките донесени од соодветните структури, органи и тела на системите за управување и контрола и измените на истите, се доволни за да обезбедат потврдување на усогласеност со спогодбите, дали функционирањето на нивните системи на пониски нивоа е ефикасно и дали сметките се точни, целосни и навремени. Проверките можат да бидат ограничени на избрани мерки и подмерки и на примероци од трансакциите под услов ревизорскиот план да обезбедува да сите значителни области, вклучувајќи ги секторите и телата одговорни за одобрување и оние сектори и тела на кои им биле делегирани функциите, се опфатени за период кој не е подолг од пет години. Може да вклучува некои последователни проверки на трансакции, но повеќе треба да се насочи на ефективноста и ефикасноста на моделот на системот и организацијата.

(в) Работата на службата за внатрешна ревизија се врши во согласност со меѓународно прифатените стандарди за ревизија, се евидентира во работни документи и како резултат има извештаи и препораки упатени до највисоката управувачка структура.

(г) Ревизорските планови и извештаи се ставаат на располагање на ревизорското тело, на соодветно овластените службеници или претставниците на НКА и НАО и на соодветно овластените застапници или претставници на Заедницата за спроведување на финансиски ревизии и исклучиво заради оценување на ефективноста на функцијата на внатрешна ревизија.

5. ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИЈА

А. КОМУНИКАЦИЈА И ЈАВНО ПРЕТСТАВУВАЊЕ

(а) Структурите, органите и телата за системите за управување и контрола како што е дефинирано во членовите од 6 до 8 од Рамковната спогодба ги донесуваат неопходните постапки за да обезбедат да секоја промена во регулативите на Заедницата, особено промените во стапките на помош или условите за доделување помош, е евидентирана и дека насоките, базите со податоци и списоците за проверки навремено се ажурираат.

(б) Сите предложени измени во режимите за плаќање и спроведување на системот за управување и контрола по нивното акредитирање и пренесување на правото за управување се доставуваат до надлежниот(-ите) национален(-ни) орган(-) и до Комисијата, со примерок до ревизорското тело, за проверка и одобрување пред нивното спроведување.

(в) *ИПАРД Агенција* обезбедува соодветно јавно претставување за достапност на помошта, додека Телотото за управување го следи и гарантира во таа смисла исполнувањето на обврските поврзани со јавното претставување. Ова јавно претставување треба да се однесува на кофинансирањето на Заедницата и да биде насочено кон можните управители и извршители на проектот со цел да се добие колку што е можно поширок избор на можни управители и извршители на проектот. Стандардните формулари за аплицирање со јасни упатства за пополнување и условите за квалификување се составуваат пред пуштање во функција на програмата. На потенцијалните крајни корисници или на финалните корисници не им се наметнуваат никакви давачки за информациите, вклучувајќи ги формуларите за аплицирање поврзани со ИПАРД Програмата. Оваа одредба не е во спротивност со примената на давачки кои воопшто се наметнуваат во останатиот дел од стопанството.

Б. СИГУРНОСТ НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ СИСТЕМИ

ирна безбедносна политика за информатичка технологија се развива врз основа на одобрена стратегија за информатичка и комуникациска технологија за да се обезбеди рливост, целокупност и достапност на сите податоци:

Сигурноста на информатичките системи се темели на критериумите утврдени во верзијата која се применува во соодветната финансиска година на Организацијата на меѓународни стандарди 17799/Британски стандард 7799: Кодекс за примена за Управување со безбедноста на информациите (BS ISO/IEC 17799) и сите упатства за примена на овие стандарди утврдени од Комисијата.

Безбедносните мерки се прилагодуваат на административната структура, персоналот и технолошките услови на секоја одделна структура, орган или тело на системите за управување и контрола. Финансиските и технолошките напори се пропорционални со тековните ризици кои се преземаат.

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се воспоставува соодветен систем за управување со информациите со цел брзо добивање на соодветни податоци и извештаи за спроведувањето на ИПАРД Програмата.

Постапки за редовно поднесување на извештаи на соодветни нивоа за ефикасноста и ефективноста на внатрешната контрола, кои обезбедуваат целиот персонал на сите нивоа да добива соодветни и редовни информации за да може да ги исполнува своите задачи.

Измени и дополнувања на Конвенцијата

Член 15

1. Текстот на секоја измена и дополнување која Управниот комитет ја препорачува до договорните страни во согласност со член 6, став 5(а) (1) и (2), Генералниот секретар на Советот го доставува до сите договорни страни и до оние членови на Советот кои не се договорни страни.
2. Измените и дополнувањата на текстот на Конвенцијата стапуваат на сила за сите договорни страни 12 месеци по депонирање на инструментите за прифаќање од оние договорни страни присутни на седницата на Управниот комитет за време на која се препорачани измените и дополнувањата, под услов да не се поднесе забелешка од некоја

од договорните страни во период од 12 месеци од датумот на известување за вакви измени и дополнувања.

3. Секоја препорачана измена и дополнување на Општиот анекс или специфичните анекси или нивни глави се смета за прифатена шест месеци по доставувањето на соодветната измена или дополнување до договорните страни, освен ако:

(а) има приговор од една договорна страна или, во случај на специфичен анекс или негова глава, од договорна страна обврзана со тој специфичен анекс или негова глава; или пак

(б) една договорна страна го информира Генералниот секретар на Советот дека, иако има намера да ги прифати препорачаните измени и дополнувања, условите потребни за вакво прифаќање не се сеуште исполнети.

4. Ако една договорна страна му ја испраќа на Генералниот секретар на Советот информацијата, наведена во став 3(б) од овој член, таа може, ако не го известила Генералниот секретар на Советот за прифаќање на препорачаните измени и дополнувања, да поднесе приговор на таа измена и дополнување во период од 18 месеци по истекување на периодот од 6 месеци наведен во став 3 од овој член.

5. Ако е доставен приговор на препорачаната измена и дополнување во согласност со условите на став 3(а) или 4 од овој член, измените и дополнувањата се сметаат за неприфатени и не треба да функционираат.

6. Ако некоја договорна страна испрати информација во согласност со став 3(б) од овој член, измените и дополнувањата се сметаат за прифатени на пораниот од следниве два датуми:

(а) датумот на кој договорните страни кои испратиле вакви информации го известиле Генералниот секретар на Советот за нивно прифаќање на препорачаните измени и дополнувања, под услов, ако сите прифаќања се примени пред истекување на периодот од 6 месеци од став 3 од овој член, тој датум треба да се земе како датум на истекување на наведениот шест-месечен период;

(б) датумот на истекување на осумнаесет-месечниот период од став 4 од овој член.

7. Секоја измена и дополнување на Општиот анекс или специфичните анекси или нивните глави кои се сметаат за прифатени стапуваат на сила или 6 месеци по датумот на кој се смета дека се прифатени или пак, ако различен период е наведен во препорачаните измени и дополнувања, по истекување на тој период по датумот на кој измените и дополнувањата се сметаат за прифатени.

8. Генералниот секретар на Советот, најскоро што може, ги известува договорните страни на оваа Конвенција за секој приговор кон препорачаните измени и дополнувања направени во согласност со ставот 3(а) и за секое известување добиено во согласност со став 3(б), од овој член. Генералниот секретар на Советот исто така ги информира договорните страни, дали договорната страна или страни кои испратиле вакви известувања приговораат на препорачаните измени и дополнувања или пак ги прифаќаат.

Член 16

1. И покрај процедурите за измени и дополнувања дадени во член 15 на оваа Конвенција, Управниот комитет во согласност со член 6 може да одлучи да ги промени сите

препорачани пракси или да ги вметне новите препорачани пракси за секој специфичен анекс или негова глава. Секоја договорна страна треба да биде поканета од Генералниот секретар на Советот да учествува во разгледувањата на Управниот Комитет. Текстот на овие измени и дополнувања или на новите вообичаени пракси треба да биде даден на Генералниот секретар на Советот и до оние членки на Советот кои не се договорни страни на оваа Конвенција.

2. Секоја измена или дополнување на нови препорачани пракси за кои е одлучено согласно став 1 на овој член треба да стапат на сила 6 месеци по нивното пренесување од Генералниот секретар на Советот. Секоја договорна страна обврзана со специфичен анекс или глава кои се предмет на вакви измени или дополнувања на нови препорачани пракси треба да се смета дека ги прифатила овие измени или нови препорачани пракси освен ако не даде резерви според постапките од член 12 на оваа Конвенција.

Траење на пристапувањето

Член 17

1. Оваа Конвенција е со неограничено времетраење, но секоја договорна страна може да се откаже од неа било кое време по датумот на нејзино стапување на сила според член 18.
2. Откажувањето треба да се назначи написмено и да се достави до депозиторот.
3. Откажувањето треба да стапи на сила шест месеци по примање на откажувањето од депозиторот.
4. Одредбите на ставовите 2 и 3 од овој член треба истотака да се применат во врска со специфичните анекси или глави за кои секоја Договорна страна може да го повлече своето прифаќање било кое време по датумот на стапување на сила.
5. Секоја Договорна страна која го повлекува своето прифаќање на општиот анекс треба да се смета дека се откажала од Конвенцијата. Во овој случај, можат да се применат одредбите на ставовите 2 и 3.

ГЛАВА 5

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Стапување на сила на Конвенцијата

Член 18

1. Оваа Конвенција треба да стапи на сила три месеци по потпишување на Конвенцијата без резерви од страна на пет од субјектите наведени во ставовите 1 и 5 од член 8, или пак по нивно депонирање на инструментите за ратификација или пристапување.
2. Оваа Конвенција ќе стапи на сила за секоја договорна страна три месеци по нејзино постанување на договорна страна во согласност со одредбите од член 8.
3. Секој специфичен анекс или негова глава од оваа Конвенција треба да стапи на сила три месеци по прифаќање на тој специфичен анекс или таа глава од страна на пет договорни страни.

4. По стапување на сила на некој специфичен анекс или негова глава во согласност со став 3 од овој член, тој специфичен анекс или глава ќе стапат на сила за секоја договорна страна три месеци по известувањето за нивното прифаќање. Сепак, ниеден специфичен анекс или негова глава нема да стапи на сила за една договорна страна пред оваа Конвенција да стапила на сила за таа договорна страна.

Депозитор на Конвенцијата

Член 19

1. Оваа Конвенција, сите потписници со или без резерва од ратификација и сите инструменти за ратификација или пристапување се депонираат кај Генералниот секретар на Советот.
2. Депозиторот :
   (а) го добива и го задржи правото на оригиналните текстови на оваа Конвенција;
   (б) подготвува заверени копии од оригиналните текстови на оваа Конвенција и ги доставува до договорните страни и оние членки на Советот кои не се договорни страни и Генералниот секретар на Обединетите нации;
   (в) ги прима сите потписници со или без резерви од ратификација, ратификација или пристапување кон оваа Конвенција, како и да прими и го чува и го задржи правото на секој инструмнет, соопштение и информации поврзани со неа;
   (г) проверува дали потписникот или некој инструмент, соопштение или информација во врска со оваа Конвенција е во соодветна и правилна форма и, ако е потребно, да го нагласи ова прашање на договорната страна за која станува збор;
   (д) ги известува договорните страни, членовите на Советот кои не се договорни страни, како и Генералниот секретар на Обединетите нации за:
   - потписниците, ратификациите, пристапувањето и прифаќањето на анекси и глави според член 8 од оваа Конвенција;
   - нови глави на општиот анекс и нови специфични анекси или глави кои Управниот комитет решава да ги препорача за дополнување во оваа Конвенција;
   - датумот на стапување на сила на оваа Конвенција, на Општиот анекс и на секој специфичен анекс или глава во согласност со член 18 од оваа Коневцнија;
   - соопштенија добиени во согласност со членовите 8, 10, 11, 12 и 13 од оваа Конвенција;
   - повлекување на прифаќањата на анексите/главите од договорните страни;
   - откажувања според член 17 од оваа Конвенција; и
   - секоја измена или дополнување прифатени во согласност со член 15 од оваа Конвенција и датумот на стапување на сила.
3. Во случај да се појават разлики помеѓу една договорна страна и депозиторот во врска со извршувањето на неговите функции, депозиторот или таа договорна страна треба да го постави ова прашање пред Управниот комитет или пак Советот.

Регистрација и автентични текстови

Член 20

Во согласност со член 102 од Повелбата на Обединетите нации, оваа Конвенција треба да се регистрира кај Секретаријатот на Обединетите нации по барање на Генералниот секретар на Советот.

Потврдувајќи го наведеното, долупотпишаните, соодветно овластени за тоа, ја потпишаа оваа Конвенција.

Составено во Кјото, на осумнаесети мај илјада деветстотини седумдесет и трета година, на англиски и француски јазик, при што и двата текста подеднакво се автентични, во единствен оригинал кој треба да се депонира кај Генералниот секретар на Советот кој ќе достави заверени копиии на сите субјекти на кои се однесува став 1 од член 8 од оваа Конвенција.

ПРИЛОГ 2.

ОПШТ АНЕКС
ГЛАВА 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Стандард
Дефинициите, стандардите и преодните стандарди во овој Анекс се применуваат на царинските постапки и пракси наведени во овој Анекс, а доколку е соодветно и на постапките и праксите во специфичните анекси.

1.2. Стандард
Условите што треба да се исполнат и царинските формалности што треба да се спроведат за постапките и праксите во овој Анекс и во специфичните анекси се одредуваат во националното законодавство и треба да бидат што е можно поедноставни.

1.3. Стандард
Царината воспоставува и одржува формална советодавна врска со трговијата за зголемување на соработката и олеснување на учеството при воведување на најефективни методи на работење соодветни со националните прописи и меѓународните договори.

ГЛАВА 2
ДЕФИНИЦИИ

За целите на анексите на оваа Конвенција:
А1./Ф23. "жалба", значи дејствие со кое лицето, на кое непосредно се однесува одлуката или пропустот на царината, а кое со тоа се смета дека е оштетено, го бара своето право пред надлежните органи;

А2./Ф19. "утврдување на давачките и даноците", значи определување на износот на давачките и даноците што треба да се платат;

А3./Ф4. "ревизорски контроли", значи мерки со кои царината ја проверува точноста и веродостојноста на декларацијата преку испитување на соодветни книги, евиденции, работни системи и комерцијални податоци кои се водат од засегнатото лице;

А4./Ф15. "проверка на стоковата декларација", значи дејствија превземени од царината со кои се проверува дали стоковата декларација е точно пополнета и дали потребната приложена документација ги исполнува пропишаните услови;

А5./Ф9. "царинење", значи извршување на царински формалности потребни за да се овозможи стоката да се пушти во домашна употреба, да се извезе или да се стави во друга царинска постапка;

А6./Ф10. "царина", значи владина служба која е одговорна за спроведување на царинските прописи и прибирање на давачките и даноци и која исто така е одговорна за примена на други закони и прописи поврзани со увоз, извоз, движење или чување на стока;

А7./Ф3. "царинска контрола", значи мерки кои се применуваат од царината со цел да се обезбеди усогласност со царинските прописи;

А8./Ф11. "царински давачки", значи царински давачки предвидени во царинската тарифа на кои стоката подлежи при влегување и напуштање на царинското подрачје;

А9./Ф16. "царински формалности", значи сите дејствија кои мораат да ги спроведат засегнатите лица и царината, во согласност со царинските прописи;

А10./Ф18. "царински прописи", значи законски и подзаконски одредби кои се однесуваат на увоз, извоз, движење или чување на стока, чија примена и спроведување се посебна надлежност на царината, како и било кои друга прописи кои ги донесува царината врз основа на своите законски овластувања;

А11./Ф2. "царинска испостава", значи царинска административна единица надлежна за спроведување на царинските формалности, и простории или други места одобрени за таа цел од страна на надлежни органи;

А12./Ф25. "царинско подрачје", значи подрачје на кое се пременуваат царинските прописи на договорната страна;

А13./Ф6. "одлука", значи индивидуално дејство со кое царината одлучува за работа поврзана со царинските прописи;

А14./Ф7. "декларант", значи лице кое поднесува стокова декарација или во чие име е поднесена таквата декларација;

А15./Ф5. "датум на доспевање", значи датум кога доспева плаќањето на давачките и даноците;

А16./Ф12. "давачки и даноци", значи увозни давачки и даноци и/или извозни давачки и даноци;

А17./Ф27. "преглед на стока", значи физичка проверка на стоката од царината за да се утврди дали природата, потеклото, состојбата, количината и вредноста на стоката се во согласност со податоците во наведени во стоковата декларација;

А18./Ф13. "извозни давачки и даноци", значи царински давачки како и други давачки, даноци или такси кои се прибираат при или се поврзани со извозот на стока, но не се вкучени надоместоците кои се ограничени на износот на приближните трошоци за направените услуги, кои ги дава царината или ги прибира во име на други државни органи;

А19./Ф8. "стокова деларација", значи изјава дадена на начин пропишан од царината, со која засегнатото лице ја наведува царинската постапка која треба да се примени на стоката и ги наведува поединостите кои ги бара царината за да може да се примени постапката;

А20./Ф14. "увозни давачки и даноци", значи царински давачки како и други давачки, даноци или такси кои се прибираат при или се поврзани со увозот на стока, но не се вклучени надоместоци кои се ограничени на износот на приближните трошоци за направените услуги, кои ги дава царината или ги прибрира во име на други државни органи;

А21./Ф1. "меѓусебна административна помош", значи дејствија на царинската управа во име или во соработка со друга царинска управа за правилна примена на царинските прописи и за спречување, истрага и сузбивање на царинските прекршоци;

А22./Ф21. "пропуст", значи непреземање на дејствие или недонесување на одлука во разумен рок која се бара од царината согласно царинските прописи, за прашање кое е уредно поднесено до царината;

А23./Ф22. "лице", значи и физичко и правно лице, освен ако не е поинаку предвидено;

А24./Ф20. "пуштање на стока", значи дејствие на царината со кое се дозволува стоката која била подложена на царинење да се стави на располагање на засегнатото лице;

А25./Ф24. "враќање", значи враќање, целосно или делумно, на давачките и даноците кои се платени за стоката и простување, целосно или делумно, на давачките и даноците кои сеуште не се платени;

А26./Ф17. "гаранција", значи тоа што обезбедува сигурност на царината дека обврските кон царината ќе бидат исполнети. Гаранцијата е опишана како "општа" кога обезбедува сигурност дека обврските кои произлегуваат од неколку дејствија ќе бидат исполнети;

А27./Ф26. "трета страна", значи било кое лице кое во име или за сметка на друго лице директно настапува пред царината, во врска со увоз, извоз, движење или чување на стока.

ГЛАВА 3
ЦАРИНЕЊЕ И ДРУГИ ЦАРИНСКИ ФОРМАЛНОСТИ
Надлежна царинска испостава

3.1. Стандард

Царината ги одредува царинските испостави во кои стоката може да се стави на увид или царини. При одредување на надлежноста и локацијата на овие испостави, како и нивното работно време, треба да се земат предвид факторите што посебно ги вклучуваат потребите на трговијата.

3.2. Стандард
На барање на засегнатото лице и од причини што царината ги смета за оправдани, во зависност од расположивите ресурси, царината ги спроведува дејствијата пропишани за целите на царинската постапка и пракса надвор од определеното работно време или надвор од царинската испостава. Сите трошоци кои ги наплатува царината се ограничени на приближното чинење на извршените услуги.

3.3.Стандард
Кога царинската испостава се наоѓа на заеднички граничен премин, засегнатите царински управи го усогласуваат работното време и надлежностите на тие испостави.

3.4. Преоден стандард
На заеднички граничен премин, засегнатите царински управи вршат заеднички контроли, кога тоа е возможно.

3.5. Преоден стандард
Кога царината има намера да основа нова царинска испостава или да промени постоечка царинска испостава на заеднички граничен премин, кога тоа е возможно, во соработка со соседната царина основаат царинска испостава до царинска испостава за олеснување на заедничките контроли.

Декларант

(а) Лица кои се овластени да преземаат дејствија како декларанти

3.6. Стандард
Националното законодавство ги одредува условите под кои лицето е овластено да презема дејствија како декларант.

3.7. Стандард
Секое лице кое има право да располага со стоката е овластено да презема дејствија како декарант.

(б) Обврски на декларантот

3.8. Стандард
Декларантот е одговорен за точноста на податоците дадени во стоковата декларација и за плаќањето на давачките и даноците.

(в) Права на декларантот

3.9. Стандард
Пред поднесување на стоковата декларација на декларантот ќе му биде одобрено, под услови кои се определени од царината да:
(а) ја провери стоката; и
(б) земе мостри.

3.10. Стандард
Царината нема да бара посебна стокова декларација за мострите за кои е одобрено да бидат земени под царински надзор, под услов таквите мостри да се вклучени во стоковата декларација која се однесува на предметната пратка.

Стокова декларација
(а) Стокова декларација - форма и содржина

3.11. Стандард
Содржината на стоковата декларација ја пропишува царината. Хартиената форма на стоковата декларација е усогласена со образецот на Обединетите нации.

За автоматизираните постапки на царинење, форматот на електронски поднесена стокова декларација се заснова на меѓународните стандарди за електронска размена на информации како што е пропишано во препораките на Советот за царинска соработка за информатичка технологија.

3.12. Стандард
Царината ги ограничува бараните податоци во стоковата декларација само на оние поединости кои се сметаат за потребни заради утврдување и прибирање на давачките и даноците, за потребите на статистиката и примена на царинските прописи.

3.13. Стандард
Кога декларантот ги нема сите информации потребни за изготвување на стокова декларација, од причини што царината ги смета за оправдани, се одобрува поднесување на привремена или непотполна стокова декларација, под услов таа да ги содржи поединостите кои царината ги смета за неопходни и декларантот да ја превземе одговорноста за дополнување на декларацијата во определен период.

3.14. Стандард
Ако царината евидентира привремена или непотполна стокова декарација, тарифниот третман кој се применува на стоката нема да се разликува од оној што би бил применет доколку уште од почетокот била поднесена комплетна и исправна стокова декларација.

3.15. Стандард
Царината бара поднесување на оригинална стокова декларација и најмал потребен број на копии.

(б) Докумнети кои се приложуваат кон декларацијата

3.16. Стандард
Во прилог на стоковата декларација царината ги бара само оние документи потребни да овозможат контрола на дејствието и со кои се осигурува дека сите барања поврзани со примена на царинските прописи се исполнети.

3.17. Стандард
Кога одредени документи кои се приложуваат не може да се поднесат со стоковата декларација, од причини што царината ги смета за оправдани, се одобрува поднесување на на таквите документи во определен период.

3.18. Преоден стандард
Царината дозволува поднесување на документи кои се приложуваат кон декларацијата по електронски пат.

3.19. Стандард
Царината нема да бара превод на поединостите во документите кои се приложуваат кон декларацијата освен кога тоа е потребно за обработка на стоковата декларација.

Поднесување, евидентирање и проверка на стоковата декларација

3.20. Стандард
Царината дозволува поднесување на стокова декларација во било која царинска испостава определена за тоа.

3.21. Преоден стандард
Царината дозволува поднесување на стокова декларација по електронски пат.

3.22. Стандард
Стоковата декларација се поднесува во време определено од царината.

3.23. Стандард
Кога националото законодавство предвидува рок за поднесување на стокова декларација, истиот треба да е доволен за да му овозможи на декларантот да ја пополни стоковата декларација и да ги добие бараните документи кои се приложуваат.

3.24. Стандард
На барање на декларантот и за причини што царината ги смета за оправдани, царината го продолжува рокот пропишан за поднесување на стоковата декларација.

3.25. Стандард

Со националното законодавство се донесуваат одредби за поднесување и евидентирање или проверка на стоковата декларација и на документите кои се приложуваат пред престигнување на стоката.

3.26. Стандард
Кога царината не може да ја евидентира стоковата декарација, му ги наведува причините за тоа на декларантот.

3.27. Стандард
Царината му дозволува на декларантот да ја измени стоковата декларација која била поднесена, под услов кога барањето е примено да не е отпочнато со проверка на стоковата декларација или преглед на стоката.

3.28. Преоден стандард
Царината му дозволува на декларантот да ја измени стоковата декларација ако барањето е примено по започнување на проверка на стоковата декларација, доколку причините наведени од декларантот царината ги смета за оправдани.

3.29. Преоден стандард
На декларантот му е дозволено да ја повлече стоковата декларација и да бара друга царинска постапка, под услов барањето за тоа до царината да е направено пред пуштање на стоката и причините за тоа царината да ги смета за оправдани.

3.30. Стандард
Проверка на стоковата декларација се врши во исто време или што е можно побргу по евидентирањето на стоковата декларација.

3.31. Стандард
За целите на проверка на стоковата декларација, царината ги превзема само оние дејства за кои смета дека се неопходни за да обезбеди усогласност со царинските прописи.

Посебни постапки за овластени лице

3.32. Преоден стандард
За овластени лица кои што ги исполнуваат критериумите одредени од царината, вклучувајќи и соодветно досие за постапување во согласност со барањата на царината и ефикасен систем за управување со деловната евиденција, царината овозможува:

- пуштање на стоката по поднесување на минимум информации потребни за идентификација на стоката и дозвола за дополнително дополнување на конечната стокова декларација;
- царинење на стоката во просториите на декларантот или на друго место одобрено од царината;
- и дополнително до степен до кој е можно, други посебни постапки како:

- можност за една стокова декларација за сите увози или извози за даден период кога стоката се увезува или извезува често од едно исто лице;
- користење на деловната евиденција на овластеното лице за самото да ги утврди своите давачки и даночни обврски, и кога е потребно, за да обезбеди постапување во согласност со барањата на царината;
- можност за поднесување на стокова декларација со внесување во евиденцијата на овластеното лице со дополнително поднесување на дополнителна стокова декларација.

Преглед на стока

(а) Време потребно за преглед на стока

3.33. Стандард

Кога царината одлучува дека декларираната стока треба да се прегледа, кон прегледот се пристапува што е можно побргу по евидентрирањето на декларацијата.

3.34. Стандард

Кога се прави распоред на прегледи, приоритет се дава на преглед на живи животни и расиплива стока и на друга стока која царината смета дека е ургентна за преглед.

3.35. Преоден стандард

Ако стоката мора да биде прегледана од други надлежни органи, а царината исто така предвидува преглед, царината треба да обезбеди прегледите да се координирани, а доколку е можно, да биде извршени истовремено.

(б) Присуство на декларантот при преглед на стоката

3.36. Стандард

Царината го проценува барањето на декларантот да присуствува или да биде застапуван при прегледот на стоката. Таквите барања се одобруваат доколку не постојат исклучителни околности.

3.37. Стандард

Доколку царината смета дека е корисно, таа бара од декларантот да присуствува или да биде застапуван при прегледот на стоката за да и даде потрбна помош за олеснување на прегледот.

(в) Земање на мостри од царината

3.38. Стандард

Мостри се земаат само таму каде што царината смета дека тоа е потребно за утврдување на тарифниот опис и/или на декларираната вредност или да се овозможи примена други одредби на националното законодавство. Земените мостри треба да бидат во што е можно помали количини.

Грешки

3.39. Стандард
Царината нема да наметнува потешки казни за грешки за кои смета дека се грешки направени од невнимание и за кои немало намера за измама или груба небрежност. Кога смета дека е потребно да го обесхрабри повторувањето на таквите грешки, казни можат да се наметнат но не поголеми отколку што е тоа потребно за таа цел.

Пуштање на стока

3.40. Стандард
Декларираната стока се пушта веднаш штом царината ќе ја прегледа или одлучи да не врши преглед на истата, доколку:

- не се откриени никакви прекршоци;
- се добиени дозволи за увоз или извоз или било кои други потребни документи;
- се добиени одобренија поврзани со предметната постапка и
- сите давачките и даноци се платени или е превземено соодветно дејствие со кое е обезбедено нивното прибирање.

3.41. Стандард
Доколку царината смета дека декларантот дополнително ќе ги изврши сите потребни формалности за царинење, ја пушта стоката, под услов декларантот да приложи комерцијален или службен документ кој ги дава основните поединости за предметната пратка и кој е прифатлив за царината, и да даде гаранција за да се обезбеди прибирањето на било кои давачки и даноци, кога тоа е потребно.

3.42. Стандард
Кога царината одлучува дека е потребна лабораториска анализа на мострите, детални технички документи или мислење на вешто лице, таа треба да ја пушти стоката пред дознавање на резултатите од таквото испитување, под услов да е дадена потребната гаранција и да е обезбедено дека тие стоки не се предмет на забрана или ограничувања.

3.43. Стандард
Доколку е откриен прекршок, царината нема да чека на завршување на управната или правната постапка пред да ја пушти стоката, под услов стоката да не подлежи на конфискација или одземање или да не биде потребна како доказ во подоцнежна фаза и декларантот да ги плати давачките и даноците и да даде гаранција за да обезбеди прибирање на било кои дополнителни давачки и даноци и било кои кои казни што може да се наметнат.

Отстапување или уништување на стоката

3.44. Стандард

Кога стоката сеуште не е пуштена во домашна употреба или ставена во друга царинска постапка и ако не се откриени прекршоци, од засегнатото лице нема да се бара плаќање на давачките и даноците или ќе има право на враќање:

- кога, на негово барање, таквата стока е отстапена во корист на државата или уништена или е направена комерцијално безвредна под царинска контрола, во зависност од одлуката на царината. Сите трошоци што ќе настанат ги сноси засегнатото лице;

- кога таквата стока е уништена или е неповратно загубена заради несреќа или виша сила, ако таквото уништување или загуба благовремено е утврдено на начин прифатлив за царината;

- недостатоци соодветни на природата на стоката кога таквите недостатоци благовремено се утврдени на начин прифатлив за царината.

Отпадоците или остатоците што ќе останат по уништување, ако се пуштат во домашна употреба или се извезат, подлежат на давачки и даноци кои би се применувале на такви отпадоци или остатоци доколку би биле увезени или извезени во таква состојба.

3.45. Преоден стандард

Кога царината продава стока која не е декларирана во дозволениот временски рок или не можела да се пушти иако не биле откриени прекршоци, приходите од продажбата, по одбивањето на сите давачки и даноци и сите други надоместоци и направени трошоци, се предаваат на оние лица кои се овластени да ги примаат или, кога тоа не е можно, се задржуваат на нивно располагање за одреден период.

ГЛАВА 4
ДАВАЧКИ И ДАНОЦИ
А. Утврдување, прибирање и плаќање на давачки и даноци

4.1. Стандард

Националното законодавство ги одредува околностите под кои настанува обврската за плаќање на давачките и даноците.

4.2. Стандард

Рокот во кој се утврдуваат давачките и даноците кои се применуваат е пропишан во националното законодавство. Утврдувањето се врши што е можно побргу по поднесување на стоковата декларација или по настанување на обврската на друг начин.

4.3. Стандард

Елементите врз основа на кои се пресметуваат давачките и даноците и условите под кои се утврдени се одредени во националното законодавство.

4.4. Стандард

Стапките на давачките и даноците се објавуваат во службено издание.

4.5. Стандард
Националното законодавство го одредува моментот кој треба да се земе предвид за одредување на стапките на давачките и даноците.

4.6. Стандард
Националното законодавство ги одредува методите кои може да се употребуваат за плаќање на давачките и даноците.

4.7. Стандард
Националното законодавство го одредува лицето, односно лицата, одговорни за плаќање на давачките и даноците.

4.8. Стандард
Националното законодавство го одредува датумот на доспевање и местото каде плаќањето треба да се изврши.

4.9. Стандард
Кога националното законодавство одредува дека датумот на доспевање може да биде по пуштање на стоката, датумот на доспевање ќе биде најмалку десет дена по пуштањето. Камата нема да се наплатува за периодот од пуштањето до датумот на доспевање.

4.10. Стандард
Националното законодавство го одредува периодот во кој царината може да превземе законски дејствија за прибирање на давачките и даноците ако не се платени до датумот на доспевање.

4.11. Стандард
Националното законодавство ја одредува стапката на каматата на која подлежи износот на давачките и даноците кои не се платени до датумот на доспевање и условите за примена на таквата камата.

4.12.Стандард
Кога царината и даноците се платени, потврда како доказ за извршено плаќање му се издава на плаќачот, освен доколку постои друг доказ за извршеното плаќање.

4.13. Преоден стандард
Националното законодавство ја одредува минималната вредност и/или минималниот износ на давачки и даноци под кои нема да се наплаќаат давачките и даноците.

4.14. Стандард
Доколку царината открие дека грешка во стоковата декларација или во утврдувањето на давачките и даноците ќе предизвика или предизвикала прибирање или надоместување на

износ на давачки или даноци помалку отколку што законски требало да се наплатат, ги исправа грешките и го прибира недоплатениот износ. Сепак, доколку предметниот износ е помал од минималниот износ одреден во националното законодавство, царината нема да го прибере или надомести тој износ.

Б. Одложување на плаќање на давачките и даноците

4.15. Стандард
Кога националното законодавство предвидува одложено плаќање на давачки и даноци, тогаш треба да ги одреди условите под кои такво олеснување е овозможено.

4.16. Стандард
Одложено плаќање се одобрува, колку што е можно по обем, без наплата на камата.

4.17. Стандард
Периодот за одложено плаќање на давачки и даноци е најмалку четиринаесет дена.

В. Враќање на давачки и даноци

4.18. Стандард
Враќање се одобрува кога е откриено дека давачките и даноците биле пренаплатени како резултат на грешка при нивното утврдување.

4.19. Стандард
Враќање се одобрува за увезена или извезена стока за која е утврдено дека е со недостатоци или на друг начин не е во согласност со договорените технички податоци во време на извозот или увозот и се вратени било на добавувачот или на друго лице одредено од добавувачот, под следниве услови:

- стоката не е обработувана, поправана или употребувана во земјата на увозот и повторно е извезена во разумен рок;

- стоката не е обработувана, поправана или употребувана во земјата каде што биле извезени и повторно е увезена во разумен рок.

Меѓутоа, употребата на стоката не го спречува враќањето, ако таквата употреба била нужна за откривање на недостатоците или другите околности кои го предизвикале повторниот извоз или повторниот увоз на стоката.

Како алтернатива на повторниот извоз или повторен увоз, стоката може да се отстапи во корист на државата или да се уништи или да се направи комерцијално безвредна под царинска контрола, во зависност од одлуката на царината. Таквото отстапување или уништување не смее да предизвика било какви трошоци за државата.

4.20. Преоден стандард

износ на давачки или даноци помалку отколку што законски требало да се наплатат, ги исправа грешките и го прибира недоплатениот износ. Сепак, доколку предметниот износ е помал од минималниот износ одреден во националното законодавство, царината нема да го прибере или надомести тој износ.

Б. Одложување на плаќање на давачките и даноците

4.15. Стандард
Кога националното законодавство предвидува одложено плаќање на давачки и даноци, тогаш треба да ги одреди условите под кои такво олеснување е овозможено.

4.16. Стандард
Одложено плаќање се одобрува, колку што е можно по обем, без наплата на камата.

4.17. Стандард
Периодот за одложено плаќање на давачки и даноци е најмалку четиринаесет дена.

В. Враќање на давачки и даноци

4.18. Стандард
Враќање се одобрува кога е откриено дека давачките и даноците биле пренаплатени како резултат на грешка при нивното утврдување.

4.19. Стандард
Враќање се одобрува за увезена или извезена стока за која е утврдено дека е со недостатоци или на друг начин не е во согласност со договорените технички податоци во време на извозот или увозот и се вратени било на добавувачот или на друго лице одредено од добавувачот, под следниве услови:

- стоката не е обработувана, поправана или употребувана во земјата на увозот и повторно е извезена во разумен рок;

- стоката не е обработувана, поправана или употребувана во земјата каде што биле извезени и повторно е увезена во разумен рок.

Меѓутоа, употребата на стоката не го спречува враќањето, ако таквата употреба била нужна за откривање на недостатоците или другите околности кои го предизвикале повторниот извоз или повторниот увоз на стоката.

Како алтернатива на повторниот извоз или повторен увоз, стоката може да се отстапи во корист на државата или да се уништи или да се направи комерцијално безвредна под царинска контрола, во зависност од одлуката на царината. Таквото отстапување или уништување не смее да предизвика било какви трошоци за државата.

4.20. Преоден стандард

Кога е дадена дозвола од царината за стока која е првично декларирана за царинска постапка со плаќање на давачки и даноци да биде ставена во друга царинска постапка, ќе се направи враќање на сите давачки и даноци кои го надминуваат износот кој се должи за новата постапка.

4.21. Стандард
Одлуката за барањето за враќање се донесува и писмено се известува засегнатото лице, без непотребно одлагање, и враќањето на повеќе наплатениот износ ќе се направи што е можно поскоро по одобрување на барањето.

4.22. Стандард
Кога е утврдено од царината дека е направена поголема наплатата како резултат на грешка на страната на царина при утврдувањето на давачките и даноци, таквото враќање ќе има приоритет.

4.23. Стандард
Кога се утврдени рокови по кои барањата за враќање нема да бидат прифатени, таквите рокови треба да се доволни за да се земат превдид различните околности кои се однесуваат на секој вид на случај во кој враќањето може да биде одобрано.

4.24. Стандард
Враќањето нема да се одобри доколку износот е помал од минимумот одреден во националното законодавство.

ГЛАВА 5
ГАРАНЦИЈА

5.1. Стандард
Националното законодавство ги одредува случаите во кои гаранцијата е потребна и го одредува обликот во кој гаранцијата треба да се поднесе.

5.2. Стандард
Царината го одредува износот на гаранцијата.

5.3. Стандард
На секое лице од кое се бара да обезбеди гаранција му е дозволено да го избере обликот на гаранцијата, под услов да е прифатлив за царината.

5.4. Стандард
Кога националното законодавство овозможува, царината нема да бара гаранција кога смета дека обврската кон царината ќе биде исполнета.

5.5. Стандард

Кога е потребна гаранција за да обезбеди дека обврските кои произлегуваат од царинска постапка ќе бидат исполнети, царината прифаќа општа гаранција, посебно од декларант кој вообичаено декларира стока во разни испостави на царинското подрачје.

5.6. Стандард
Кога е потребна гаранција, износот на гаранцијата треба да е што е можно понизок, а во однос на давачките и даноците, да не го надминува потенцијалниот износ што треба да се наплати.

5.7. Стандард
Кога гаранцијата е поднесена, таа ќе биде вратена што е можно побргу откако царината утврдила дека обврските за кои била дадена гаранцијата биле правилно исполнети.

ГЛАВА 6
ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

6.1. Стандард
Сета стока, вклучувајќи го и превозното средство, која влегува во или го напушта царинското подрачје, без оглед на тоа дали подлежи на давачки и даноци, е предмет на царинска контрола.

6.2. Стандард
Царинската контрола е ограничена на тоа што е неопходно за да се обезбеди усогласеност со царинските прописи.

6.3. Стандард
Во примена на царинската контрола, царината користи управување со ризик.

6.4. Стандард
Царината користи ризични анализи за утврдување кои лица и која стока, вклучувајќи го и превозното средство, ќе се прегледаат, како и на обемот на прегледот.

6.5. Стандард
Царината усвојува стратегија за мерење на усогласеност со прописите како подршка на управувањето со ризик.

6.6. Стандард
Системите на царинска контрола вклучуваат и ревизорска контрола.

6.7. Стандард
Царината ќе настојува да соработува со други царински управи и ќе настојува да склучува договори за меѓусебна административна помош за да ја засили царинската контрола.

6.8. Стандард

Царината ќе настојува да соработува со трговијата и ќе настојува да склучува меморандуми за разбирање за да ја засили царинската контрола.

6.9. Преоден стандард
Царината користи информатичка технологија и електронско работење во најголема можна мерка за да ја засили царинската контрола.

6.10. Стандард
Царината ги оценува деловните системи на трговците кога тие системи имаат влијание на царинските дејствија за да се обезбеди усогласеност со царинските прописи.

ГЛАВА 7
ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

7.1. Стандард
Царината применува информатичка технологија за подршка на царинските дејствија, кога тоа е исплатливо и ефикасно за царината и трговијата. Царината ги одредува условите за нејзината примена.

7.2. Стандард
При воведувањето на компјутерски апликации, царината употребува соодветни меѓународно прифатени стандарди.

7.3. Стандард
Воведувањето на информатичката технологија се спроведува во консултација, во најголема можна мерка, со сите страни на која таа директно се однесува.

7.4. Стандард
Со ново или ревидирано национално законодавство се обезбедува:

- методи на електронско работење како алтернатива на барањата за документи засновани на хартиена;
- електронски методи како и методи на докажување на веродостојност на хартија;
- правото на царината да задржува информации за нејзина сопствена употреба и кога е потребно за размена на овие информации со други царински управи и сите други законски одобрени страни со помош на техники на електронско работење.

ГЛАВА 8
ОДНОС ПОМЕЃУ ЦАРИНАТА И ТРЕТИТЕ СТРАНИ

8.1. Стандард
Засегнатите лица имаат можност да избираат дали работењето со царината ќе го вршат директно или ќе определат трета страна да презема дејствија за нивна сметка.

8.2. Стандард
Националното законодавство одредува услови според кои едно лице може да презема дејствија во име или за сметка на друго лице во работењето со царината, и ја утврдува одговорноста на третите страни спрема царината во однос на давачките и даноците, како и околу сите неправилности.

8.3. Стандард
Царинските дејствија во кои засегнатото лице избрало да работи за своја сметка не треба да бидат третирани понеповолно или пак да бидат предмет на построги барања отколку царинските дејствија кои ги изведува трета страна за засегнатото лице.

8.4. Стандард
Лицето определено како трета страна ги има истите права како лицето што него го определило во врска со прашањата поврзани со работењето со царината.

8.5. Стандард
Царината треба да им обезбеди учество на третите страни во нејзините формални советувања со трговијата.

8.6. Стандард
Царината треба да ги одреди околностите во кои не е подготвена да работи со трета страна.

8.7. Стандард
Царината во писмен облик ја известува третата страна за одлуката да не работи со неа.

ГЛАВА 9
ИНФОРМАЦИИ, ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА НА ЦАРИНАТА
А. Информации од општа примена

9.1. Стандард
Царината треба да обезбеди сите дадени информации од општа примена кои се однесуваат на царинските прописи да бидат достапни на секое заинтересирано лице.

9.2 Стандард
Кога достапната информација треба да биде изменета во зависност од настанатите промени во царинските прописи, административните договори или барања, царината треба да изготви изменета информација која ќе биде достапна доволно однапред, пред да стапат на сила промените, со цел на заинтересираните лица да им се овозможи истата да ја земат предвид, освен во случај кога претходно известување е исклучено.

9.3. Преоден стандард
Царината ја користи информатичката технологија со цел да се зголеми обезбедувањето на информации.

Б. Информации од посебна природа

9.4. Стандард
На барање на заинтересирано лице, царината треба треба да обезбеди, што е можно побргу и поточно, информации за посебни прашања покренати од заинтересираното, а кои се однесуваат на царинските прописи.

9.5. Стандард
Царината не треба да ја обезбеди само посебно бараната информација, туку и секоја друга важна информација за која таа смета дека заинтересираното лице треба да биде запознаено.

9.6. Стандард
Кога царината обезбедува информација, треба да биде сигурна дека не открива детали од приватна и доверлива природа кои се однесуваат на царината или трети лица, освен во случај кога таквото откривање се бара или е одобрено со националното законодавство.

9.7. Стандард
Кога царината не може да обезбеди бесплатна информација, секој наплатен трошок ќе биде ограничен на приближното чинење на извршената услуга.

В. Одлуки и решенија

9.8. Стандард
На писмено барање на засегнатото лице, царината известува за својата одлука во писмена форма во рок одредено со националното законодавство. Кога одлуката е неповолна за засегнатото лице, причините за тоа треба да бидат образложени и треба да е дадена поука за правото на жалба.

9.9. Стандард
Царината издава задолжителни решенија и информации во врска со барањата на заинтересираните лица, под услов да располага со сите информации што ги смета за потребни.

ГЛАВА 10
ЖАЛБИ ВО ЦАРИНСКИ РАБОТИ
А. Право на жалба

10.1. Стандард
Националното законодавство обезебедува право на жалба во царински работи.

10.2. Стандард

Секое лице кое е директно погодено со одлука или пропуст од страна на царината има право на жалба.

10.3. Стандард
На лице директно погодено со одлука или пропуст од страна на царината, откако поднело барање до царината, му се даваат причините за таква одлука или пропуст во рамките на рокот одреден со националното законодавство. Тоа како последица може да има или да нема жалба.

10.4. Стандард
Националното законодавство обезебедува за правото за иницијална жалба до царината.

10.5. Стандард
Кога правото на жалба до царината е одбиено, жалителот има право на понатамошна жалба до орган независен од царинската управа.

10.6. Стандард
Во последна инстанца, жалителот има право на жалба до судските органи.

Б. Форма и основи за жалба

10.7. Стандард
Жалба се поднесува во пишана форма и мора да ги содржи основите на кои е направена.

10.8. Стандард
За поднесување на жалба, по одлука на царината, се одредува временски рок кој треба да да му овозможува на жалителот доволно време да ја проучи оспорената одлука од Глава 10.2. и да подготви жалба.

10.9. Стандард
Кога е поднесена жалба до царината таа нема да бара заедно со жалбата да се поднесат докази кои одат во прилог на жалбата, туку соодветно со околностите ќе овозможи разумен рок за поднесување на такви докази.

В. Разгледување на жалба

10.10. Стандард
Царината донесува одлука по жалба и писмено го известува жалителот за истото, што е можно побргу.

10.11. Стандард
Кога жалбата до царината е одбиена, царината ги наведува причините за истото во пишана форма и му дава на жалителот правна поука за неговото право за поднесување на

понатамошна жалба до управен или независен орган, како и за временскиот рок за поднесување на таква жалба.

10.12. Стандард

Кога жалбата е уважена, царината што е можно побргу ќе постапи според својата одлука или решението на независниот или судскиот орган, освен во случаи кога царината се жали против донесеното решение.

Член 3

Министерството за финансии - Царинска управа се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на овој протокол.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR RATIFIKIMIN E PROTOKOLLIT PËR NDRYSHIMET DHE PLOTËSIMET E KONVENTËS NDËRKOMBËTARE PËR THJESHTËSIMIN DHE HARMONIZIMIN E PROCEDURAVE DOGANORE

Neni 1

Ratifikohet Protokolli për ndryshimet dhe plotësimet e Konventës ndërkombëtare për thjeshtësimin dhe harmonizimin e procedurave doganore, të miratuar në Bruksel, më 26 qershor 1999.

Neni 2

Protokolli në origjinal në gjuhën angleze dhe në përkthim në gjuhën maqedonase, si vijon:

Neni 3

Ministria e Financave-Drejtoria Doganore përcaktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e këtij Protokolli.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.
Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008165